# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од петтото продолжение на Четириесеттата седница на
Собранието на Република Македонија,
одржана на 4 декември 2003 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе почнеме со работа.

Претставникот на Владата уште не е пристигнат, па дали можам да добијам согласност од пратениците, бидејќи претставникот на Владата е на пат кон Собранието, па да продолжиме со работа.

Бидејќи позицијата се согласи, дали имам согласност од опозицијата.

Дали можеме да почнеме.

(Во овој момент пристигна министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов).

Продолжуваме со работа по Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Елеонора Петрова Митевска, Хисни Шаќири, Љупчо Балкоски, Илија Китановски, Петар Наумовски, Ристо Пејовски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Зоран Шапуриќ, Нелко Стојановски, Цветле Јаневска, Иван Анастасовски, Благоја Гешовски, Зоран Заев, Ќенан Касипи, Абдулаќим Адеми, Талат Џафери, Фазли Велиу, Али Ахмети, Зоран Крстевски и Трифун Костовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, со Предлог на закон.

Господинот Аднан Јашари има збор, а по него нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги, почитувани претставници на Министерството за внатрешни работи,

Ќе се обидам, во интерес на времето, да не го повторувам сето она што беше искажано вчера по однос на овој Предлог на закон и да бидам поконкретен и појасен во моите тези.

Сите знаеме дека државата претставува една територијална заедница која на својата територија одредува кои лица ќе бидат под негово владеење. Затоа и со право се кажува дека државјанството претставува силна врска врз основа на кое се одредува припадноста на едно лице во една држава. Оваа врска има правно јавен карактер затоа што лицето кое се стекнува со еден таков статус може да ги реализира сите права било да се од економски карактер, политички, општествен, права кои ги обезбедува соодветната држава само за сопствените државјани. И покрај тоа оние кои се занимаваат со меѓународното право знаат дека државјанството има значење од национален карактер и е еден од главните елементи од меѓународен карактер.

Поради значењето кое го има државата било да е на внатрешен или меѓународен план сите држави вклучително и Република Македонија, начините и условите за стекнување на државјанство како и нивно прекинување се определуваат со посебни закони на Република Македонија. Веднаш по нејзиното осаностојување имајќи го предвид значењето што го има државјанството во 1992 година се усвои Законот за државјанство. Овој закон во суштина предвидува три форми на стекнување на државјанство и тоа класично преку раѓање, потекло и натурализација, форми кои се познати од самото Римско право како и нова форма на стекнување на државјанство преку меѓународни договори.

И покрај тоа Законот за кој разговараме, по мое мислење, во многу елементи не содејствуваше со реалноста по осамостојувањето на Република Македонија и со тогашната фактичка ситуација.

По мое мислење, почитувани колеги, две се главните причини поради кои треба да се поддржи Предлогот за изменување и дополнување на овој закон:

Прво, сите знаеме дека Република Македонија ја ратификуваше Европската конвенција за државјанство, конвенција која сега во согласност со членот 118 од Уставот на Република Македонија стана составен дел на правниот систем. Не смее да има два акта кои регулираат иста сфера кои во меѓусебе се во спротивност. Поради ова предлагачот преку одредени измени и дополнувања на овој закон со одредби од Европската конвенција за државјанство прави обид да ги усогласи одредбите меѓу овие

два акти, што во суштина е јасно во многу одредби, а посебно би застанал на одреден број од нив.

Прво, членот 2 Европската конвенција за државјанство во тој член се прави дефиниција на државјанството каде се изразува врската која не ја изразува етничката припадност на лицата што мислам дека има големо значење затоа што на овој начин јасно се определува разликата меѓу државјанството и етницитетот како тема која би се искористила за определување на државјанството.

Оваа дефиниција, господа, ан блок се предвидува во Предлог текстот на законот поради оваа дефиниција во Европската конвенција за државјанство и предложениот текст на законот се предвидуваат и други одредби кои се однесуваат на недискриминацијата врз верски основи, ранси, етнички, полови итн, независно од фактот дека се работи за државјани и начинот на стекнување со овој статус.

Ова, според мене, е можеби главната причина поради која се предложени измените и во текстот на овој Предлго закон, измени кои впрочем се поддржани и од голем број експерти од Европа.

Понатаму се врши проширување на категоријата на лица кои можат да се стекнат со државјанство. Така, со дадените предлози освен децата кои се најдени на територијата на Република Македонија чии родители се непознати државјанство сега можат да добијат и децата родени на територијата на Република Македонија чии родители се непознати или без државјанство, што впрочем е во согласност со одредбите на Европската конвенција во членот 6 од таа Конвенција.

Измени се прават и во однос на стекнувањето со државјанство преку натурализација, јас посебно би сакал да го истакнам намалувањето на рокот за престој на територијата на Република Македонија како услов од 15 на 8 години, што исто така содејствува во членот 6 алинеја 3 од Европската конвенција за државјанство.

Почитувани колеги,

Најголемиот недостаток на постоечкиот Закон за државјанство поради кој најверојатно се имаат направено големи неправди е користењето на дискреционото право, право кое е издадено од надлежниот орган со цел да решава како што сака без никаква потреба да го оправда делувањето на предложените измени на текстот на законот, орган кој ќе решава во иднина за некое барање сега ќе биде обврзан да ги истакне и причините за или против неговата одлука што во суштина значи елиминирање на ова дискреционо право.

Овие измени се засноваат врз членот 11 од Европската конвенција каде се бара од државите потписнички во одлуките во врска со давањето или одземањето на државјанството да се внесе и соодветното образложение за тој чин.

Исто така преку овие предложени измени во предложениот текст се отстрануваат и фаворизирањето и дискриминацијата на странците кои припаѓаат на една етничка заедница во споредба со други странци во случај кога нивното давање на државјанство претставува национален интерес. Ова се служува затоа што зборот државјанство во суштина се разликува од зборот етничка припадност, а сето ова е во согласност со членот 5 алинеја 1 од Европската конвенција со која се бара елиминација на било каква дискриминација врз национални, етнички, расни и полови основи.

Друга причина поради која мислам дека треба да се поддржи Предлог законот е дека преку овој закон кој е на сила не се постигнат целта од некои држави од поранешна Југославија кои во времето на осамостојувањето на Република Македонија живееја во Република Македонија да се стекнат со државјанство на Република Македонија.

Причините зошто ова се случи се од различна природа, меѓутоа, би сакал да ги истакнам факторите, условите кои се имаат предвид за стекнување на државјанство во постојниот закон. Овие услови можат да се предвидат за класични странци, меѓутоа, не и за лица кои во време на сукцесијата живееле на територијата на Република Македонија и биле државјани на заедничката поранешна држава која се викаше Југославија.

Во овој случај би сакал да истакнам дека за разлика од овој закон, Законот за државјанство на остатокот на Југославија односно Србија и Црна Гора членот 46, законот на Хрватска, да не ги спомнувам сите, во одредбите со кои се регулира статусот на граѓаните на поранешна Југославија во суштина не предвиделе такви лимитирачки фактори кои предизвикале одредени проблеми во текот на решавањето на поедини случаи, рабаќа на лица кои биле поранешни државјани на поранешните југословенски републики.

Кога се има предвид фактот кога овие лица и натаму продолжуваат да живеат на територијата на Република Македонија, плаќаат разни даноци, голем број од нив дури служеле војска во Република Македонија, а нивниот статус и натаму останува нерешен во континуитет. Во таа насока сакам да истакнам дека овие лица со нерешен статус не се само Албанци иако најголем број од нив се Албанци затоа што Албанците се тие кои со години шетаа од шалтер на шалтер за да го решат својот статус и на крај резултатот беше негативен.

Во оваа ситуација, почитувани колеги, се поставува дилемата дали воопшто можеби интересот на Република Македонија е да го реши или да не го реши статусот на државјаните. Мислам дека нема дилема, нивниот статус мора апсолутно да се реши затоа што само на тој начин ќе надвладееме над војната против феноменот наречен апатризам кој е еден од главните начела на Европската конвенција со која на државите потписнички на оваа Конвенција се бара недржавјанствата, апатридноста да биде апсолутно елиминирана.

Кога сме кај Европската конвенција за државјанство сакам да истакнам дека оваа Конвенција цело едно поглавје му го посветува на државјанството членот 18 алинеја 1 и што во суштина предвидува одредени фактори кои државите треба да ги имаат предвид во текот на сукцесијата.

Овие фактори, би сакал да ве информирам, дека како основни начела за стекнување на државјанството се предвидуваат и во многу други меѓународни инструменти меѓу кои и во Декларацијата на Венецијанската комисија, а според информациите кои јас ги имам од Советот на Европа, моментално врз основа на овие фактори подготвува еден нов инструмент во областа на сукцесијата на државите и на недржавјанството, на апатридноста.

Сакам да нагласам дека вакви совети даваат и експерти на Советот на Европа. Во Извештајот кој го има како коментар во однос на Предлог текстот за државјанството што го имаме како точка на дневен ред, не сакам да ви одземам многу време, да ве информирам дека јас лижно ќе го поддржам овој Предлог на закон иако имам доста забелешки во врска со текстот на законот, но сепак начелно мислам дека Предлог законот ќе ја реши фактичката состојба на сите оние кои се соочиле со немањето државјанство.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Јашари.

Реплика има г. Замир Дика.

Повелете, три минути.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам г. претседателе,

Мислам дека со голем дел од дискусијата и ставовите на колегата се согласувам, но на крајот би го прашал дали овој закон го решава прашањето на албанците кои 10 години не добиле државјанство врз основа на сукцесија или не.

Јас не разбрав дали законот е добар или лош?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута.

АДНАН ЈАШАРИ:

Вака, проблемот е прво да се усвои законот, а потоа ќе видиме дали ќе ги реши постојните проблеми и доколку се усвои или не. Доколку не се усвои мислам дека, сигурно знаете, постои предлог за измени и дополнувања на законот затоа се предвидени овие одредби, повторно ќе се преземе иницијатива за измени и дополнувања на законот и мислам дека е тоа законско право, но над се мислам дека е добро да се види дали ќе се решат или не откако ќе се усвои законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Спиро Мавровски, а некак се подготви пратеникот Теута Арифи.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

Новите измени и дополнувања на Законот за државјанство на Република Македонија предизвикаа голем интерес кај јавноста, кај политичарите токму поради фактот што претходната законска регулатива беше на постојан удар и критика од меѓународните организации кои востановија некои слабости и недоречености во законската легислатива. Најмногу беше критикувана токму од албанскиот блок во Република Македонија  и тоа посебно за некои делови од истиот закон, тоа е должината на законскиот престој кој беше 15 години, условоте психофизички да биде здрав како основ за стекнување на државјанство со природување, членот 11        од Законот е многу често посочуван како лошо и дискриминаторско решение за стекнување државјанство под особено привилегирачки услови за Македонците по потекло, подобност од аспект на

одбраната и безбедноста на државата за стекнување на државјанство со природување согласно член 7 и 9 од Законот.

Условот постојан извор на средства за егзистенција и обезбеден стан и последното беше неможност да се стекне со државјанство лицата државјани на некои од поранешните југословенски републики, а кои во моментот на осамостојувањето на Република Македонија, па до денес живеат во Република Македонија, но не го регулирале законскиот престој, а со тоа и државјанството.

Но со овој нов закон повторно се подгреваат националистичките страсти и страв од мајоризација на едната и на другата националност што ги влошила вкупните состојби во 2001 година, а исто и со политизирањето на резултатите од пописот 2002 година, за кој резултати допрва ќе треба да се приговара.

Треба да се знае дека Република Македонија беше меѓу првиоте кои ја потпишаа Европската конвенција за државјанство на 6.11.1997 година која спогодба подоцна ја ратификуваше и Македонскиот Парламент на 18.02.2002 година.

Со донесувањето на Законот во 1992 година па наваму бил предмет на посебни анализи поради должината на законскиот престој кој не бил толку критикуван за делот на натурализацијата, туку дека станува збор за делот кој се однесува на оние граѓани, странски државјани во Република Македонија и за транзициската одредба од член 26, кој се однесува на оние граѓани кои се затекнати на територијата на Република Македонија во моментот на осамостојувањето, а имаат државјанство на другите републики.

Токму заради тоа во 1999 година беше формиран експертски тим кој започна да работи на измени и дополнувања на овој закон, а во овој експертски тим беа вклучени и експерти од Правен факултет, од Министерството за внатрешни, Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, Јавното обвинителство и од Врховниот суд. Направена е првична информација до Советот на Европа и до Високиот комесерјат за бегалци и оттаму се одржаа два семинара со експерти од Европската Унија, кои оценија дека овие измени се во ред и дека треба да се вградат во нашите законски проекти. Но со овие измени треба да се провери се она што се случи 1992 година, колку се издадени државјанства, дали се тоа странци кои сакаат да живеат во Република Македонија, т.е. механички прилив, или пак станува збор за луѓе кои во меѓувреме од 1992 година наваму се доселиле во Република Македонија. Ние имаме како категорија неколку типа на странци, странци по потекло од поранешните југословенски републики, втората категорија странци која ја објаснуваше и министерот и третата група стекнување на државјанство по основа на брачни другари. Јас мислам дека Законот за изменување и дополнување на Законот  за државјанство, ќе овозможи усогласување на домашната

легислатива, со веќе ратификуваната конвенција, но мора да ги отсликува спецификите и потребите на националниот интерес на Република Македонија, што во одредени сегменти во самото законско решение, предлогот на законското решение мислам дека не се во ред.

Со новиот закон Владата како сама да си ги врзува рацете и го носи најштетното решение. Така да сега по автоматизам ќе мора да им издаде државјанство на секој иселеник кој тоа ќе го побара. Владата цело време се повикува на Европската конвенција за државјанство, но самите експерти кажуваат нешто друго, а тоа дека во спорните решенија на новиот закон тие не учествувале и не произлегуваат од Европската конвенција за државјанство, туку дека тоа е производ на пазарење во владината коалиција кој одлуки многу тешко ќе се преточат во реалност.

Би сакал нешто да проговорам за она што го имаме како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството. Би почнал со член 3. Член 3 во став 3 има обезбедено стан и постојан извор на егзистенција во висина која овозможува материјална и социјална сигурност под услови утврдени со закон. Ова е во ред, но што досега и како досега кога гледаме дека социјалата од ден на ден се зголемува и мислам дека имаме голем проблем токму и овие луѓе што очекуваат и сакат да ги добијат овие државјанства се токму таква категорија на луе кои што уште повеќе ќе го оптоварат буџетот и граѓаните што ги даваат своите давачки ќе им бидат зголемени со уште повеќе давачки. Значи тоа е став 3. Став 6 да го владее македонскиот јазик до тој степен да може лесно да се разбира со околината. Ова е господа, за барање државјанство. Но за жал ни се случи да имаме потпретседател на Влада кој не го говори македонскиот јазик и кој многу интензивно го учеше, а незнам од кога има државјанство на Република Македонија и што и како беа условите истиот да го поставиме за потпретседател на Владата и колку може сега да го владее македонскиот јазик после поминати година ипол на раководно место и претставувајќи ја Република Македонија и сите нас тука заедно. Значи тоа е став 6.

Став 9 да потпише заклетва дека ќе биде лојален граѓанин на Република Македонија. Господа, ова е во член 3 за истото имаме објаснување и нов член, тоа е членот 7-б кој што ја објаснува оваа работа дека лојалноста треба да биде издадена на тој начин, се колнам во честа дека ќе бидам лојален граѓанин на државата Република Македонија и ќе ги почитувам Уставот и законите, ќе ги исполнувам должностите на државјанин на Република Македонија. Јас сега би прашал една работа колегата Марјан Ѓорчев вчера имаше излагање во кое што добро ги образложи сите работи, не сакам да се повторувам во делот како луѓето ја гледаат лојалноста кон државата, посебно во

Америка, но ние стигнавме во ситуација да амнестираме 12.000 луѓе кои што не си ја извршија својата обврска кон државата значи не биле лојални, или не ги исполниле должностите кон државата. Од нив, за жал се држиме цело време на еден процент, кажуваме дека треба да бидат 20%, но од тие 12.000, повеќе од 8.000 беа од албанска националност. Значи стигнуваме до еден проблем што кога лојалноста не е покажана кон државата Република Македонија. што се случува тогаш? Дали некој го губи државјанството на Република Македонија, дали завршува во затвор, дали е протеран од Република Македонија, тој дел дали воопшто го анализирал или го гледал и кое е решението за сите оние кои не се лојални, кои кренале рака врз уставниот и секако, закнскиот поредок на Република Македонија. Значи тоа е голем проблем за кој што треба да се најде решение и за кое што знаеме, затоа што ако на ваков начин, на лесен начин се добива државјанство на Република Македонија, што би се случило после тоа кога истите луѓе не ги задоволуваат основните критериуми по кој што треба да бидат државјани на Република Македонија.

Понатаму, мислам дека би дошле до членот 8 за кој што цело време има многу дилеми за мене нема дилема затоа што во членот 8 има два става од кои првиот странец кој ги исполнува условите од членот 7 став 1 точка 1 и 8 од овој закон, може со природување да стекне државјанство на Република Македонија, ако тоа претставува основен, научен, економски, културен, спортски и друг национален интерес и ставот 2 за сите граѓани по потекло од Република Македонија кои живеат надвор од границите на Република Македонија се претпоставува националниот интерес во смисла на став 1 на овој член. Јас мислам дека овој став, токму тоа е поентата каде што ќе падне сето ова и каде што ќе имаме големи проблеми. Апсолутно неприфатлив е предлогот за став 2 од член 8. За сите граѓани по потекло од Република Македонија кои живеат надвор од границите на Република Македонија се претпоставува националниот интерес во смисла на став 1. Независно дали ќе се дополни овој став и со македонците по потекло овој основ отвора огромна порта македонско државјанство да побараат и да бидат примени огромен број на лица, кои не само што не живеат во Република Македонија, туку и немаат никаква ефективна поврзаност со државата. Ова особено може да важи за околу 208.000 лица кои што се иселиле од 1956 до 1968 година од Република Македонија, моментално се наоѓаат во Република Турција, врз основа на таканаречениот џентлменски договор. Што би се случило, јас само прашувам, доколку сите тие луѓе во моментот сигурно дека нивните фамилии бројат многу повеќе, би побарале државјанство врз основа на етничката структура што ја добивме во моментот од последнот попис, тогаш мислам дека во Македонија ќе настане прав хаос. Јас незнам зошто некој цело време бега од една и

основна работа да биде македонец по потекло, или македонец по род кога сите соседни држави некои се членки веќе на Европската Унија, некои се пред вратите на Европската Унија, го прават токму тоа, си го заштитуваат својот сопствен народ, а ние во нашата држава ни е срам или незнам која е причината да не стои македонци по потекло. Мислам дека правиме еден преседан кон тие луѓе и преседанот може да биде многу голем, за кои што ќе проговорам малку подоцна.

Би сакал нешто да кажам за говорот на министерот Костов кој мислев дека навистина е министер за внатрешни работи, но тој се служи со такви полициски информации и ги презентира пред јавноста исти онакви какви што може да се прочита во илјадници досиеја правени од УДБА во некои други времиња или можеби сега МВР го работи. Изнесувате што се зборувло на состанокот на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ од кои што состанок произлегува јавно соопштение. Кажувате што некому кажал некој бивш министер после завршувањето на емисијата на Телевизија А-1. Господине министре ве слушавме и вас и на телевизија, но и од оваа говорница не ме убедивте во ништо. Да почнеме со ред. Образлагате за итноста од донесувањето, кога кажувавте рокови, квартали, беше тоа последно пред два месеци. Сега велите дека ќе чеката две недели за расправа, но еве вчера, ве немаше цел ден, а вашите помошници збор не кажаа, им требаше асистенција од нашите колеги од СДСМ за да го поддржат предложениот закон и предлог од ваша страна. Но за вас е многу битно ова другото. Битно е да се донесе, рокот не е битен, битно е ова првото. Јас сега ќе прашам, вие самите тоа го кажавте, значи Словенија влегува во Европската Унија, а Грција е многу порано од нас во Европската Унија, вакви работи не направиле и никој не им направил проблем за да бидат. Значи националното она што треба да го решиме во Република Македонија, треба да бидеме достоинствени и да кажеме дека ова можеме или неможеме. Имаме притисок, имаме договор, се прави коалиција, се прави и се растура коалиција, мора да му објасните на македонскиот народ за што се работи. Затоа што на ваков начин преку протуркување на некои европски начини на видување и евроинтеграција ќе се заташкуваат некои работи кои утре можат да бидат фатални по опстанокот на државата, мислам дека не држи место. Велиме дека експертите, предвидуваат, вие кажавте дека со овој закон ќе ги решиме проблемите на лица кои биле државјани на СФРЈ и кои долго живеат на територијата на Република Македонија, но експертите предвидуваат уште поголеми проблеми во реализацијата на новиот закон, затоа што ќе решиме еден или два проблема, а ќе отвориме лепеза на многу други проблеми, така да тука допрва треба да се размислува. Затоа господине министре се работи за национален интерес, секој избрзан потез може да има далекусежни последици, за тоа треба внимание, елаборации,

затоа што Република Македонија не почнала со нас, но треба да се замислиме и многу сериозно да се замислиме, дали нема да заврши со нас. Да не даде господ. Потоа говорите за бројки и букви, па сакате се да демантирате бидејќи не е точно дека опозицијата манипулира со некои бројки. Очекував навистина да ме убедите во таквите работи кога ги нема вистинските бројки и резултати, но вие изнесовте вакви факти. Велите дека опозицијата кажувала дека се издадени 140.000 државјанства. Вие сето ова го повргнувате и кажувате дека се издадени 113.180 државјанства, или нешто повеќе од 80% од она што го говорела опозицијата. Јас очекував господине министре дека ќе кажете дека во Република Македонија се издадени само 10.000 до 15.000 држвјанства и дека сето тоа е манипулација и дека на таков начин се работеле работите. Но дури сега гледам зошто ни зборувавте за изборите 1994-1996 година и кога се издавани тие државјанства. Не можете да се демантирате самите кога 1993 година пред изборите 1994 година се издадени некаде околу 48.238 државјанства. Пред изборите 1996 година се издадени 16.900 државјанства, а вие цело време и упорно инсистирате кои се тие фантомски 7.500 државјанства на македонци, кои што се за првиот пат од 1993 година за 6 пати помалку, од 1995 година за два пати помалку и упорно ја претставувате таа теза дека тие 7.500 се повеќе од 48.000, се повеќе од 16.000, а за адресите и местата на живеење на тие претходни 66.000, немате информација, или се повторно на некоја улица без број. Еден ден по се изгледа, сите македонци ќе станат фантоми како што и беа години наназад, кога сите бевме декларирани за бугари, за грци, за срби, само не македонци.

Втората теза дека бројот на оние што ќе побараат државјанство е некаде 1.300 барања. Имате во моментот на обработка околу 509 такви предмети, значи вкупно 1809 луѓе, но сега ни објаснувате како можни кои што можат да го добијат тоа дсржавјанство е бројката на пријавени странци со привремен престој од некаде 10115 луѓе и 602 лица со постојан престој. Не ни давате информација колку од нив се со постојанс престој и колку се повеќе од 8 години во Република Македонија. Кажувте дека се тие некои експерти, професори, директори, електроинженери и уште што не во некои фирми кои што работат во Македонија. За жал ги гледаме колку се странските инвестиции во Република Македонија. Можеби во последно време се зголемени во поголем број адвокатите кои ги бранат овие фирми пред судовите во Република Македонија бидејќи сакаме и нив да ги избркаме од тука, значи може да е тоа причината, а вие не ја образложивте. И сега, би сакал да кажам една работа дека западните земји ја водат таа политика за зачувување на својата држава и дефинирање кои луѓе можат да добијат привремен престој и кој воопшто може да влезе во државата. Некаде имате виза А, Б, Ц, можете да добиете

привремен, но не и постојан престој на живеење. Државата одлучува дали на истата им треба структура на население кое ќе се насели да бидат електроинжинери, бизнисмени, економисти, или пак да бидат физички работници, луѓе кои живеат од социјална помош и многу други бенефиции кои државата треба да им ги даде од она што го плаќаат останатите граѓани како давачки. Значи во моментот кога еден граѓанин ќе побара од државата да го регулира престојот, а оценува дали ќе  му дозволи да биде во земјата, или нема да му дозволи. Токму поради ова непридржување на сите овие работи се случува да добиеме некои резултати кои воопшто не претставуваат природен тек на работите и природно настанување на сите овие проблеми. Тоа значи дека ако на првиот попис 1946 година во Република Македоња имало 896.000 македонци и 106.000 албанци на последниот попис и резултатите што ги добивме стгинувме до бројката од 1290 со 500.000. Значи еден однос и сразмер од 9:1, за 60 години, не се ни 60 години се претвора од размер од 2,5 спрема 1. Мислам незнам колкав да биде природниот наталитет и развој на албанската националност во Република Македонија, мислам дека на таков начин без механички прилив до овие бројки нема теорија да се стигне. А што ќе се случи понатаму, кога и овие странци кои што се по потекло од Република Македонија кои живеат надвор од Република Македонија, ќе ги добијат овие државјанства, што тоа го испушта министерот да го пресмета колку би биле тие, јас кажав само теоретски можности за 208.000 на овие што се во Турција. Колку во моментот се наоѓаат во западните земји на луѓе кои што се родени тука или кои што биле породени, а луѓето немале ни престој, немале ни државјанство, немале ни ништо, со овој закон ќе можат да го добијат тоа државјанство, таа бројка мислам дека многу тешко некој ќе може да ни ја изнесе и да ни ја искаже колку и каде и како ќе биде сета оваа.

Јас мислам дека со измените и дополнувањата на Законот за државјанство Владата ја брише таа можност утврдена во член 11 за прием на македонско државјанство, посебно и по исклучок за сите македонци по потекло кои што живеат надвор од границите на Република Македонија, а што ги опфаќа сите етнички македонци во цел свет и ја заменува со формулацијата “македонски државјани”, посебно за сите граѓани на Република Македонија “кои живеат надвор од нејзините граници”, а што подразбира само државјанство “државјани на Република Македонија независно од нивното етничко потекло”.

Ви зборувате дека ние како политичка партија вршиме притисок и маркетинг и сакаме да добиеме политички поени. Жалното е што господата, многу често се повикуваме на нашата дијаспора, на луѓето кои што имаат македонско национално потекло во моментите коа ќе треба економска помош за оваа држава, и тие мислам дека

ќе го дадат истото, но нивниот проблем сега го прави уште поголем, затоа што и тие очигледно не не разбраа и ова што се брише “македонците по потекло”, и самите имаат проблем со нивните писма, кои што сигурно и вие ги добивте од Здружението на македонците од егејскиот дел на Македонија, во кое кажуваат, една поента би извлекол “секој македонец си има право на македонско државјанство без разлика каде се родил и живее”. Апелот на македонците од Пиринска Македонија дека укинувањето на членот 11 крајно ќе ги обезвредни и понижи македонците на Балканот и во светот. Оневозможувањето да бидат македонци и македонски граани е еднакво не само на национален нихилизам, туку и на државно предавство. Во крајна линија Македонија треба да припаѓа на македонците. Господа, ова се пишување на луѓе од дијаспората кои ги виделе овие проблеми многу повеќе од нас, кои ги доживуваат и сега и кои се борат за основните човечки права. Ние во нашата држава обезбедивме за голем број од националностите, ако не и за сите, за некои многу повеќе отколку што припаѓа по и еден закон што постои моментално во светот, но тоа е тоа. Би бил среќен ако заедно зо овие господа кои што живеат во Република Македонија почнеме да се бориме за некои права на овој балкански простор каде што многу луѓе се изнесени на различни страни од границите да ги уживаат истите права како што ги имале и овие наши луѓе кои што живеат тука. Секако дека по прашањето за македонското државјанство за македонците по потекло јавноста се доведува во заблуда. Се создава конфузија во јавното мислење, дури и впечаток за лажна дискриминација кон граѓаните кои се македонци по државјанство. Всушност, станува збор за демонтажа на Република Македонија од национална држава на македонскиот народ во држава на граѓани, кои што треба да се се само не македонци. Оваа демонтажа на државата се сведува на нешто досега е видено и за жал реализирано во овие 13 години. Тоа беше промена на името на државата, каде што уште во светски рамки сме една смешна држава и повикот за жал и од Министерството за надворешни работи, сеуште го прифаќаат тој повик кога ние и како пратеници бевме повикувани да бидеме бивша југословенска република на состанок на земјите од Источна Европа, каде што се сите останати бивши југословенски републики, но за жал сите се сега Република Хрватска, Словенија, Србија и Црна Гора, значи и Југославија повеќе ја нема. Остануваме ние да бидеме бивша југословенска република, што неможеме да прифатиме ни како држава ни како народ.

Изедначување на македонскиот народ со една од многуте етнички заедници во сопствената држава. Тоа се стори од еднанационална се направи бинационална држава.

Редефинирање на Република Македонија во држава на малцинства меѓу кои се и македонците како едно од многуте малцинства.

Изедначување на Македонската православна црква во една од многуте ретки заедници во државата. Овие проблеми што сега се случуваат се токму тоа. Грција во Европската Унија, но Грчката православна црква е заштитена од сите аспекти, посебно од државата.

Раскинување на врските со македонците од соседните држави и македонците иселеници од етноисториските граници на Република Македонија. Значи тоа е направено, променет е Уставот, променети се членови од Уставот во кои што јавно се откажуваме од сите овие работи и сега се враќаме во ситуација каде што и ова што е дадено на нашите простори како права, не да се правата многу, туку како хуманисти нормално дека секој граѓанин на оваа држава треба да ги ужива основните права и слободи како што ги има секаде во светот и во Европа, но сепак да не заборавиме дека ова е Македонија, ние имаме една држава, држава на македонскиот народ која што во моментот е таква каква што е, но ако продолжиме со ова ќе ја немаме и таква каква што е.

Во сите држави во светот постојат само национални држави, додека анационалните ги нема, не постојат, а во Република Македонија власта не убедува дека треба да формираме граѓанска држава во која што треба да се денационализира македонскиот народ во сопствената македонска држава.

Ако ги видиме сите услови под кои што соседните држави обезбедуваат прием на државјанство за своите сонародници кои што се наоѓаат надвор од границите без да го повредат територијалниот интегритет и да ја загрозат границата на Република Македонија, ќе видиме дека тие воопшто не поставуваат проблем за тоа дали овие луѓе порано живееле во нивната држава, значи и сега после 40 години токму поради тоа што некој не се чувствува Грк по род, едноставно не може да оди во Грција. Значи, тоа не е са нив никаква срамна работа, не е нешто што е надвор од нивниот закон, тоа важи и сега ако сте Грк по род многу брзо и веднаш без да важат било кои закони за добивање на грчкото државјанство вие ќе го добиете. Во случајот тоа кај нас се избегнува, некои луѓе кои што воопшто не биле родени ниту имаат некоја врска со Република Македонија, ако се префрлиме на она што беше македонско државјанство што го поседувавме во рамките на поранешната СФРЈ, имавме еден проблем, голем проблем на актуелни граѓани кои што сеуќте живеат во Република Македонија и кои што во тоа време отслужувале воени рокови во ЈНА, ги плаќале сите давачки и биле дел од овој процес неможеле да добијат едноставно грчка виза, затоа сигурно не била крива рција, била државата во која што припаѓаат. Затоа и ние како граѓани на Република Македонија сите заедно треба да се

изборими за тие права, рушење на Шенкен границата, што во моментот сигурно е една мислена именка, далеку од нас, затоа што не сме ни почнале, ние зборуваме само за евроинтеграции, а цело време, се повеќе и повеќе се гетоизираме, остануваме во една средина која што ќе ни прави многу проблеми.

Со новиот Предлог на закон што го нуди министерот, за жал гледам повторно излезе, изгледа е зафатен доста, би сакал да го прашам неколку работи. Дали го знае податокот колку во ова време се иселени луѓе од Република Македонија од албанска националност поради тоа што врз нив поради овие дискриминаторски закони, кои што не му даваат 15 години можност да земат македонско државјанство, поради нашата социјална структура и начинот на кој што економски живее Република Македонија, колку од нив се иселени од Република Македонија. Јас знам за економската миграција седумдесетите години кога голем број од македонското население, посебно од Битола, кое што е и во моментот, само се намалува од година во година по бројот на жители, затоа што луѓето ја бараат егзистенцијата надвор од Република Македонија и дали има податок колкав е бројот на државјани во Репулика Македонија кои во моментот поседуваат двојно државјанство на било која држава од нашите соседи. Би било тоа интересно да го имаме како податок како пратеници, да можеме да знаеме за да не се доведеме во ситуација со донесувањето на овој закон да не знаеме колку луѓе ќе побараат и побаруваат државјанство на Република Македонија. Министерот кажува за 1800, но истиот кажува уште 12.000 кои што во моментот живеат и се пријавени со привремен престој во Република Македонија. Затоа господа треба многу внимание, ова треба да се елаборира. За да се донесе еден ваков закон грешката може да се направи многу брзо, но за исправување како за многу работи до сега оди многу тешко. За нешто ни беше ветувано два месеци, за нешто ни беше ветувано две години, поминаа 13 години ништо не се промени, оди на полошо па затоа да мислиме и да размислуваме што и како.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално бара збор господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Денеска во Агендата за работата на Парламентот е предвидена и оваа седница, но за 11 часот е предвидена работа на Законодавно-правната комисија. Би го замолил претседателот да биде практика на денот кога имаме парламентарна седница да почнува во 10 часот, во 11, во 14, значи пратениците треба да напуштат седница и да одат на седница на комисија. Да не биде практика, не станува збор замо за една специфична

комисија, туку треба да знаеме дали ќе продолжиме вака на регуларен начин, да имаме истовремено и сеанси на Парламентот и седници на комисиите. Мислам дека треба да се одвои тоа и да се направи во некое друго време или некој друг ден.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да стои тој проблем, но ние мора да работиме. Расправата и дискусиите според Деловникот можат да се водат без кворум, а за гласањето треба кворум. Оние кои што сметаат дека денеска треба да ја закажат седницата нека ја закажат ние продолжуваме да работиме. Откако ќе завршите со седницата можете да дојдете и ако некој бил на ред за збор може да се пријави кога ќе дојде на седница. Ние немаме време и нема да имаме време бидеји не чекаат многу закони да одвојуваме по цели недели за седници, па потоа пленарна седница да имаме. Многу често ќе се случува да имаме дискусии и расправи, а и во меѓувреме да работат и комисии.

Има збор господинот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги, почитувани претставници на Владата,

Се јавив да кажам неколку збора. Веќе два дена слушам одредени податоци кои што лично се косат со моето сфаќање за вистината. Апсолутно се согласувам со еден дел на дискусијата на господинот Спиров, особено во делот каде што кажа дека 13 години се е лошо и полошо. Нашата улога и место во Парламентот е да направиме животот и на нас и на оние што не избраа да им биде полесен и подобар.

Сакам да расчистиме. За мене државјанството како правен основ и врска помеѓу граѓаните и државата е таков каков што е и треба да биде, затоа предложив и амандман со кој тврдам дека граѓанин на Република Македонија треба да се замени со “македонци”. Меѓутоа тоа е мој личен став и за тоа ќе расправам во амандманската расправа.

Она што особено ме боли е тоа што по 13 години дебати и живеење уште се делиме на ваши и наши, нивни пријатели и непријатели и сл. Сакам да расчистиме со една работа, вчера колегата Тасев, денеска колегата Спиро Мавровски изнесоа една бројка, дури и господинот Орданчо се извини, не биле 140 илјади државјанства, биле 113 илјади и 180 лица дадени на албанци. Ние како пратеници ги добивме вистинските податоци и сакам јавно на македонската јавност да ги предочам.

Добиени се 113 по основ на природување. Од тие 113.180 лица, 31,092 албанци, 20.121 македонци муслимани 13.935, срби 21.532, бугари 2.831, турци 836, роми 1633 и останати 21.200 лица. Сакам само една мала забелешка, да ве замолам да не

дискутираме за податоци кои што не се точни, затоа што во овие 113 илјади сум јас, затоа што во овие 113 илјади стекнати државјанства е капетан Рахиќ кој што 2001 година беше на боиштата на Република Македонија и ја бранеше Република Македонија за разлика од многу што сега критикуваат и ги криеја своите деца по плажите по Грција и слично. Сакам да престанеме да се караме и да се делиме. Тоа што било поминало, ова е еден обид да се направи еден закон европски. Можеби има и сугрен сум дека има недостатоци, се согласувам и со колегата Спиро и со Орданчо, меѓутоа не сакам да зборувам за она како 2002 година пред изборите лице чии што родители се родени во Призрен, и таткото и мајката добиле македонско државјанство незнам по кој основ, а нема врска со македонското, така да се префрла вината на една или на друга страна. Јас сметам дека треба да престанеме, нашите дискусии да бидат коректни и конкретни и да донесеме навистина еден закон, да престанеме да се плеткаме во некои лавиринти кои што на овој народ и на сите нас само ни носат полошо, полошо и да не речам никаква иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Мавровски  има право на реплика од една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас би го поздравил господинот Рахиќ. Мислам дека апсолутно со ништо не гажав нешто што јас го изнесов сега и во однос на бројките и во однос на се. Ниту кажав ваши, ниту наши во тие колку биле 113 илјади. Сигурно и во моментот има луѓе кои што не го добиле државјанството, а го заслужиле да го имаат, но факт е дека и многу луѓе ќе го добијат што воопшто не го заслужуваат. Тоа е мојата дискусија, тука немаме никакви разлики во мислењето и сфаќањето на цела работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Теута Арифи, а нека се подготви пратеникот Џевдет Насуфи.

ТЕУТА АРИФИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Министерството за внатрешни работи, почитувани пратеници,

Сакам мојот денешен говор во однос на предложените измени за Законот за државјанство да го отпочнам со една мисла која вели дека секој напредок на цивилизацијата во самите нејзини почетоци се ценел како неприроден. Оваа мисла во

прв ред ги докажува бројните сомнежи кои се покажувале во историјата секогаш кога требало да се прават измени било политички, општествени или други.

Предожените измени во Законот за државјанство отвораат нов пат за иднината на земјата кој треба да ги надмине негативните одредби, дискриминирачки одредби на постојниот закон за државјанство. Кои се ексецијалните измени кои се прават на овој закон и кои се добрите работи кои што ги добиваат граѓаните со овој закон.

Прво, со дефинирањето на државјанството како една правна врска меѓу државата и граѓанинот целосно се менува духот на законот, но и основата на разбирањето на државата. Затоа се развива и нашата политика. Македонските опозициони партии, и тоа не е само еден каприц, само поради полемизација, туку во прв ред претставува полемика во однос на двете различни разбирања и концепти на Законот за државјанство.

Во однос на досегашните говори од страна на македонската опозиција преовладува етничкиот дух во нивниот говор. Духот на ексклузивноста, етничкаста ексклузивност на македонската етничка заедница и со тоа што го претставува државјанството како еден ризик за нашата заедничка држава. Подготвувајќи се за денешниот говор почитувани колеги уште еднаш ги погледнав говорите, дебатите, развиени во Собранието пред 11 години кога се усвои Законот за државјанство кој сеуште е на сила и кој што ние денеска треба да го измениме. Со жалење констатирам дека и во сегашните говори од страна на опозицијата ги слушам истите аргументации како пред една деценија. Државјанството треба да претставува еден вид на заштита од сепаристичките делувања на албанците. Државјанството треба да не заштити од големиот пораст на бројот на албанците. Државјанството треба да им се дава само на чесните граѓани албанци. Ова се само некои извадоци од говорите на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои беа правени пред една деценија, кои државјанството го гледаат само како една привелегија на еден етнкум. Сега по 11 години говориме за истото прашање во една реновирана сала, со нови столови, со нови микрофони, со нови светла, но за жал вокабуларот и менталитетот остануваат истите како пред 11 години.

Ние, почитувани колеги треба да изнајдеме сили дас излеземе од овој старн начин на размислување и од ова минато кое докажа дека концептот на државјанството, не е во согласност со Евроатланските трендови. Со новиот закон, почитувани колеги, концептот на етносот се заменува со концептот на политичкиот онцепт на демосот, што подразбира политичко соединување на граѓаните на една држава врз основа на  начелата на еднаквоста меѓу граѓаните, демократксите вредности е етничката, половата, расната, националната еднаквост, што претставува и дух на Рамковниот договор, како и на Европската конвенција за државјанство. Дух, кои што треба да гледат нашите закони на долгиот пат на постигнување на европските интеграции. Едно големо постигнување на Законот односно успех на Законот за државјанство претставува член 14 со кој се регулира прашањето на супцесијата и со кој се овозможува решавање на статусот на државјанството на граѓаните кои живееле во Република Македонија, по распадот на поранешната југолсовенска федерација. Албанците, со оглед на фактот дека беа еден од најмобилните етникуим во поранешната Југословенска Република, со распадот на Југославија, со измените на Законот за државјанство станаа токму жртви на недостатокот на политички сенс во државата. Затоа, ние очекуваме во следните две години, колку што е рокот на овој член, статусот на државјанството да го решат сите оние лица, кои досега неправедно беа дискриминирани. Во оваа прилика очекуваме МВР да ја разгледа можноста за формирање на мобилни екипи кои ќе ги посетуваат локациите каде што е најизразен проблемот на недостаток на државјанство. Време е да почнеме да градиме концепт со кој државата ќе им се приближува на граѓаните, а не како досега кога само граѓанинот требаше да ги моли и да тропа на вратите на државните институции.

Третиот голем успех на овој закон е отстранувањето на дискреционото право при одбивање на барателот за државјанство. Сите досегашни извештаи од народниот правобранител говорат дека албанците во Македонија како главен проблем бил токму реализацијата стекнувањето на државјанство и тоа како резултат на инплементацијата на дискреционото право. Според Извештајот од Стејдепартментот во 1995 година или Хелсиншкиот Комитет и други меѓународни организации кои се заземаат за човековите права, ова дискреционо право многу често се злоупотребувало за добивање на мито од страна на службениците. Затоа, ние неможеме да дозволиме понатаму судбината од нашите граѓани да зависи од моменталното расположени на службениците. Затоа, ние не сакаме да дојдеме во

ситуација да ги менуваме службениците, туку сакаме да менуваме закони Злоупотребата на ова дискреционо право беше низ едни димензии со оваа можност и со објаснување со образложението дека претставуваат закана за државата и за безбедноста, државјанството им било негирано на многу стари луѓе кои со децении живееле во Македонија. Неможе, почитувани колеги да се гради демократијата со тоа што стари луѓе ќе се прогласат за непријатели на државата Државата треба да се грижи за своите граѓани, затоа што според демократските начела државата е почестена и се прави чест на државата Државата се почитува , доколку ги почитува човековите прав. Пред два месеци кога со моите колеги имавме средба со граѓаните, еден старец ми се обрати и ми рече мојата сопруга е парализирана и знам дека нема да живее долго, меѓутоа, сакам во најмала рака да умре баем како државјанка на оваа земја , затоа што има 60 како ние тука живееме, а ние денес тоа го правиме. Ние како политички личности и како партии неможеме да ја преземеме улогата на тоа со некои мали измени и некои документи да решаваме индивидуални барања. Во овој соучај со овие измени на закон ние глобално го решаваме тоа прашање и нема веќе да дозволиме некој некого да дискриминира.

Овој говор, ова обраќање сакам да го завршам повторно со Европскиот напредок. Ние како парламентарен состав, почитувани колеги, ја имаме среќата да ги зартвориме отворените процеси, да ги подобриме и да ги исправиме поранешните грешки. Со овие измени на Закнот се признава правото дека се грешело во минатото, каде на државјанството се гледало како на етнички принцип, етничко начело. Со самиот факт дека ние треба да ги измениме, поради усогласувањето, Државата треба да се грижи за своите граѓани, затоа што според демократските начела државата е почестена и се прави чест на државата Државата се почитува , доколку ги почитува човековите прав. Пред два месеци кога со моите колеги имавме средба со граѓаните, еден старец ми се обрати и ми рече мојата сопруга е парализирана и знам дека нема да живее долго, меѓутоа, сакам во најмала рака да умре баем како државјанка на оваа земја , затоа што има 60 како ние тука живееме, а ние денес тоа го правиме. Ние како политички личности и како партии неможеме да ја преземеме улогата на тоа со некои мали измени и некои документи да решаваме индивидуални барања. Во овој соучај со овие измени на закон ние глобално го решаваме тоа прашање и нема веќе да дозволиме некој некого да дискриминира.

Овој говор, ова обраќање сакам да го завршам повторно со Европскиот напредок. Ние како парламентарен состав, почитувани колеги, ја имаме среќата да

ги зартвориме отворените процеси, да ги подобриме и да ги исправиме поранешните грешки. Со овие измени на Закнот се признава правото дека се грешело во минатото, каде на државјанството се гледало како на етнички принцип, етничко начело. Со самиот факт дека ние треба да ги измениме, поради усогласувањето, Европската конвенција јасно е дека немало политичка и граѓанска храброст овие прашања да не се третираат како етнички прашања, туку прашања на човековите прав. Измените не треба да се гледаат како ризи. Тие претставуваат можност, колку да создаваат страв од непознатот.

Затоа, давајќи поддршка за измените на Законот, јас уште еднаш веповикувам да ги прифатиме Европските и хуманите концепти. Иднината е во подготвеноста да се дискутира и да се прифатат измените. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Ганка Самоилвска-Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Во контекст на етикетирањето на ВМРО-ДПМНЕ и во контекст на обвинувањата дека немаме политички сенс, би сакала да потсетам на бекграундот на партијата која ја претставува во Парламентот, г-ѓата Арифи дека токму таа Партија претставува политичко крило, произлезе како политичко крило на поранешната ОНА. Би сакала да потсетам на актуелниот претседател на Собранието, кој го напушти овој Парламент и се сликаше со војничка униформа и со оружје во рака, а во контекст на политичкиот сенс на ВМРО-ДПМНЕ на пиедестал го ставаше човечкиот живот. За разлика од паритјата која имаше многу подруги, повисоки цели, борба за човековите права, притоа не водејќи сметка за жртвите и за човечките животи. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓА Арифи, реплика една минута.

ТЕУТА АРИФИ:

Во мојата дискусија спомнувањето на ВМРО-ДПМНЕ беше многу јасно сао го контекстот на државјанството. Уште еднаш морам да констатирам дека вашите аргументации кои ги користите денес не се разликуваат од тие пред 10 години. Жалам, меѓутоа, подготвеноста за реформите е помала во однос на беграундот на

полтичките партии може да дискутираме кога ќе имаме прашања поврзани, кога ќе имаме на дневен ред историјата на политичките партии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има пратеникот Сашко Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Најпрво би сакал уште еднаш да потсетам за нашите главни примери во однос на денешниов Предлог закон. Во текот на скоро целокупната вчерашна расправа во салата не беше присутен министерот за внатрешни работи, предлагачот, официјалниот претставник на Владата во однос на овој исклучителен закон. Значи имаме еден дисреспект на целокупниот парламентарен состав во однос на присуството на предлагачот на овој закон. Салата е вистинско место каде што треба да присуствува предлагачот.

Би сакал да се задржам на аспектите во однос на овој исклучителен важен закон. Ние поддржуваме решавање на сите административни и бирократски проблеми со кои се соочуват претставниците на сите заедници во однос на добивањето на државјанството. Сметаме дека одреден дел сигурно дека треба да претрпи измени во овој Закон. Меѓутоа, би сакал да понудам декларација или консензус на овој Парламент, дали сите стоиме зад ставот дека треба да се заштитиме од неконтролираниот механички прилив. Сакам да го слушнам вашиот став, почитувана пратеничке, во однос на ова прашање. Дали вие поддржувате заштита од неконтролиран механички прилив.

Второ, уште еднаш да потсетам на злоупотребата на принципите на Европската конвенција. Уште еднаш ќе го потсетам примерот на Словенија . Ние со нашиот претходен закон од 1992 година, ги задоволивме европските критериуми по однос на апликацијата и добивањето на државјанството врз основа на успцесија од поранешна Југославија. Значи, од пред повеќе 10 години ние ги задоволивме овие европски препораки. Ние сеуште не сме аплицирале и се надеваме дека набргу ќе аплицираме за влез во ЕУ . Република Словенија веќе влегува во ЕУ и дури сега се враќа и ги прави критериумите и измените во овој Закон, кои што ние ги направивме пред повеќе од 10 години. Значи, се злоупотребуваат препораките од Европската конвенција и сака да се протури во Република Македонија, еден закон, кој што води

кон стимулирање на дезинтегративните процеси и во секој случај претставува еден штетен закон кој што ќе се одрази на долги патеки во ТМ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика г-ѓа Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Што се однесува до прашањето за механичкото зголемување на албанското население што е едне аргумент, кој што често пати се повторува од колегите на ВМРО-ДПМНЕ, мислам дека грешката стои токму во предрасудата дека регулирањето на прашањето на државјанството е апсолутно граѓанско право, а не етничко,ќе ја загрози демогравската структура во Македонија. Регулативите кои што се предлагаат со овој закон се обидуваат да го поправат проблемот на граѓаните кои со децении живеат во Македонија и кои од разни причини не го решиле прашањето на државјанство . Во случајот на Македонија во однос на Словенија, таа како држава е многу понапред од Македонија што се однесува до прашањето на Евроатланските интеграции. Но, не заборавајте дека стратешките димензии и позицијата на безбедноста на Македонија е сосема поинаква од позицијата на Словенија. Затоа, во случајот на Македонија, меѓуетничките прашања имаат поинаков однос. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Џелили има реплика.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

За ова прашање, прашањето на државјанството и за многу други прашања кои што биле као проблем за албанското население, навистина е дека политичките партии на македонците ги замениле улогите во однос на позициите што ги имаат. Но, ова го направиле до пред извесно време кога овие неправди и други неправди во Република Македонија, доведова до една нова ситуација. Ситуација, која што предизвика промени на дефинирањето на државата во ситуација која што се очекува да се направи измена во изготвување на законите. Значи се очекуваат радикални измени, а овие радикални измени ги зеде како обврска да ги реализира партијата на ДУИ и партнерите од коалицијата. Но, што се случува? Наместо да имеме прогрес, унапредување , ќе констатираме дека имаме регрес. Наместо да се

елиминираат негативните дискриминаторски одредби , ние имаме модернизирана дискриминизација. Доколку, експерти го земаат и го назираат Законот кој што беше дискриминаторски, ќе констатираме дека на еден многу перфиден начин повторно останува дискриминацијата, но овој пат на некој му е наполнета главата дека има измени. Затоа г-ѓа Теута Арифи , имаме конкретен закон и имаме конкретни измени, а не да се задоволиме со козметички промени. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Арифи имате реплика од една минута.

ТЕУТА АРИФИ:

Во прв случај никој не ја наполнил главата и ние не сме деца некој да ни ја полни главата. Но, една јасна хармонизација на овој Закон со Европската конвенција и во овој правец не мислам дека хармонизацијата со Европската конвенција остава простор за дискриминација. Напротив, тука стои и силата на политичкиот субјект на кој припаѓам по 11 години повторно да се отвори ова прашање и да направи есенцијални, а не козметички измени и ви гарантирам дека во текот на две години секој што ќе ги исполни условите за државјанство , без оглед на која етничка заедница и припаѓа ќе се здобие со таков документ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На ред е г. Блаже Сројановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас сакам само да истакнам дека пратеничката Арифи наведе дека со овие измени ќе се решел статусот на албанците кои живееле во Република Македонија, по распаѓањето на СФРЈ и тоа во наредните две години ќе било реализирано во целост. Истовремено, беше истакнато дека ќе биле посетувани локациите каде е проблемот со недостиг содржавјанство на албанските жители е најизразен. Од овие причини сметам дека овие наводи претставуваат директна потврда на тоа дека прашањето на државјанството на овој начин се третира како етничко прашање на албнаците во Република Македонија, со истовремено истакнувае на тоа дека Македонците не моажат да се грижат за своите сонародници кои се македонци по потекло. А, ако се има предвид дека голем број на држави кои се тука до нас во

сосетсвото, како Србија и Црна Гора, како Бугарија и други држави од Балканот и поширокот, директно во своите закони за државјанство имаат наведено дека секој оној што е припадник на мнозинскиот народ, на народот кој што го остварува својот суверенитет преку соодветната држава, ќе можат да го добијат државјанството на тие земји. Од овие причини сметам дека не треба да се служиме со инсинуации дека некој го третира државјанството како етничко прашање , туку тоа е нормална работа во секоја држава , каде во случајов Македонскиот народ е носител на суверенитетот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓа Теута има контрареплика.

ТЕУТА АРИФИ:

Во прв ред сакам да кажам дека во мојот говор говорев за сите етнички групи и прашањето е дека токму тенденциите да се постави прашањето на државјанството како етничко прашање е она што го проблематизира државата. Г. Стојановски , носител на сувереноста на државата не е само македонскиот народ , туку сите етнички заедници според новиот Устав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г. Асани има реплика од три минути.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници!

Јасно беше и се виде дека Теута имаше едно многу убаво новинарско експозе и политички маркетинг без никаква одговорност за државјанство и никаде не рече каде Албанците добија повисоки права во однос на претходниот актуелен Закон. Јас мислам дека во член 14 од овој Закон, кој што не го цитираше како што треба до крај , има многу мал број на албанци, бидејќи албанците ќе се третираат со член 3 став 7 од овој Закон , каде што ќе се третираат како странски државјани иако живеат повеќе од 50 години на овие простори. Ова го велам, бидејќи имам големо искуство и како лекар работам веќе 25 години и имам голем број на контакти со оние луѓе што дале барање за добивање на државјанство. Од местото од каде што доаѓам, од Куманово, бидејќи сме погранична зона со Прешево, Гнилане, Бујановац , голем број на граѓани имаат станови или земјиште таму, но бидејќи не го решиле имотното прашање, сеуште се тие странски државјани, изградиле згради, изградиле куќи и имаат голем

број на парични средства, девизи во нашите банки, сеуште тие немаат државјанство. А, на некого им е дадено, одземено државјанството и мислам дека сето тоа ќе биде пренесено на оваа сеанса и нека повели г. Таури , јас сум поштен да го анализира добро и да излезе пред јавноста и да каже пред албанците што е направено со овие измени на Законот за државјанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Факртички моите објаснувања, можеби начинот на кој го направив е токму од таа вистина изразена преку политичка теорија. Додека сите граѓани и од областа на г. Асани, но и од другите области и граѓаните кои не се албанци , туку припаѓаат на другите етнички заедници, со овој Закон и членот 14 со нашиот ангажман, со ангажманот посебно на заменикот на министерот за внатрешни работи и другите субјекти, ние мислиме дека ќе горешиме овој проблем кој што толку се протега долго време. Доколку не се реши, наша ќе биде одговорноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Ќе реплицирам кратко на госпоѓата Теута Арифи. Не обвини во нејзиниот говор дека ние од опозицијата односно од ВМРО-ДПМНЕ сме зборувале отприлика со ист јазик, односно со ист вокабулар како и пред 10 години. Можеби е така, можеби немаме еволуирано во нашите ставови, меѓутоа, да ја потсетам дека тоа е токму затоа што и тие, особено нивната партија, исто така, го немаат изменето нивниот пристап кон Република Македонија и нивната лојалност сепак е доведена во прашање.

Да ја потсетам госпоѓата Теута Арифи дека ние не излеговме по планините, туку тие излегоа со пушки во раце за незнам какви цели. А нашата битка, на опозицијата е токму овде во Парламентот. Од каде сега излезе дека ние, опозицијата, не сме биле чесни и сме биле деструктивни, а тие биле чесни и биле корпоративни?! Ако бранењето и грижата на опозицијата за државата Република

Македонија е деструктивна, како што рече таа, тогаш македонската опозиција, во тој случај, ние тврдиме дека ќе бидеме деструктивни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика за госпоѓа Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Во мојот говор не реков дека политиката на ВМРО-ДПМНЕ е деструктивна, туку реков дека нивниот вокабулар е надминат, застарен и дека не се изменил 11 години. Тоа е различно од деструктивноста.

Што се однесува до деструктивната политика на ДУИ, факт е дека ние се ангажираме за европски начела, за сите европски нации во една заедничка Европа. Ние имаме една видлива меѓународна поддршка и таа јсно се гледа во последниве месеци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за госпоѓа Лалчевска, три минути.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Би сакала да ја потсетам госпоѓата Арифи дека јас навистина се согласував со дефинирањето на државјанството во членот 1, меѓутоа, тука се дефинира дека државјанството е правна врска меѓу граѓаните и државата, што значи дека државата ги пропишува првилата на игра за да се заштити од механички прилив на странци, без разлика кои и да се.

Зборувавте, госпоѓо Арифи, за немањето на сенс на опозицијата за прашањата на регулирање на државјанството на албанците и рековте дека и пред 11 години со истите ставови, од оваа иста сала сега реновирана, зборувале на ист начин. Меѓутоа, ќе ве прашам дали го разгледавте членот 8 од Предлогот, со кој се преиначуваат правата многу понеповолно за македонците по род. Македонците по род кои не живеат во Република Македонија, немаат друга матична земја и ако ние им го отежниме правото да добијат државјанство на својата матична држава без да исполнуваат посебни услови, ние сме ги загубиле за секогаш. Тоа е природна врска и јас верувам дека исто ја чувствувате природната врска со вашата матична земја, па би ве прашала како вие ќе се чувствувате ако Република Албанија го измени своето законодавство, односно го смени Законот за државјанство и вие да имате

многу отежнати услови за да го добиете државјанството од вашата матична земја, со која имате природна врска. А ние сега со членот 8 толку многу ги зголемуваме административните бариери за македонците по род што тие буквално не ќе можат да добијат македонско државјанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Арифи, една минута.

ТЕУТА АРИФИ:

Значајно е дека јас како граѓанин на оваа држава треба да ги реализирам моите политички, јазични и човечки права и тоа е филозофијата која ние како албанци во регионот ја промовираме, односно излегување од концептот матични држави и да градат политики за народите кои се надвор од државните граници. Фактички, поради таа причина, тоа е едно прашање на дефиниции. Затоа и за Балканот и за Југоисточна Европа многу е значајно да се надминат тенденциите и да се дефинираат прашањата на државјанствата како етнички прашања кои треба обврзно да се поврзуваат со етничките држави. Иднината лежи во државите кои градат демократска толеранција, независно од етничката припадност, а не и во идентификување со националната држава. Тоа е концепт од ЏИЏ век.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Репликите завршија.

Процедурално има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Процедурално би побарал пауза од еден час, со оглед на тоа што заседава Законодавно правната комисија, повеќе од 10-15 пратеници се на таа комисија. Мислам дека им е ускратено правото да ги слушаат говорите на колегите пратеници, воедно да реплицираат доколку имаат за реплицирање и што е најважно, можеби ќе им се ускрати правото на говор, доколку ја заклучиме оваа седница.

Затоа, заради рамноправноста на пратениците, на сите, особено на тие што се на Законодавно правната комисија би побарал пауза од еден час, кога се надевам дека ќе заврши Законодавно правната комисија. Ова е молба од сите пратениците од опозицијата кои се на таа комисија. Јас сметам дека и тие од

позицијата би барале, меѓутоа, со оглед на тоа што ја поддржуваат власта, не можат тоа да го кажат.

Значи, барам пауза доколку дозволите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не го кршам Деловникот, со тоа што се води пленарната седница, тука од аспект од процедурално не можете да ми ставите забелешка.

Треба да се навикнуваме на вакви случаи, затоа што ќе имаме работа и мене ме чуди што овој проблем се поставува, а прочитав 20-тина души што се надвор од земјата и не се присутни, тоа не е проблематично.

Јас продолжувам со седницата, за жал, не можам да ја прифатам таа забелешка. Причината заради која ја барате паузата не е доволно силна.

Повторно, има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не се јавувам за тоа, но за друго.

Би сакал да укажам на вас како претседавач на Собранието, да укажете дека нема претставници кои ќе го бранат законот тука во Собранието. Има повереник, меѓутоа, не се тука ни министерот ни заменикот министер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа го прифаќам и министерот нека влезе во салата.

(Во салата влегува министерот Хари Костов)

Има збор господинот Џевдет Насуфи, а потоа нека се подготви госпоѓата Силвана Бонева.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Дами и господа пратеници, почитуван претседателе,

Сите сме свесни за тоа дека прашањето на државјанството е многу чувствително прашање и се однесува на личноста, на човекот, неговиот однос кон државата, За жал, тој однос долго време меѓу албанците и државата, меѓу албанците и институциите произведуваше тензии кои не би се рефлектирале само во односот држава - албанци, туку за жал се рефлектирале и во меѓуетничките односи во Македонија.

За жал, го велам и тоа дека овие односи, освен тоа што започнале во поранешна Југославија и по распадот на таа поранешна Југославија започнале во Македонија, мислам дека со текстот на предложениот закон нема големи измени, кои и натаму ќе продолжат и нема причина повторно да се создаваат тензии во овие односи.

За разлика од претходната соговорничка, ќе се послужам и со политика, но ќе се послужам и со една практичност што произлегува од самите решенија на законот што е предложен. Начелно, се знае дека државјанство детерминира за граѓанинот голем број на права од областа на вработувањето, политиката, културата и тн. Затоа, добивањето на државјанство има големо значење. Политичкото и правното ограничување е основно начело дека правото на државјанството е основното право.

Второ правило или второ начело е што во оваа област не се дозволува дискриминација.

Би кажал уште една работа. Од значењето што произлегува од тоа се стимулира многу државјанството.

Тргнувајќи од овие основни компоненти, и меѓународните институции како што е Европската унија, покренаа иницијатива, потпишаа протоколи со кои сакаат државите - најеклатантно е тоа што се прави и во Македонија - да го унифицираат законодавството со цел да се елиминира дискриминацијата. Да се елиминира ова основно право на граѓанинот, бидејќи како што реков на почетокот тоа го имаше и има меѓу албанците и државата во областа на добивање на државјанство.

За жал, вие знаете дека веќе два месеци овој закон се врти во Парламентот од повеќе причини, да се релативизира самата содржина за самите предложени решенија. Јас ќе тргнам од еден факт, кој и министерот со помпезност го спомна, како и некои дискутанти од мнозинството, дека законот го прилагодуваме на европското законодавство. На самиот почеток сакам да кажам дека ова е произволна констатација која е несодветна со предложените измени, за кои ќе се изјаснам, бидејќи е едно решение кое оди во корист на една ваква констатација што ја кажува Владата на Република Македонија, натурализација или добивање на државјанство врз основа на натурализација не е 15 години, туку се предлага осум или 10 години како што е во самата Конвенција. Но треба да знаеме дека Република Македонија имаше едно решение, толку ретроградно решение, така што самата Конвенција има максимум од 10 години и не се дозволува резерва на оваа одредба

на Конвенцијата. Република Македонија имаше резерви и го бранеше правото на 15 години. Само тука е направено едно подобрување, додека во другите области нема видливи измени или измени кои заслужуваат да се споменат тука.

Тргнувајќи од членот 3, како основни услови за добивање на државјанство, го имаме првиот услов, тоа е финансискиот или економскиот услов, или пак условот за материјална состојба. Граѓанинот треба да обезбеди стан, сигурни извори за егзистенција односно финансиски средства, плата. Ве молам, во Република Македонија можеби 50% од  активната сила за работа не е на работа. Вие предлагате и 4% намалување на јавната администрација. Како мислите дека може да се исполни овој услов?

Втор услов е да нема казнена процедура. Мислам дека тоа не може да се толерира и другите конвенции не дозволуваат врз основа на обвинение да се зборува за вина.

Третиот услов е да не биде казнет. Тоа е едно начело кое е многу познато во правото. Подобро да се помилуваат 100 виновници отколку да се казни еден невин човек, дека само судот има право во процедура да мју одзеде право на еден граѓанин да му се одземе правото на државјанство. Тоа е еден специјален закон, тоа е лекс специјалис.

Самите овие услови кои ги предвидува членот 3 создаваат голема бариера за добивање државјанство. Фактички, ние остануваме во групата на оние држави со силни рестрикции во неколку сегменти за добивање државјанство, и тоа објективни.

За разлика од ова, во членот 8 имаме либерализација. Ќе имаме политички волонтаризам што се однесува до добивањето државјанство, Меѓународната конвенција не познава вакви работи, бидејќи е во интерес на државата. Но ние и во овој Парламент имаме една голема дебата. За жал, ние не гледаме дека еден голем дел на граѓаните, а токму македонци, се обидуваа да добијат други државјанства, со цел да добијат животни бенефиции, како патувања, финансиски и економски, а од друга страна во членот 3 навистина ставаме рестрикции кои не можат да се надминат.

Се говори за дискреционото право и соговорничката пред мене со помпа рече дека се езлиминираат. Дискреционото право не е елиминирано, тоа останува. Останува во форма на зачувувување и заштита на јавниот интерес. Бараме и министерот да се изјасни за ова, што се мисли со јавен интерес. Го имате членот 3 последниот став, членот 9 и тн.

Јавен интерес, според нашиот правен, политички интерес е и водостопанство, транспротниот проблем во државата, пошта, телефон и да не должам повеќе. Затоа, јавниот интерес повторно останува како бариера со која министерот или органот кој што решава за државјанство останува и понатаму да има право да не го даде образложението за недавање државјанство и тн.

Најчувствителниот дел во случајот е сукцесијата. За жал, врз оваа основа или добивањето државјанство врз оваа основа не е решено со предложениот закон и голем број на албанци и натаму ќе минат низ рашомонијада за да добијат државјанство. Уставот од 1974 година на поранешна Југославија беше многу јасен, сите граѓани имаат државјанство на Југославија, дури и на републиките на тогашната држава, врз основа на автоматизам екс леге, сите граѓани кои живееле во Македонија без оглед од каде е нивното потекло треба да го добијат, а тоа не се предлага во членот 14.

Сукцесијата не е случајно дефинирана во Европскатат конвенција. Четири основни услови има во однос на Конвенцијата. Првиот услов е ефективна врска. Вториот услов е постојано живеалиште, тоа го нагласувам, постојано живеалиште, бидејќи имаме големи разлики.

Предлагачот на законот треба да биде искрен и да ги разбере работите дека имаме големи, големи разлики.

Трет услов е израз на волја, на желба, и четвртиот услов е територијално потекло. Говориме за сукцесијата. Добивање на државјанство врз основа на сукцесија. Законот предлага дека ефективната врска тоа е во ред и тоа со амандманот кој го предложи Владата, затоа што во првата верзија и ова не беше предвидено, сега се додава. За разлика од првата верзија сега има уште еден услов, предвидува да не биде осудувано лицето што не е во конвенцијата. Значи, земено објективно пријавувањето на живеалиштето, законското живеалиште кое го бара со закон предлагачот на Законот, фактички најголемиот дел на граѓаните, било тоа да се 5 илјади, 10 илјади или било колку ги елиминира и им го одзема ова основно право. Македонија, знаеше, имаше обврска и сукцесијата во однос на финансиски средства, имот, да ги земе од поранешна Југославија. Меѓутоа, нема смисла, нема никаква смисла овие граѓани кои се соочуваат со овој проблем да не им го предложиме решението. Овде нема решение. За жал, ние како политички албански блок со ДУИ се договоривме за амандманот и начинот на кој ќе се предложи за да се реши овој проблем. И, амандманот беше готов, меѓутоа, за жал излезе амандманот од Владата кој фактички додава уште еден услов. За таа ефективна врска која не

можеме да ја контестираме од правно формален аспект, затоа што преставува дел и од конвенцијата. Меѓутоа, не може да ја прифатиме формулацијата околу пријавување на законско живеалиште која европската правна терминологија Конвенцијата за човекови права не ја признава. Напротив, ги имате забелешките од Европската Унија г-дине министер, дека овој дел треба да го усогласите со конвенцијата, односно Европското Собрание ви укажа на ова, а вие ова ни го направивте. Ова има политичка заднина и ние не можеме да кажеме дека тука со политички вокабулар овие да ги решаваме. Само со зборови не се прави ништо. Законот е тој кој што ни налага дали да преземеме, или да не преземеме одговорност. Се случуваа убиства и не се презема одговорност, а камо ли за политички прашања од кои ние тука сме ослободени, дури можеме да зборуваме било што и да изјавуваме било што. Тоа имав да го кажам во однос на сукцесијата .

Албанскиот јазик. Со амандманот 5 на Уставот албанскиот јазик како официјален јазик се разликува од македонскиот јазик, затоа што македонскиот јазик се користи во меѓународната комуникација и се користи на целата територија на Македонија. Меѓутоа, не се елиминира од другите сфери. И каде се елиминира сега како официјален јазик, а постојано зборуваме за Рамковниот договор. Зошто албанскиот да не биде и дел на пример од свечените изјави на оние кои не знаат на пример македонски при прифаќањето на државјанство зошто да не може да го користи албанскиот. Тој е официјален јазик. И токму тука е нашата забелешка дека Охридскиот договор, дека само конкретни решенија претставуваат мерило за имплементацијата на Рамковниот договор

Што се однесува до членот 14 би поставил едно директно прашање и до министерот и до неговите служби. Освен фактот дека членот треба во секој случај да се усогласи кон Европската конвенција, затоа што ние не можеме да одиме во Европа со мали, или големи измами, со мала или голема искреност. Ние одиме во Европа со конкретни решенија, а не палијативни.

Што ќе се случи со оние лица за поднесување молба се предвидува услов лицата да имаат 18 години. Говорам повторно за сукцесијата, тука исто така услов е да го познаваат македонскиот јазик според членот 3. Значи, после сукцесијата што ќе се случи со луѓето кои што се под 18 години, дали тие ќе можат да се повикуваат на овој член, или не?

И на крај, колку и да имаме политичка волја, сепак фактите тука не демантираат, затоа што во многу сегменти Законот не е во интерес на албанските граѓани кои со години, со децении не можеле да го решат прашањето на

државјанството. И тоа врз основа на сукцесијата посебно. Релативно е тоа дали е 8, 10, или 15 години, затоа што јасно ќе ви кажам, многу малку луѓе се тие кои што ќе ги обврземе да станат државјани на РМ било да се по потекло според членот 8, затоа што сите тие имаат многу подобри услови таму. Ние треба прво да ги изградиме соодветните услови тука, потоа да направиме либерализација. Меѓутоа, не треба да се применуваат вакви рестрикции како што се предвидени со овој закон. Затоа мислам дека доколку сакаме искрено да го решиме ова прашање и да ставиме еднаш засекогаш крај на проблемот со државјанството кој и натаму ќе претставува товар, ќе ги оптоварува овие односи кои ги спомнав претходно, треба и Законот да го повлечете, да го исполните посебно во однос на аспектот на сукцесијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Хари Костов министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Со оглед дека г-динот Насуву побара одговор на некои прашања, ќе се обидам веднаш да одговорам.

Прво, околу тезата дека нема големи измени. Еве, нека нема големи измени, една од измените е токму членот 14. Ако ја земеме законската состојба поранешниот член 26 од претходниот закон е истечен. Според тоа, прашањето на сукцесијата, државјанство по основ на сукцесијата со досегашното законско решение е веќе решен и истечен. Ако нема големи промени, овде се дава со сегашниот член 14 токму заради практичните проблеми кои досега ги имавме се дава уште нов период од две години. Тоа е голема измена. Друга оценка е дали г-динот Насуфи го наоѓа тука усогласувањето со Европското законодавство итн. Јас само ќе кажам дека предлог-законот беше на ревизија и од Советот на Европа и од ЕУ, и од ООН итн. И се она што имавме како сугестии и предлози е инкорпорирано во овој закон. Според тоа, позитивна рецензија од сите меѓународни институции околу усогласеноста на овој закон со меѓународните стандарди си е на место. Жал ми е што не се прави разлика повторно и покрај тоа што досега десет пати објаснувавме за членот 3. И овде очигледно повторно г-динот Насуфи не прави разлика помеѓу граѓани на РМ и она што е содржано во членот 3, односно во измената на член 7. Членот 7 зборува за странец. Не за граѓанин на РМ. Дали по логиката што сега ни се објаснуваше дека не би требало да има стан и постојан извор, државата не треба да бара од странец кој аплицира за државјанство на РМ дека не треба да има стан и постојан извор на

средства, дека дури може да биде казнуван со казна затвор итн., дека може да се води кривична постапка и во Македонија и во странство. Еве, да ја заборавиме приказната: македонци, албанци, итн. Дали по филозофијата на г-динот Насуфи, дали тоа значи дека државјанин сега од Ирак, го земам само како пример, кој е странец и овој закон на него се однесува, а тој странец, дали сега државјанин од Ирак кој во Македонија нема обезбедено стан и постојан извор на средства за кого во Ирак е казнет со казна затвор повеќе од една година, дали за таков исто државјанин од Ирак за кого се води кривична постапка во Ирак, а може би и во Македонија, дали според неговото размислување и на таков човек треба да му дадеме државјанство на Република Македонија. Правете разлика членот 3, односно стариот член 7 на што се однесува. Се однесува на странец.

Дискреционото право треба да се престане да се манипулира дека се задржуваат исти решенија итн., затоа што, ќе ви го прочитам извадокот што беше околу мислењето по овој закон од програмата за стратегиска демократска стабилност, и зајакнување на владеење на правото, мислење по нацрт измени и дополнувања на Законот подготвено од генералниот директорат за правни прашања во соработка со г-дин Андру Валсвли обединето кралство, г-ѓа Ленка Месојадец, Словенија, г-динот Роланд Шареќ - Швајцарија, Стразбург 23 јуни 2003 година, во кое се објаснува дискреционото право и решенијата. Ќе цитирам од тој маеријал. “Врз основа на член 11 од Европската конвенција секоја држава ќе обезбеди барањето во однос на добивањето на своето државјанство да ги содржат причините во писмена форма. Бидејќи Македонија не покажа резервираност овој член со цел да е во согласност со Европската конвенција мора да се дадат причини, доколку е одбиено барањето за натурализација заради безбедносен ризик. Меѓутоа, во однос на општите принципи за заштита на изворите на информацијата, државата не е обврзана да ги открие своите извори на инфорамции доколку ова може да претставува закана по воглавно приватните, или јавни интереси. Доколку постои таква закана, државата се придржува до обврските кои произлегуваат од член 11 од Европската конвенција, доколку таа, подразбира државата, само општо ги насочи причините за одбивање на барањето за натурализација”. Доколку терминот објаснување во член 7 став 5 од нацрт законот во досегашните верзии се сфати во оваа смисла, тогаш е во согласност со Европската конвенција. Според тоа, мислам дека околу ова е доволно јасно.

Амандманот 5 на Уставот на РМ мислам дека не сакаме да го читаме, си го толкуваме секој како што сака. И уште еднаш ќе го прочитам “на целата територија

на РМ и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, исто така е службен јазик и неговото писмо и додавката во тој втор став од амандманот 5 е, како што е определено со овој член. Во амандманот 5, и во овој член значи е определено личните документи, локалната самоуправа и употребата во органите на државната власт кој може да се користи во согласност со закон". Според тоа, тоа е позицијата.

И директното прашање околу член 14 доколку се работи за дете, да, доколку родителите покренат постапка за државјанство итн., и добие државјанство и детето е подложно за таква постапка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Насуфи, иматете една минута како контрареплика.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Може би ќе биде малку повеќе од една минута, бидејќи министерот имаше поголема дебата, ќе останеме можеби недоразбрани. Повторно не се дава одговор што се однесува до член 3, бидејќи станува збор за граѓани кои што на крајот на краиштата осум години живеат во Македонија, бидејќи тоа е услов и не може да се рече дека денеска дошол човек од Ирак и денеска аплицира за државјанството, бидејќи претходно такви случаи се елиминирани. Тоа сите го знаеме.

Дискреционото право, ве молам, не давате објаснување зошто, што е јавен интерес, кој тоа го оценува, во која процедура. Законот треба да ги предвиди тие работи доколку сакаме да бидеме транспарентни и конкретни, бидејќи политичкиот волонтаризам на личноста, тука имаме проблеми толку години и  ќе продолжиме со тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, дами и господо пратеници,

Едно од многу важните прашања за иднината на РМ за кое што нешто постои општ политички консензус во државата е зачленувањето на РМ во ЕУ кое нешто за граѓаните претставува синоним за нивно подобр живеење. Деновиве тоа е главна топ тема која што ја окупира јавноста, бидејќи Владата размислува да аплицира за членство во ЕУ. Затоа многу е важно освен јавно декларираната волја, што е тоа што суштествено таа го прави за нашето приближување кон ЕУ, бидејќи имаме само

уште неполни три месеци до рокот кој што го чувме преку медиумите дека го дава Владата, значи крајот на февруари. Затоа, лично мислам дека треба интензивно да работиме како законодавен дом на закони кои што се приоритетни во овој процес и кои ќе бидат основ не само за економски, образовен, културен и демокртски развој, туку и за подобрување на безбедноста и стабилноста на државата за да не ни бидат другите виновни, ако не се случи тоа што никој од нас не го посакува да бидеме првата земја чие што барање за членство ќе биде одбиено, бидејќи во Европската комисија ќе се цени што е тоа што го имаме направено и дали со тоа се приближуваме кон Европските вредности и колку сме подготвени да функционираме како идна придружна членка на Европската Унија а не само нашето декларативно залагање за членство.

Значи во овој контекс, неспорно е дека треба забрзано да работиме на усогласување на домашното законодавство со законодавството на ЕУ. Тоа е и основното образложение за доставување на предлогот кој е пред нас, значи тоа е Предлогот на закон за измени и дополни на Законот за државјанство односно неговото усогласување со Европската конвенција за државјанство што Република Македонија го потпиша уште 1997 година, а е ратификувана на 18.02.2002 година.

Од образложението на Владата не видов во што се состои приоритетноста, овој закон да се носи дури по скратена постапка, во една фаза воопшто што е тоа толку приоритетно во него, што таа семта дека ќе не доближи до ЕУ. Не видов кој е стратешкиот и националниот интерес од кој треба да се тргне при носење на секој закон, па и на овој закон за државјанство. Дали Владата смета дека со либерализацијата на условите за стекнување на државјанство, од 15 на 8 години, за странците, ќе овозможи, економска, социјална и безбедносна стабилност на државата, а со тоа и нејзино приближување до ЕУ. Ако е така, врз основа на кои критериуми, врз основа на кои квантитативни податоци, го одлучи тоа и зошто и ние како пратеници ги немаме тие податоци за да можеме и ние да ја видиме таа сериозна анализа и да се убедиме дека тоа е вистинското решение. Некои држави во светот ги либерализираат условите за стекнување со државјанство, на странци, меѓутоа, со цел да го поттикнат нивниот економски развој, или да ги искористат ресурсите кои ги имаат, а за кои им е потребна работна рака.

Што сака, почитувани дами и господа да постигне Владата со овој закон, со кој се овозможува странците полесно да се стекнат со макеоднско државјанство, во услови кога во Република Македонија , иако е банално веќе да се повторува, меѓутоа вреди повторно да се каже, имаме катастрофална економска

состојба,имаме повеќе од 384 иљади невработени кои секојдневно се зголемуваат, огромен број на сиромашни граѓани кои не можат да преживеат , раселени кои сеуште не се вратени дома, а да не зборуваме за тоа што сеуште немаме контрола на целата територија и владеење на правото на целокупната територија на Република Македонија , кога секојдневно ни се иселуваат младите од државата, кога државата не може да обезбеди економска и социјална сигурност на постојните државјани, а камоли пак да преземе нова обврска за нови државјани.

Бидејки државата е правна врска меѓу лицето и државата, од еден таков однос произлегува обврска за двете страни. Дали мисли власта дека оваква катастрофална економска состојба, при ваков рестриктивен буџет таа ќе може да ја исполни и својата нова обврска, на пример да обезбеди социјална и здравствена заштита на новите државјани, кога и постојните го немаат тоа.

Владата вели дека државјанствата ќе се даваат на лица кои се социјално обезбедени. Меѓутоа, дали можеме да знаеме кој и до кога ќе биде социјално обезбеден во државата,како што одат работите и дека конечно и овие нови државјани кои биле во моментот социјално обезбедени, дека наскоро нема да бидат на товар на државата.

Со цензусот односно годините на постојан престој на странци на територијата на државата, секоја држава ја штити својата економска, социјална и безбедносна стабилност. Затоа, во секоја земја се различни годините кои се утврдуваат. Во Европа знаеме дека одат од 5 па до 12 годин, што го има прифатено на пример Швајцарската држава, а во Конвенцијата која е ратификувана од нашето Собрание, обврска во која можеме да се движиме е 5 до 10 години. Меѓутоа, право на проценка е на нашата држава, колкав ќе биде тој цензус што нема да предизвика негативни ефекти, туку позитивно ќе влијае врз нејзиниот развој.

Врз основа на што, почитувани дами и господа процени Владата дека за Република Македонија е најдобро да се либерализира овој цензус од 15 на 8 години и 6 години за бегалците.

Лично сум убедена, тоа е став и на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа и на дел од експертите кои учествуваа во подготовката на Предлогот на законот, чие мислење не е респектирано, дека не е неопходна ваква либерализација која се нуди на таков начин и во овој момент. Дека брзањето да се донесе еден ваков закон со сериозни реперкусии врз животот на сите граѓани во државата, е неприфатливо, пред објавување на комплетните резултати од пописот и пред да знаеме колкав број на граѓани кои се наоѓаат на територијата на Република Македонија , немаат

државјанство, каква е нивната социјална и национална структура, а и за тоа во кои региони од државата тие се населени.

Почитувани дами и господа,

Сериозни политичари не предлагаат законски решенија без да имаат доволно информации за состојбата во општеството, бидејки може да си направат мечкина услуга не на себе и на политичката партија од која доаѓаат, меѓутоа и на државата и на нејзините граѓани.

За да не се обвинуваме меѓусебно и да нагаѓаме колку лица ќе добијат државјанство, според одредбите на предложениот закон, Владата да ни достави список на сите лица кои во моментот на донесување на законот, според овие решенија кои се предлагаат, со име, презиме, национална и социјална структура и во кои региони тие се населиле и податок за тоа каков ќе биде приливот на странци, барем во наредните 5 години, за да може ние мериторно да одлучуваме. Но, во исто време и да повикаме на одговорност, доколку се покаже дека овој број е драстично поголем од оној зад кој стои Владата.

И на крајто почитувани дами и господа, приоритет за Република Македонија и за нејзиното што побрзо интегрирање во ЕУ, најпрвин е работење на спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, понатаму приоритет е економското заживување на државата и решавање на проблемите со невработеноста, гарантирање на човековите права, враќањето на раселените лица, контрола на територијата на државата, понатаму регионалната соработка на што не обврзува и Спогодбата за стабилизација и асоцијација, децентрализацијата на власта, територијалната поделба, па се до екологијата. Тоа е тоа што ќе не приближи до ЕУ, а либерилизирањето пак на условите за добивање на државјанството, сами ќе се наметнат и ќе можеме да ги применуваме дури откако ќе биде членка на ЕУ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпо+о Бонева.

Збор има министерот за внатрешни работи г-динот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

На оваа дискусија од пратеничката Бонева ќе се обидам да одговорам со едно прашање.

Ако е се точно ова што пратеничката го кажа дека во Република Македонија имаме катастрофална економска состојба, ако имаме рестриктивен буџет, ако немаме контрола на територијата на Република Македонија , ако раселените не се

враќаат, ако младите се иселуваат од Република Македонија тогаш кој би бил тој странец кој ќе сака да добие државјанство на Република Македонија и да живее во неа и од што тогаш ние се плашиме.

Второ, околу списокот на луѓе, не слушнав уште еден предлог дека треба и потерници да издадеме по сите овие луѓе, 1300 кои што ги спомнуваме и кои се во постапка односно имаат поднесено барање. Меѓутоа, што ќе утврдимение од тој список. Дали тогаш Собранието ќе утврди став во кој ќе рече, ќе видиме дека од тојсписок, од 1300 луѓе, имаме еден човек по националност турчин, чии родители се родени овде, служел во АРМ, работи, има обезбедено стан, меѓутоа сеуште не го регулирал државјанство. Дали тогаш Собранието ќе одлучи и ќе каже не, со оглед на тоа што во пописот видовме дека бројот на турците е доволен, Собранието ќе рече, иако ги исполнува условите, не може да добие државјанство затоа што процентот на турците во Република Македонија , некој одлучил или ова Собрание одлучило, дека е доволен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Госпоѓа Бонева имате контра реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуванминистре, многу убаво кажавте и се согласувате дека е ваква е состојбата, како што кажав и сега велит екој ќе биде тој странец што ќе дојде во Република Македонија . Секако Република Македонија ќе биде добра оаза за сит еонеи кои сметаат дека подобро ќе живеат отколку што живеат на друго место, или пак за остварување на некои други интереси, па потребно им е да дојдат во Република Македонија . А ако минситерот не знае колку точно луѓе имаме на територијата на државата, кои во моментот на донесување на овој закон ќе добијат државјанство, тоа значи дека нема контрола над државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре да не правиме контра реплики на реплики. Одговоривте.

Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, колеги пратеници, дозволете ми да кажам некој збор околу овој Предлог закон.

Јас би зборувал пред се за она што министерот го излагаше и како не убедуваше во потребата, во итноста и т.н. за донесување на овој предлог.

Во своето излагање г-динот минситер, образлагајки ја итноста во која се бара донесување на овој закон, ни посочи неколку факти, како на пример дека

Европската конвенција за државјанство е потпишана на 6 ноември 1997 година и дека истата е ратификуван аод Собранието на Република Македонија на 18 февруари 2002 година. Меѓутоа, според мене, овие се факти кои ја наметнуваат потребата од усогласување на нашето законодавство со Европската конвенција и со европското законодавство, меѓутоа не и факти за итноста во постапувањето, која ја бара предлагачот .

Понатаму г-динот минситер зборуваше дека, според Годишната програма за приближување на националното законодавство со законодавствoто на ЕУ, сме имале обврска овој закон да го усогласиме и да го донесеме, се согласувам, точно е така, и посочи временски интервал ког атоа треба да се заврши, кон крајот на вториот квартал од крајот на 2003 година, арно ама Владата не си ја завршила работата на време, според зборовите на министерот, сме навикнале постојано да доцниме и да чекаме последен момент за да завршиме некоја работа.

Господине минситре, јас мислам дека парламентот воопшто не е тој кој треба да ги покрива грешките односно слабото работење на Владата и брзоплето да влегува во донесување на законски проекти, поготово вакви системски, како што е овој Предлог закон кој е денес предлог на дневен ред.

Од она што го слушнав од г-динот минситер, ама ништо не ме убеди дека навистина треба да постапуваме по ваква итна постапка, а не во фази, како што оди редовна процедура за донесување на закон, што и на нас како пратеници ќе ни беше овозможено да дадеме свое мислење и свое видување по Предлогот, ќе се развиеше една јавна дебата, ќе гослушневме мислењето на стручните луѓе. Министерот тврдеше дека се разви таканаречена, според неговите зборови, дебата во, незнам дирекни емисии на ТВ и штознам какви дебати, меѓутоа, тие не се од никаква корист затоа што не можат да се вградат во овој предлог.

Јас никао не можам да се согласам да се носи ваков закон, во ваква итна постапка. Тоа би било околу постапката за донесување на закон.

И уште нешто би сакал да кажам. Имено имам чувство дкеа, поради опредлени притисоци и некакви политички пазарења, Владата избрза со ваков предлог, па сега нас како Парламент не стави во многу непријатна ситуација, изложени на притисоци од јавноста.

Нешто околу текстот, бидејќи не ни беше дадено право да дискутираме околу текстот на законот. Јас би кажала некои мои видувања на она што е текст на законот.

Морам да кажам дека решенијата се многу лоши, поготово неколку решенија. Еве , член 3 во кој се предвидуваат условите кои странец треба да ги исполни за да стекне државјанство на Република Македонија .

Јас лично мислам дека се работи за многу по либерални услови за стекнување на државјанство на Република Македонија , од друга страна сметам дека Република Македонија воопшто не е во состојба сега, ни економска ни политичка ни демогравска, да дозволи либерализација на условите за аплицирање на странци за државјанство во Република Македонија .

Тука, од претставниците на владеачката партија слушнавме дкеа условите биле построжени. Да верувам, еве, ако ги гледаме кумулативно и ако го елиминираме дека од 15 години временскиот тајминг го поместуваме на 8 години, да поверуваме дека се построжени. Тогаш навистина, ако се построги, не ми е јасно зошто е вградена одредбата во член 27-б од Предлогот, која предвидува дека со стапување во сила на овој закон, ќе важи за оние апликации кои се во тек. Господа пратеници, господине министре, тоа во правната теорија се вика ретроактивност на законот, а такво нешто правната теориа не допушта, до колку не е по либерално и поповолно за апликантите, во случајов.

Друго што би имала да кажам , тоа е околу членот 8 кој го менвуа членот 11 од досегашното решение.

Јас мислам дека со новиот член 8 ние всушност до толку ги комплицираме и досега комплицираните административни услови за добивање на државјанство на македонците по род, затоа што и досега тие не беа во нешто многу поповолна положба да аплицираат и да добијат државјанство на Република Македонија , иако се макеоднци по род, а сега со овие измени , навистина внесуваме големи административни бариери. Зошто мислам вака? Затоа што , прво ми се наметнува прашањето кој е тој што ќе го цени националниот интерес за оваа категорија граѓани односно макеоднците по род да добијат макеоднско државјанство, затоа што таму во образложението на предлогот, ако се работеше за спортисти или за научници, одредени министерства ќе го ценеа националниот интерес . Сега не ми е јасно, во овој случај, кој ќе го цени националниот интерес, кое министерство, за добивање на макеоднско државјанство на македонците по род, и наведено е дека со подзаконски акти, од типот на уредба, ќе се реши ова прашање. Значи ние ќе ставиме уште поголеми бариери и ќе ги обесхрабриме овие макеоднци по род да побараат макеоднско државјанство во својата матична држава, а од друга страна ќе ни се

случува интензивен одлив на макеоднското население од државата. Па ако погледнеме во иднина, јас незнам колку ќе не има во државата.

Еве толку би имала околу своите размислувања и навистина, незнам и не можам да прифатам, ниту како човек, ниту како правник, бидјеки имаше и правни недоследности во овој предлог, а уште помалку како пратеник, да поддржам ваков брзоплет и многу не квалитетен предлог за измени на Законот за државјанство, а исто така и Либералната партија не може да прифати ваков предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓа Лалчевска.

Има збор господинот Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Една од приоритетните работи на Република Македонија е евроатланската интеграција или една од главните работни задачи е ратификацијата на европскате конвенции.

Со ратификација на Европската конвенција за државјанство од страна на Парламентот на Република Македонија тоа стана составен дел на внатреното уредување, правно уредување на Република Македонија. И според тоа сите внатрешни акти треба да бидат во согласност со оваа Конвенција.

Законот за државјанство на Република Македонија од 1992 година се покажа како многу рестриктивен закон и голем број на граѓани не успеаја да ги исполнат бараните елементи во врска со ова и затоа не се здобија со државјанство, а мислам дека неколку одредби од овој закон се во спротивност со Европската конвенција за државјанство.

Мислам дека не се одредени, точни, јасни одредби со чии исполнувања според автоматизам се доаѓа до државјанство. Туку, во најголем број на случаи ова зависи од факторот човек односно му се дава право на лицето кое раководи со некој сектор да решава врз основа на својата волја. Ова е непосредно во спротивност со тоа што значи правна држава, каде што имаме регулативи, точни, законски норми а не волја и желба на некој човек кој е на чело на некој сектор.

Имајќи го предвид и фактот дека Владата на Република Македонија се обидува и работи во правец на исполнување на обврските преземени со ратификацијата на Европската конвенција за државјанство го покажува и приодор на

оваа држава кон евро атланските интеграции. Од овие причини треба да се поддржи Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Сакам да се задржам на три моменти или дилеми што се однесуваат на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство.

Прво, сукцесија на државите. Од праксата е многу познато, често пати при случај на поделба и сукцесија на државите, едно од основните прашања е државјанството. Во принцип, секогаш кога има територијални измени се регулира државјанството на лицето кое живеело на тие територии. И, Законот од 1992 година оваа дилема не ја третираше со поголема сериозност. Како резултат на тоа еден голем број на граѓани на оваа држава останаа без државјанство на Република Македонија и без државјанство на некоја друга држава. Бројот на лицата без државјанство или пак апартридие зголемен и токму еден од основните принципи на Европската конвенција за државјанство е намалување на бројот на апартридите и во ниту еден начин создавање на ситуации и услови за зголемување на нивниот број.

Како продолжение на ова, членот 14 од Законот ја доближува можноста за разрешување на овој проблем како што требаше да се разреши уште во текот на 1991 година кога Македонија се здоби со независност.

Има две можности за решавање на овој проблем:

- регулирањето на прашањата што се однесуваат на државјанството, на населението од таа територија му се признава правото на државјанство на нова држава доколку живеел на таа територија односно на територијата на ново формираната држава;

- второто предвидува можност за решавање на проблемот на државјанството меѓу претходната, старата и новата држава. Автоматски лицето со одлучување за една држава го губи државјанството на другата држава.

Членот 14 им дава можност на лицата кои живееле на територијата на Република Македонија и продолжиле да живеал во оваа држава, да се здобијат со државјанство на Република Македонија. Во оваа група на граѓани и државјани на бивши држави, републики на СФРЈ кои што сега немаат разграничен статус. Со тоа Македонија ќе придонесе во борбата против феноменот на немање државјанство, односно апартридност, што истовремено е и еден од основните начела на Европската конвенција.

Почитувани пратеници, втората дилема е натурализација. Другата група на граѓани кои се борат да се здобијат со државјанство врз основа на натурализација. Натурализацијата е една од формите за добивање државјанство. Карактеристично за овој начин на добивање државјанство е тоа што не постои некој меѓународен документ со кој се унифицираат условите за добивање државјанство, но и се овозможува на државата сама да оцени, врз основа на внатрешната политика и политиката на нигрирање. Сепак, во Конвенцијата има неколку принципи кои се однесуваат на условите, а особено што се однесува до времето во кое што лицето треба да живее на територијата на соодветната општина.

Во услови на натурализација во овој Предлог - закон е и Предлог - фактот дека во идниот период кандидатот треба да живее на територијата на Република Македонија, да се намали од 15 на 8 години и со тоа се исполнува нашата обврска од Европската конвенција.

Третата дилема е дискреционото право. Од фактот дека најголем број на одбивање на барањата за државјанство се засновале врз членот 7 точка 7 од Законот од 1992 година, каде се вели дека лицето не треба да претставува опасност за безбедноста и одбраната на државата. За ова не е должност на надлежниот орган да даде образложение зошто тоа лице претставува опасност. Со ова се даваше можност лицата во надлежните органи, раководителите во надлежните органи да ја злоупотребат оваа правна празнина и да се стават во улога на некој кој решава за судбината на многу граѓани. Со предвидените измени на Законот што ги имаме денеска пред нас, едно вакво нешто не се дозволува. Меѓутоа, на надлежниот орган му се дава должност, се задолжува на кандидатот да му се образложи зошто тој претставува опасност за општеството. Оваа форма ја стеснува, го стеснува просторот за злоупотреба на законот и раководните лица во надлежните органи да не се ставаат над законот.

И на крајот, ова мое излагање сакам да го завршам со една од проценките на Советот на Европа во однос на државјанството - одбивањето на државјанството не прави ништо во интерес на државата, единствено му ги негира правата на еден поединец, правата што ги уживаат другите. Меѓутоа, од друга страна поединецот и натаму останува да живее во таа земја. Така што, секогаш треба да му се даде предност при донесување на одлуките, во интерес на граѓанинот, а не секогаш да се гледа како тој да биде одбиен.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Рустеми.

За реплика се јави господинот Насуфи, имате право на три минути реплика.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Мислам дека и министерот и претходниот говорник не им е јасно или не сакаат да им биде јасно дека сукцесијата не се решава со овој Предлог за изменување. Ние, со ДУИ, самиот јас присуствував, се договоривме амандманот што ќе го реши овој проблем да биде, како што следи, ќе цитирам:

“Граѓаните на поранешна СФРЈ кој до 8 септември 1991 година живееле на територијата на Република Македонија можат да стенат државјанство на Република Македонија ако во рок од две години по влегување во сила на овој закон поднесуваат барање:.

На овој начин се договоривме да го предложиме амандманот, меѓутоа за жал од која причина, тие знаат најдобро, излегоа со амандман што не го покрива овој амандман, не го содржи овој амандман. А, што се однесува до дискреционото право, членот 3 последниот став, многу добро кажува дека кога се работи за јавен интерес нема образложение.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рустеми, имате право на контра реплика една минута.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитуван колега,

Јас кажав и во текот на моето излагање дека од 1992 година е донесен Законот за државјанство, а со тој закон останале многу нерешени проблеми. Поминаа точно 11 години и овие проблеми не се решија, независно од тоа кој бил на власт. ДУИ има сила да се обиде да ги реши овие проблеми што останале нерешени. Нашиот обид се прави со овие измени на Законот за државјанство. Ние сме уверени дека тргнувајќи и од нешто друго, нема идеални закони, ние се обидуваме да ги решиме овие проблеми и мислиме дека со овој закон, со предлозите, ваквите предлози какви што се направени, тие проблеми ќе се решат, проблеми што останале цело ова време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Бошкоски.

Мислам дека господинот Ружди Матоши сепак ќе дојде после паузата, а вас ве молам, господине Бошкоски имате во 15 минути да го кажете тоа, затоа што ќе правам пауза во 13,00 часот, би ве замолил.

ЉУБЕ БОШКОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, претставници на Министерството за внатрешни работи, господине министре,

Неколку дена во овој Македонски Парламент, во овој највисок законодавен дом зборуваме за Законот за државјанство и измените што се предложени, согласно Европската конвенција за државјанство, што беше ратификувана од Македонскиот Парламент. Зборуваме како државјани на една држава која е дел од Европа, Република Македонија, за која денеска овде, од многу соговорници, криејќи ги своите намери, заборавајќи го минатото, не така далечно, своето алиби го бараат токму во една терминологија, во зборувањето дека тие се европски ориентирани и дека тие се евроатлански ориентирани.

Секој кој ќе форсира концепт за самостојна и суверена Македонска држава, секој оној кој ќе зборува за високите национални интереси на Македонската држава, секој оној кој во овој Парламент националниот концепт ќе го стави над граѓанскиот, ќе се процени и ќе се оцени од некои соговорници во овој Македонски Парламент дека е националист.

Ние денеска, овде зборуваме за еден суштински закон, закон што ќе ја одреди иднината на Република Македонија, иднина, овие претскажувања што ги имавме од пред неколку дена, со овие проценти што ни ги прикажа Комисијата за попис со некои претставници, релевантни се разбира, од Меѓународната заедница, треба сериозно да нé загрижи.

Зошто, дами и господо, постојано се формира терминот “процент”, дали ние, Македонците, кое единствено парче за опстојување каде што можеме да ги искажуваме своите национални чувства, каде што може да се враќаме, каде што може да го браниме националниот концепт, каде што може да живееме, каде што како бранителите во татковинската војна и да планираме, е токму Република Македонија. Зошто тој процент толку е важен во овој миг? Важен е за сите заедници во Република Македонија, освен за нас, Македонците. Ние не сфаќаме, дами и господо, дека сме соочени со еден сериозен предизвик, дека не можеме да

заборавиме дека со бришењето, односно со изедначувањето на Македонците по потекло кои се надвор од границите на Република Македонија ние вршиме нов геноцид над Македонците, геноцид кој ни беше познат 1948 година, геноцид кој ни беше познат низ оваа македонска историја, геноцид кој беше вршен врз македонската нација.

Со поделбите меѓу двете светски војни, со раселувањата после Втората световна војна и ние денеска, задскриени зад она што се нарекува евроатланска ориентација, задскриени зад овој европки концепт забораваме да ги браниме нашите Македонци.

За разлика од сите оние заедници во Република Македонија што се повикуваат и кои зборуваат за своите права, единствено ние Македонците друга резервна татковина немаме. Албанците имаат. Србите имаат. Турците имаат. И, да не ги набројувам другите заедници и малцинства кои живеат во Република Македонија или со оваа постохридска или постохридски договор поинаку наречени заедници. Денеска, овде, својот акцент сакам да го ставам да не се враќам на сето она со што се согласувам со моите соговорници од ВМРО-ДПМНЕ, својот акцент да го вратам и да го ставам токму на Македонците кои живеат надвор од границите на Република Македонија. Тоа се македонските иселеници, тоа се Македонците во соседна Албанија, кои државјанства почнав да ги издавам како министер за внатрешни работи, барања кои тоа време минатата година и пред тоа дневно доаѓаа под десетици илјади, Македонци кои живеат во соседна Бугарија, Македонци стотина и 200 илјади кои живеат во соседна Србија и Црна Гора, Македонци кои живеат во соседна Бугарија. Тоа беа барања што денеска ќе ја покажеа бројката од над еден милион Македонци. Бројка, сигурно која во ова време на борба за проценти многу ќе значеше за опстојувањето на Македонската држава. Ние сакаме да ја исечеме денеска, овде во Македонскиот Парламент врската помеѓу исселена и татковинска Македонија, врската помеѓу Македонците од соседството и врската помеѓу нивната единствена земја Република Македонија.

Дами и господо,

Јас не сакам да ви зборувам за демократијата во екс руските земји кои веќе не само аплицираат, туку се и членови на Европската унија. Не сакам да зборувам за земјите од тогаш поделениот свет на блокови, на Источен и Западен. Не сакам да зборувам дека токму таму, но ќе го земам примерот со соседна Бугарија.

Дами и господо,

Пред неколку месеци во соседна Бугарија се изгласа закон во кој се повикуваат сите Бугари по потекло да дојдат и да инвестираат во Бугарија по итна постапка да им се издаде државјанство, да земат бугарско државјанство, со што ќе може да им помогнат на нивната матична земја Бугарија. Многу Бугари по потекло од Украина, од некои други екс руски земји дојдоа во Република Бугарија и зедоа државјанство. Република Бугарија, според сите европски стандарди е поблиску за влез во Европа од Република Македонија.

Затоа, дами и господа, имајќи го предвид ова квази повикување кое нема реална материја, кое нема свој супстрат во она што е кажано, повикувањето на Европа, повикувањето на Евроатланската ориентација, не прави овде пред македонските граѓани и пред нас несериозни политичари.

Дами и господо, нашиот мандат да бидеме пратеници и да ги штитиме интересите на македонците и на македонските граѓани, оние кои заокружија за да седиме на овие клупички во Македонскиот Парламент, во овој законодавен дом, тие се нашите работодаватели. Не можеме нашите работодаватели да ги бараме надвор од границите на Република Македонија. Република Македонија во Европа е потребна, но како сојузник. Република Македонија која ќе може да одлучува за иднината на Европа. Република Македонија и Америка ја бара како сојузник, но за жал, наместо сојузништво ние покажуваме секојдневна сервилност, мислејќи дека со сервилноста ќе постигнеме некои возвишени цели. Република Македонија само со својот јасен став, со својата јасна визија, со одбраната на националниот концепт, пред се, и со обидите да ги врати сите македонци во Република Македонија и да им овозможи на оние македонци кои се во иселеништво, кои се надвор од границите на Република Македонија да добијат свое државјанство за да се зголеми на македонците, за да се покаже дека во оваа држава и натаму доминантен народ, согласно Уставот, согласно Договорот, променетиот устав после Рамковниот охридски договор, и натаму е доминантен народ македонскиот народ.

Ние кои споменуваме, кои заедно се вклучивме во одбраната на суверенитетот на Република Македонија, оние македонски “лавови”, “тигри” и “шкорпиони”, да не ги набројувам, кои во татковинската војна останаа и загинаа за Република Македонија, тие се тие кои ни го трасираа патот и кои се наша обврска да продолжиме да ја сочуваме Република Македонија.

Европските врати на Република Македонија околу нејзината апликација, дами и господо, се затворени. Затворени, и таа поразителна надворешна политика ја

гледаме секојдневно. Немоќта на оваа Влада ништо да направи за да се приближи кон Европа, овде, токму во овој законодавен дом прави експерименти.

Но на македонскиот народ, на граѓаните на Република Македонија им е доста од експерименти. Ние треба сериозно да се соочиме со проблемите, да ги читаме насловите на дневните весници, да ги читаме поднасловите. Еве, гледаме дека ПДП не ги признава изборите, односно резултатите од пописот. Гледаме дека секојдневно во Република Македонија ни се случува нешто што наликува на сериозна криза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бошковски, сепак држете се до темата на седницата.

ЉУБЕ БОШКОСКИ:

Да. Темата на оваа седница е многу сериозна. Темата на овој дневен ред е многу сериозна за да ние несериозно се однесуваме.

Сакам да ви кажам, бидејќи сум ограничен со времето, да ви кажам уште еднаш и да ве потсетам. Ова денес што ќе го изгласаме или нема да го изгласаме како опозиција, многу ќе значи за Република Македонија. Треба вие, господа од СДСМ да сватите дека со овие потези им го одземате правото на оние кои во вас веруваа и кои ве заокружија на последните парламнтарни избори.

Со овие потези и со овој закон, со измените на членот 11, со внесувањето преку изменетиот член 8 во Законот за државјанство, ние им го опструираме темелното право и го кршиме Уставот на Република Македонија, а тоа е да се грижиме за правата на македонците кои живеат надвор од границите на Република Македонија.

Овој македонски народ конечно е сит од сите оние формулации, сит е од она што му се сервира како готово решение и она што во пракса го преживува. На едни последни парламентарни избори во една, исто така, демократска држава, еден опозиционен лидер му кажа на веќе сменетиот лидер на една социјалдемократска партија: Господине, вие секојдневно зборувавте за Европа, за близината на нашата држава кон Европа. Вие како премиер постојано тврдевте дека народот живее добро, дека безбедносната ситуација во државата е одлична, дека ЈДП е одлично, дека ММФ потпишува аранжмани, но само еден проблем имавте - не ја видовте онаа волја, онаа желба и не ги видовте реакциите на сопствениот народ, кој од сето тоа што го наброивте ништо не почуствува на сопствената кожа.

И во името на тој народ, на овој македонски народ, ние немаме право да си поигруваме со судбината на македонскиот народ, на граѓаните кои живеат во Република Македонија и на иселениците кои живеат надвор од Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Љубе Бошковски, што сепак го прифативте моето барање.

Имаме време за реплики после пауза.

Објавувам пауза, а ќе продолжиме во 14,00 часот.

(Пауза од 13,00 часот).

По паузата седницата продолжи со работа во 14,05 часот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Го нема претставникот на Владата.

(Пристигнува и претставникот на Владата, господинот Хари Костов).

Почитувани пратеници, создадени се услови за работа, тука е и претставникот на Владата, па можеме да продолжиме.

Господинот Хари Костов реплика на господинот Бошкоски.

ХАРИ КОСТОВ:

Само на кратко околу претходната дискусија на пратеникот Бошкоски и на целата нелогичност и непоклопување на бројките околу тоа колку државјанства, како државјанства се издадени и какво побарување и издавање имало во време на неговото работење во МВР.

Господинот Бошкоски кажа дека тогаш владеела таква еуфорија во која секој ден имало по 10.000 барања од македонци по потекло вон границите на Република Македонија и секој ден по 10.000 луѓе се обраќале за добивање на македонско државјанство.

Ако е тоа точно, а не е точно, тогаш како може да ми се објасни бројката дека во цела 2002 година се издадени 8.903 македонски државјанства од кои нешто повеќе од 7.573 непосредно пред парламентарните избори во 2002 година. Односно, дали тогаш господинот Бошкоски, бил толку рестриктивен спрема македонците по потекло, па наместо 10.000 дневно да издава, издал само 7.500 пред изборите.

Сега би сакал да го прашам господинот Бошкоски дали му е познато името Арифи Ариф кој е предмет за прием во македонско државјанство, поднесено барање на 20 мај 2002 година, решението за прием во државјанство вон било каква законска

процедура издадено на 24 мај 2002 година, а мислам дека и по самото име видовте дека е навистина македонец по потекло, значи во рок од 4 дена е издадено државјанството, подигнато е на 27 август 2002 година, значи две недели пред парламентарните избори и сега она што е најчудно, се издава државјанство на лице кое е починато пред една година. Тоа е само еден пример.

Понатаму, дали му е познато име Љутвија Ческани на кого исто така му е одобрено македонско државјанство врз основа на фалсификуван “Извод од матичне књиге рођених” издаден од Косово и видете сега во Косово градот се вика во Крушево. Книгите се распоредени во Крушевац, ден, месец и година на раѓање 1890, 1930, родители и тн. родени во Република Србија и СРЈ, мајка родена во Република Србија и СРЈ и ни еден допирен елемент со било какво македонско државјанство.

Понатаму, за името Горан Дамир, Призрен СР Југославија и тн. и тн. во кој што нема никаков доказ дека има било каква допирна точка со Република Македонија и во кој што има само една изјава од татко Шукрија, мајка Раба, моминско Чучуљ и родени во село Брод, Гора СРЈ и така натака. И само една реченица во таа изјава по потекло македонци. Меѓутоа, во целокупната архива и документација, изводи на матична книга на родени и све друго документација неможе да се најде ниту еден елемент дека било тој, било родителите имаат допирна точка со Република Македонија.

И добро, да скратам заради  овие најакватантни примери околу тоа како се делени државјанства и ако сите тие седум илјади петсто и кусур, вон било каква законска постапка и очигледно само да се создаде определен број на гласачки ливчиња за 15 септември 2002 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, имате процедурално.

Повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господин претседателе, реагирам по однос на процедурата наменета е лично до вас затоа што се наметнува една лоша практика во Парламентот, бидејќи е уредено прашањето на однесувањето на пратениците и министрите во работењето на Парламентот, министер неможе да поставува прашање до пратеник. Се наметнува лоша пракса да не ни се случува во иднина. Може само пратеник да бара од министер. Таква е постапката, таква е процедурата и така треба да се однесуват министрите. Не за овој за сите министри. Ова е до вас господине претседателе. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро ја прифаќам таа забелешка. Само јас ова го сватив како можеби реторички прашања на кој што пратеникот и не мора да одговори.

Дали пратеникот Бошкоски има контра реплика?

Повелете.

ЉУБЕ БОШКОСКИ:

Јас немам намера да реплицирам на господинот Хари Костов, немам намера овде во Македонскиот Парламент повторно да се повторувам затоа што да се реплицира треба да се има од другата страна соговорник, човек кој ги сфаќа сериозните трендови, човек кој сваќа што во овој миг и се случува на Република Македонија, човек кој неможе да разбере дека оваа Влада секојдневно ја убива свеста на македонскиот народ, човек кој неможе да свати дека Македонија се наоѓа во сеериозна криза и дека е доведено во прашање нејзиното понатамошно опстојување, доколку нешто не се промени, а токму ние пратениците тука сме да ја промениме свеста и да наметнеме свои ставови за подоброто на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Тука завршуваме со овие реплики.

Господине Ружди Матоши, имате збор.

РУЖДИ МАТОШИ:

Почитуван претседателе, денес разговараме за едно сериозно прашање, сепак треба да се сконцентрираме повеќе на причините зошто се донесува Законот за државјанство. Дали можеби затоа што треба да им се олесни процедурата односно постапката на граѓаните за да го добијат овој потребен документ или пак затоа што Република Македонија е условена од страна на Советот на Европа, од страна на ЕУ, од страна на сите овие механизми на кои треба полека Македонија да им се приближи. Доколку анализираме првичните мотиви за тоа зошто граѓаните на Македонија треба да имаат државјанство затоа што јас констатирам дека сите оние луѓе кои немаат државјанство се сепак граѓани на Република Македонија и зошто тие луѓе треба да имаат документи за државјанство?

Првиот мотив односно граѓаните на Република Македонија имаат неприкосновено право да го имаат овој документ.

Јас констатирам дека овој закон треба да се донесе и да ги задоволи потребите на граѓаните, а не да го одразува сосема спротивното.

Меѓутоа, што се однесува до досегашните тешкотии кои одразени и во сегашниот закон кој што се предлага од Владата, имаат една голема сличност од

слични мотиви кои јас мислам, според тоа, дека не се прави еден соодветен избор, туку се прави еден делумен избор, делумно решение кое нема да ги задоволи потребите на граѓаните, посебно потребите на албанците.

Затоа што веќе 10-11 години шетаме, лутаме горе долу, албанските граѓани да се стекнат со државјанство.

Јас сум еден од оние граѓани кои со независноста, и осамостојувањто на Македонија ми беше негирано правото на државјанство и јас сум еден од оние граѓани кои минале низ процедури кои ги барала бирократската администрација во тоа време и многу добро знам како тече целата таа тешка процедура која ја има оваа администрација и за која јас мислам дека сега нема никакви измени со овие нови дополнувања, односно нема измени во однос на однесување на натамошната постапка. Процедурата од 1993-1994 година наваму беше многу тешка, освен што се работеше за тотално игнорирање на странките исто така граѓаните се соочуваа и со голема корупција, односно корумпираност и со многу други неправилности. Постапката беше обременета со многу документи што не е случај кај другите земји, било тоа да се земји од проанешна Југославија, било да се земји од Источна Европа, кои минувале низ сите овие проблеми, меѓутоа од аспект на процедура многу побрзо ги надминале таквите тешкотии и веќе ги немаат. Што сакам да кажам? Треба пред се, да биде разјаснето нешто од страна на Владата и од албанскиот партиципиент во владината коалиција. Јас сакам тие да ми докажат дали реално се решава проблемот на граѓаните кои пред осамостојувањето на Македонија имаат документи од поранешното Министерство за внатрешни работи на Социјалистичка Република Македонија во тоа време.

Јас што се однесува до оваа област лично сум запознаен со неа затоа што сум поминувал низ тие процедури и констатирам дека има сеуште многу граѓани на Република Македонија кои имале документи од поранешна Социјалистичка Република Македонија, а сепак тие и ден денеска лутаат по институции, лутаат со тие документи на рака и сепак не успеваат да се стекнат со државјанство. Како што знаете, граѓаните албанци барале и од меѓународните механизми излез од овие проблеми и многу граѓани албанци се обраќаат до УНХЦР. УНХЦР имаше специјална канцеларија за оваа работа и преку овој механизам се информираа меѓународните фактори дека оваа материја досега не била регулирана и ние ќе ви ги даваме нашите забелешки дека и натаму ќе се продолжи со истата песна и дека ништо нема да се реши.

Сега би сакал да ги спомнам случаите по следниот редослед. Граѓанин пред 1992 година бил заведен во Република Македонија, имал пасош, имал лична карта, основно и средно образование и бил целосно интегриран во институционалниот живот, во секојдневниот живот на Република Македонија. И тој граѓанин само поради фактот дека неговите родители се од Косово или се од некоја поранешна република не го ужива правото на државјанство и ден денес. Значи имаме голем број на луѓе кои се игнорирани и кои не го уживаат правото на државјанство до ден денес. Процедурално ние го анализираме законот и гледаме, јасно ни е дека за оваа категорија граѓани нема никаква разлика, нема никаква измена со која тие ќе се убедат дека процедурата за побрзо стекнување на државјанство се олеснува. Друга категорија на граѓани кои биле и потекнуваат од некоја поранешна југословенска република, било од Косово или од Црна Гора, или од некоја федерална единица на Југославија и е во работен однос во Република Македонија, има живеалиште, стан и сите други останати елементи кои нормално се развиваат во една средина а пак 1992 - 1993 година кога се усвојува Законот за државјанство, државјанството нему му се негира. И ден денес имаме такви случаи, многу такви случаи кои  сеуште се влечат поради овие појави. Друг случај треба да се спомене и граѓани кои се во брак со граѓанин од Република Македонија, значи странци кои се во брак со државјанин од Република Македонија и законот многу ја комплицира ситуацијата за тие во извесен рок да се стекнат со државјанство на Република Македонија. Но суштината на оваа област е дека Македонија мора на крај еднаш засекогаш да го реши проблемот кој што го наследила од поранешната југословенска Република Македонија. Проблемот со граѓани ко потекнуваат од другите федерални единици на поранешна Југославија, кои имале документи од овдешното Министерство за внатрешни работи, а сепак, до ден денес тие го неаат регулирано статусот на државјанство. Ги спомнав само категоријата на луѓе кои сеуште немаат пристап кон механизмите на бирократијата која ги игнорираат и не им даваат државјанство. Да се задржиме сега на процедурата. Од службеникот кој ги прифаќа документите за државјанство, барањето, потоа тој ги пренесува на првата инстанца, на втората, третата, значи ова претставува еден многу комплициран демагошки тежок систем и токму и меѓународниот фактор ова го има констатирано и има укажано дека Македонија мора да воспостави една поефикасна и поуверлива администрација, администрација која ќе се придржува кон Правилникот за државјанство. Во 1994 година сите раководни лица кои биле задолжени за спроведување на овој процес за жал, биле диригирани, автоматизирани за тие да

имаат посебно однесување кон граѓаните, кои го немаат регулирано овој статус. Јас порано кажав дека сам сум минал низ ова така да се сеќавам на шалтерот на МВР во Тетово, таму имше две личности, едната беше Олгица а другиот се викаше Мирче Савески. Тоа беа две лица кои немаа никаков елемент на соработка во однос на странките во однос да те насочат, да им помогнат на странките, со цел да им ја олеснат работата, за тие да си го решат проблемот со државјанство. Значи не треба да се остава на страна и работата на тогашната власт која преку инсталирање на една бирократска администрација која не сакаше дури ни да ги земе сериозно странките, туку само се обидуваше да ја избегне реализацијата на тој закон, само да ја комплицира работата и албанските граѓани да не можат да дојдат до државјанство. Вие од тука до вас имате исто така едно раководно лице кое што две години работи во пунктот во Куманово Ерол, кај кој граѓаните чекале по четири дена да влезат во канцеларијата на господинот Салих и некогаш и не успевале. Тука сакам на господата пратеници кои доаѓаат од Куманово да им кажам господинот што правеше во тој временски период кога на масакрирачки начин делуваше во администрацијата со цел да им оневозможи на граѓаните да добијат државјанство. За ова имам факти и нив ќе ги објавимем ако сакате, ние знаеме многу добро со кого соработува господинот во Куманово. За среќа тоа го знаат и пратениците, односно моите политички противници кои доаѓаат од Куманово, со кого господинот соработувал, колку бил корумпиран, како делувал и како ја отежнувал целата таа постапка за добивање државјанство. Уште еднаш сакам да повторам, тоа е една процедура низ која минав сам и лично моето семејство имаше личен проблем во таа насока од тотално неразбирливи причини. Од 1994 наваму имаше постојано корупција во оваа област и ме чуди фактот како Комисијата за корупција не делува во оваа насока и не ги гледа фактите во најмала рака да влијае во администрацијата во Република Македонија да ја направи транспарентна работата на администрацијата независно од која политичка провненција се тие. Јас консттирам дека Антикорупциската комисија треба да ја следи административната линија меѓу другото и административната линија за добивање на државјанство во која во изминатиот период мислам дека сме имале корупција. Сега да не излезе дека Антикорупциската комисија треба само да ги фаќа само некои главни корумпирани луѓе од високи позиции туку треба да оди и на подолните нивоа, инаку ќе ја сметаме Комисијата како селективна и како да не се однесува на сите, туку штити нечии партиски бои. Во однос на процедурата уште нешто да кажам за да се убедат граѓаните госпоѓата Теута рече нешто, рече нешто големо дека ние ја преземаме

одговорноста, јас тоа ќе го памтам, но и вие како Министерство во што пократок рок да ги направите транпарентни, односно да ги објавите во некој весник или на телевизија да ги објасните процедурите за добивање на државјанство, за граѓаните кои од 1992 година не го уживале ова право, а пред 1992 година имал документи од МВР. Потоа треба да се даде во јавноста процедурата за граѓаните чии родители потекнуваат од поранешна Југославија, а тој самиот од тука има извод од матична книга на родените а сепак нема државјанство. Јас се надевам дека многу брзо ќе ги видиме овие работи во весник и да кажете точно под еден е тоа потребно, под два е тоа потребно, под три е тоа потребно, со што е обременета оваа постапка, доколку направиме една споредба на решавањето на овој проблем со другите републики. Со овој проблем не се соочуваше само Словенија, го имаше Хрватска, Литванија, Естонија, Чехословачка и тн. сите овие се земји кои што ова го надминаа како проблем. Овој проблем моментално го има и Косово каде УНМИК на процедурален начин го решава постепено проблемот на граѓаните на Косово.

Што сакам да кажам со ова? Сакам да кажам дека Македонија е единствената држава која има една ваква обременета процедура. Од ова што ние го гледаме тука, мислам дека се работи повторно за истата документација и за истите услови. Доколку граѓанинот пред 1992 година има документи, има доказ за континуитетот на неговото живеење во Македонија, тој треба на автоматски начин да се стекне со државјанство, затоа што тој е овдешен жител, има куќа, стан и на таков автоматски начин граѓанинот кој потекнува од поранешните југословенски републики, треба на автоматски начин да се стекне со државјанство, што значи дека ние имаме голем број на граѓани кои не го уживаат тоа право и што се прави. Се вади зелениот картон. За да се извади тој зелен картон за странци, треба да се обезбедат 10 документи. Сите тие треба да се преведат на македонски јазик. Тие 10 документи чинеле во најмала рака 100 долари за да се преведат. 20 долари било услов секоја година да се продолжи за лична карта за странците. Тоа е неизмерно обременета процедура и зошто оваа категорија граѓани да го поднесува целиот тој административен товар за да се стекне со државјанство во една единица на една поранешна федрација од која се отцепила и сега е самостојна. И сите оние контакти кои што ги имаме со меѓународниот  контакт кои се постојани, констатираме дека само Македонија е единствен случај со ваква една обременета процедура, со еден ваков ланец на администрацијата кој треба да го поминат граѓаните.

Затоа нашите граѓани нема воопшто да влезат во дилемата членот 7, членот 6, членот 4 и тн. Тоа е една процедура која на нив треба јасно да им се објасни,

треба да им овозможите тие да бидат информирани, јавно информирани за тоа како можат да стигнат до државјанство. Тоа да го објавите во јавноста било преку весниците, преку телевизија за точно тие да знаат која е процедурата , дека се ослободени од стариот Закон и кои се квалитетите на новиот закон. Ова ќе биде во интерес на граѓаните кои на тој начин ќе можат многу подобро да ја разберат ситуацијата.

Тука имаме една многу сериозна забелешка во однос на инплементацијата на албанскиот јазик во однос на овој Закон. Тука имаме девијација, застранување од Охридскиот договор. Во Охридскиот договор се наведува дека освен Македонскиот јазик и Кирилското писмо официјален јазик претставува исто така и јазикот на населението кое претставува над 20% во Македонија и нивното писмо.

(г. Јани Макрадули коментира од место)

да, но Законот не е над Уставот. Законот е под Уставот. Јас не сум правник, меѓутоа неможеш да ми го продадеш. Законот е под Уставот, ние треба да се фатиме за Уставот. Уставот го вели ова.

Вие ќе кажете дека ова не го предвидува Охридскиот договор. На тоа ќе се обидете да се фатите, а јас констатирам дека го предвидува ова Охридскиот договор и оваа Влада секое утро кога се буди треба да чита по една одредба од Охридскиот договор, секогаш кога ќе легне да спие повторно треба да прочита по еден постулат од Охридскиот договор. Значи член 1 став 4 вели “Една држава, современа држава, демократска во природниот тек на развојот и нејзиното создавање треба постојано да обезбедува нејзиниот Устав постојано да ги исполнува потребите на сите нејзини граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди, како и самата да се развива постојано”. Доколку добро го анализирате овој член тука треба да се фатите за овој член и духот на Охридскиот договор е овој член и Македонија нема друга алтернатива освен да стане демократска и да ги заштитува во континуитет правата и постојано да се адаптира кон тие развојно-интегрирачки процеси.

Затоа јас мислам дека има тука застранување од Охридскиот договор и дека се нанесува штета на одредбите во однос на користењето на албанскиот јазик односно продолжуваат ударите кои ги прави сегашната Влада. Јас не сакам да биде така и мислам дека треба сериозно да се заземете со имплементацијата на Охридскиот договор во сите области и во однос на сите обврски кои произлегуваат од него.

Значи, тука констатираме дека има газење, непочитување на Охридскиот договор. Тој што треба да се стекне со државјанство треба да го знае само

македонскиот јазик, а аут за вториот официјален јазик - албанскиот. Тука така вие сте констатирале.

Јас верувам дека од оваа дискусија треба да разберете дека навистина граѓаните албанци во Македонија во текот на овој период биле во мака. Тоа се докажува и со голем број документи кои ги имам тука, дури и најпарадоксално има случаи на одземање на државјанството на албанците. Има случаи на граѓани на кои им е одземено државјанството дури иако воениот рок го отслужиле во Република Македонија.

(на пратениците им покажува документи)

Нив им било одземено државјанството, на некои млади луѓе кои што ја извршиле обврската кон државата. Има 14.10.2003 година еден свеж пример на барање од тој датум, чие државјанство е одземено и 11.10.2003 година. Три барања од Судот во Куманово каде се бара на овие луѓе да им се одземе државјанството кое веќе имаат извршено една обврска кон Република Македонија.

Сакам ова да послужи зошто им се одзема државјанството, затоа што немаат економска егзистенција. Веќе седум години овие луѓе имаат државјанство, а сосема неодамна се бара да им се одземе државјанството. Тука имаме некои други документи со оглед на фактот дека министерот спомна дека имиња. Јас не би сакал во оваа прилика со имиња да ги спомнувам тука има неколку документи на граѓани албанци тоа се граѓани на Македонија пред 1992 година, а тие сеуште лутаат по шалтерите на администрацијата, што значи и не наидуваат на разбирање социјалниот проблем да се разреши еднаш за секогаш.

Македонија мора да го реши овој проблем со овие граѓани. Одкако ќе го реши не е веќе битно каков ќе биде законот. Веќе каков и да биде закон нема да биде за нас , веќе ќе ни биде сеедно затоа што тој ќе биде еднаков за сите. . Тоа што е битно е да се разрешат овие случаи. Вие давате многу ниски бројки кај нас нема информации за многу поголем број. Само моето семејство има седум члена кои имаат проблеми, кои немаат државјанство поради овие процедури и затоа јас констатирам дека апсолутно мора овој проблем да се свати со најголема сериозност со надеж дека вие ќе ги објавите сите податоци во некој весник или во некој друг медиум .Јас лично ќе бидам многу активен во оваа насока, ќе ги подготвам 100, 200 можеби 300 странки, баратели кои ќе дојдат на шалтер да бараат државјанство согласно со новите одредби за кои мислиме дека не се практични во однос на добивањето на државјанство и се разбира секое игнорирање кое било случај досега ќе бидеме бескомпромисни и ќе се обидеме со најдлабоки можни меѓународни

механизми да ги искористиме и да докажеме дека Македонија не е подготвена да се реформира самата себе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Матоши.

Сега реплика, и пријавете се ве молам.

Г-динот Јусуф Арифи има реплика.

Повелете, три минути.

ЈУСУФ АРИФИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги.

Ги следам дискусиите на албанската опозиција, дискусијата на г. Матоши како и на неговите колеги од неговата партија и цело време дискутираат за тешкотиите кои ги имале оние кои поднесувале барање за добивање на државјанство на Република Македонија.

Токму поради оваа причина ние го оправдуваме. Ние велиме дека навистина албанците и другите имале проблеми да добијат државјанство. И оваа обврска, оваа одговорност ние ја прземаме преку предлагање на измени и дополнвуање на Законот со кој ќе се направат измени и дополнувања и на актуелниот Закон, кој може да се каже дека е дискриминаторски. Што се однесува до ова ние ќе се обидеме да го реализираме ова, можеби за две три години како политички субјект заедно со нашиот коалиционен партнер ќе успееме да го постигнеме официјализирањето на Тетовскиот универзитет и сите други цели кои биле во програмите на сите политички партии кои учествувале во овој Парламент.

Значи не ја гледам причината на ова ниво да се нападне овој Предлог на закон со оглед на тоа дека постојано говориме за тешкотиите. Тогаш треба да го дадат својот придонес и тие со цел овој Предлог на закон да биде усвоен што е можно поскоро и оние кои можеби имале проблеми во оваа насока да успеат да ги надминат што е можно поскоро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам .

Повелете г. Матоши.

Имате право на реплика од една минута.

РУЖДИ МАТОШИ:

Би сакал да му укажам на колегата дека овој закон нема да ги реши проблемите, ние мислиме, меѓутоа г-да вие сте на власт, ги слушнавте забелешките кои јас ги искажав и треба да влијаете врз администрацијата на самите шалтери, кои ги прифаќаат документите, до сите други скалила да внесете, да вработи албанци таму и да се помогне во оваа насока. Нема потреба тука да се даваат објаснувања.

Што се однесува до албански партиципиент јас добив гаранција од Теута која рече ние гарантираме за ова. Јас тоа нема да го заборавам и постојано ќе го повторувам до колку има застранување од овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Андреј Жерновски, а нека се подготви Никола Ќуркчиев.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да, почитуван претставник на Владата на Република Македонија,

Би сакал на саиот почеток да соопштам дека Пратеничката група на ЛДП ќе ги прифати предложените измени на Законот за државјанство. Морам да констатирам, а тоа е познато и на јавноста дека во нашата партија, во ЛДП, а веројатно и уште повеќе во Пратеничката група, како што е познато имаме и два три амандмани, постоеше една сериозна дебата околу либерализацијата на редовната натурализација, при што како клучни беа земени предвид политичките, правните и стручинте аргументи. Но за жал оние политички аргументи ги одбивме , кои со децении, со години, години наназад ги слушаме на политичката сцена на Република Македонија. Значи, правните аргументи се базата на која ја темелиме нашата поддршка за законското решение кое МВР му ги предлага на Собранието на Република Македонија.

Притоа морам да констатирам дека консесуално, консесуално поддршката за Евроинтеграциските процеси од сите политички субјекти во овој Парламент, како од позицијата, така и од опозицијата мора постојано да се изразува низ аргументирани дебати, а не низ паушални опсервации на настаните и дејствијата, кои дејствија се во директна релација со нашето приближување кон ЕУ. Одтаму, ако Советот на Европа, ако ОБСЕ ако Стејдепартментот, и останатите релевантни политички и стручни експертски меѓународни институции во изминатите 10-тина години не

предупредуваа дека имаме ригидни и рестрективни решенија во оваа свера кои не се усогласени со меѓународно-правните стандарди тогаш не постои дилема дека овој процес, оваа постапка, овој начин дека Македонија ја вршеше редовната натурализација мора едноставно да се корегира.

Ако Европската комисија разгледувајќи го Акциониот план за пристапување кон ЕУ во рамки на препораките ни укажува дека еден од клучните политички сегменти кој не сме го исполниле попрецизно или поефуменистички , за кој доцниме во исполнвуањето се токму измените и дополнувањата во Законот кој е тема денеска на дневен ред, тогаш ние кон тоа мора поинтензивно и многу порешително да пристапиме.

Конечно, ако сме ја ратификувале Европската конвенција за државјанство од 1 октомври оваа година да се применува тогаш е сосема извесно дека постапките за донесување мора да бидат забрзани, што не значи дека јавноста беше исклучена од дебата од овој, мора да признаеме, навистина исклучително важен законски проект.

Тоа се дел од аргументите кои стојат на страната на итноста, ако таа е вистинска. Зошто?

Ако едно од барањата на опозицијата, чинам клучното, беше овие измени да се донесат по објавувањето на пописните резултати, тоа заради темпото на расправите кое што го држиме во овој Парламент и се случи. Ги добивме резултатите од пописот и што радикално сега се смени во однос на позицијата која ја имаме кон овој Закон пред и по објавувањето на демогравската слика на Македонија. И пред и потоа укажувањето дека нема опасност од етнички дебаланс по прифаќањето на полибералната варијанта за стакнување на државјанство, со осум години легален и активен престој остануваат сосема исти, сосема идентични.

Ако државата олицотворена преку МВР, која работеше заедно и со домашни и со странски експерти на оваа проблематика тврди дека не постои опасност, за која опозицијата постојано говори и за која што и ние сакаме да слушнеме аргументи, 80 илјади, 100 илјади државјанства и тн. тогаш и податокот дека нема да надмине во максимален случај 12 илјади лица недозволиво е да не и веруваме. Напротив нивото на оваа дебата не смееме да го пуштиме на политичкиот тренд, бидејќи тој постојано е оптоварен со опсторукции, манипулации, погрешни и намерно погрешни толкувања и без двоумење со една од најслушаните мелодии во овој Парламент - кој е поголем Македонец, кој е помал Албанец, кој е помал Македонец, кој е поголем Албанец, поголем Македонец итн.

Ако со Европската конвенција ратификувана со Закон од минатиот состав на Собранието се укажува дека рокот за редовна натурализација неможе да биде подолг од 10 години зошто рокот од осум години би бил проблематичен за овој состав. Примери имаме во нашето опслужување каде освен Србија сите земји имаат помал број години од максимално утврдениот потребен за аплицирање за добивање државјанство. Беа спомнати земјите од ЕУ, Грција, Велика Британија седум години, Германија осум години, Норвешка седум години итн. итн. Таа одредба ниту влијае, ниту ќе влијае во иднина врз економските, безбедносните, социјалните капацитети на државата бидејќи е зацврстена со услови како што се освен осумгодишниот непрекинат и пријавен претстој, обезбеден стан, постојан извор на средства за егзистенција, лицето да не биде под кривична истрага.

Тоа, сакаме да признаеме или не, не се баш остварливи услови за стекнување на државјанство. Значи, аргументацијата на оние што го негираат ова, едноставно не држи.

Исто така и со незадоволство на одредени пратеници од партиите на македонските албанци не се согласуваме со условот со кој се бара лицето апликант да не ја загрозува безбедноста на државата. Ви се молам либерализацијата на условите за стекнување на државјанство, не може и не смее да отвори можност, на пример, еден Бил Ладен да стане и да се стекне со македонскко државјанство. Значи, како што реков, ве замолувам да не ја оптоваруваме со политика оваа, навистина стручна тематика и многу, многу осетлива.

Наша е задачата и наша е целта да се приближиме кон Европската унија и пратениците на ЛДП секогаш принципиелно ќе ги подржуваат оние закони кои ќе не доближуваат до Европската унија.

Понатаму, една од препораките е донесувањето на овој закон во согласност со Европската конвенција и ние тоа мора да се стремиме да го сториме. А, како што рековме и како што слушаме во целиот овој период, сите заедно како политички партии, сакаме тоа и да го сториме.

Од името на Пратеничката група на ЛДП ве повикувам да го подржиме овој предлог на Владата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Кедев од три минути.

САШКО КЕДЕВ:

Јас, на почетокот би се задржал на врската, корелацијата помеѓу донесувањето на овој закон и резултатите од пописот. Не беше нашата интенција да го видиме само процентот на припадниците на сите етнички заедници и потоа да го изградиме нашиот став во однос на овој закон. Во пописот се вклучени многу витални параметри, кои што заслужуваат многу посериозен пристап и посеопфатна анализа. Значи, не треба само да се гледа процентот на застапеност на етничките заедници, тоа не беше нашата интенција да видиме колку проценти има власи, колку проценти има албанци, колку проценти има македонци врз основа на тоа да зборуваме за овој закон. Нашата интенција е да сугерираме на Владата на Република Македонија за посериозен пристап во однос на вака витални закони. Значи, добро да се разгледа пописот, кој е процентот на луѓето кои што се опфатени во пописот, кои немаат државјанство, каква е нивната социјална структура, какво влијание ќе има на Буџетот на Република Македонија. Значи, не само да го видиме бројот и процентуалната застапеност.

И, уште еднаш накратко ќе се задржам на поврзаноста на препораките на Европската унија со овој закон. Уште еднаш, по трет пат ќе го поставам прашањето во однос на Република Словенија. Република Словенија е на влезот на Европската унија со обврски во однос на овој принцип на државјанство, кој дури сега ќе ги спроведува. А, ние, тие обврски ги завршивме пред 10 години, повеќе од 10 години. Значи, многу е важно да не манипулираме со обврски во однос на Европската конвенција, бидејќи Европската конвенција нуди не само права и обврски, меѓутоа, нути и критериуми од кои што се одзема државјанство. Значи, ние треба, ако веќе се придржуваме до препораките на Европската конвенција, многу посеопфатно да ги разгледаме тие препораки и да не ја заведуваме јавноста дека ова е препорака од Европската конвенција и мораме итно да го усвоиме овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Насуфи има реплика од три минути.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Убаво звучат зборовите и на позицијата, меѓутоа, јас повторно сакам да инсистирам. Не рможеме само декларативно да бидеме за Европа и Европската унија. Ве молам, членот 14 не е во согласност со Европската конвенција за државјанство. Членот 3 последниот став, членот 9 за тоа не добивме одговор што се

случува со граѓаните под 18 години, кои имаат право да се стекнат со државјанство врз основа на сукцесијата, врз основа на членот 14 не добивме одговор, затоа што според тоа што е наведено во закон, тие граѓани не се опфатени, не можат да се стекнат со државјанство. Затоа е и нашата сугестија. Токму она што го спомна господинот Матоши. Писмото од Европската унија зошто не се делувало во духот на тоа писмо, сега да не зборуваме сега пред граѓаните и пред јавноста која не следи дека ние сме за Европа, дека ќе правиме еден закон во согласност со Европската конвенција. Децидно укажуваме дека ова претставува само една фасада и воопшто не претставува решавање на проблемите на поедините граѓани кои имаат право на државјанство врз основа на сукцесијата. Токму во овој момент, токму сега една старица која веќе 45 години живее во Струга во Ливадишта - Струшко, државата и вели дека, може да ја избрка од држата затоа што нема државјанство. Ние сакаме да ги решиме овие проблеми. Законот кој што се предлага не ги решава проблемите и затоа предложивме да се повлече законот и да се дополни со овие сегменти кои ние како опозиција ги дадовме. Ова не претставува политички маркетинг, ова е една правна политичка потреба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот Коце Трајановски има реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Репликата се однесува на говорот на господинот Жерновски. Имено, тој рече дека како ЛДП прифаќаат во член 7 став 2 или од новиот член 3 кој што го менува членот 7 ставот 2, прифаќаат да биде 8 години. Јас сега би го прашал дали госпоѓата Лилјана Поповска е член ЛДП или не е. Јас мислам дека е и тоа многу значаен член, бидејќи таа поднесе амандман под број 5072/5 на 23.10.2003 година во 10,12 часот, во кој што бара менување, бројот 8 да се замени со бројот 10. Би сакал да го прашасм господинот Жерновски дасли ова е мислење лично на госпоѓата Лилјана Поповска, или тие како ЛДП го повлекуваат амандманот и дали во нивната партија имаат став.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Се разбира дека кога ќе дојде расправа за амандманите, ќе се изјаснам од името на пратеничката група. Некои колеги овде мора да сфатат дека во некои партии владее едноумие, во некои партии не владее едноумие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Аднан Јашари има реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Поради објективно информирање беше поставена една дилема овдека за децата кои што немаат 18 години или се под таа возраст.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Јашари, ова е реплика на реплика, тоа не го дозволувам, бидејќи тоа беше од господинот ..

АДНАН ЈАШАРИ:

Само за информација, ве молам ако може.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, реплика на реплика не може, земете збор ако сакате да дадете информации.

Има реплика господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас сакам да реплицирам што се однесува до интегрирањето на државата во Европската унија. Токму тоа е еден елемент, кој што не коренспондира со Европската унија, а што го има овој закон. Во Законот се вели дека барателот за државјанство треба да има стан или куќа да поседува, што никаде не е во согласност со земјите членки на Европската унија. Ние имаме голем број на граѓани албанци кои работат во Западна Европа и кои го добиле државјанство од Норвешка и тн., сите имаат станови под кирија и тие доаѓаат до државјанство. Во Македонија е услов да имаат стан или куќеа со име и со презиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи ги исцрпивме репликите, збор има пратеникот Никола Ќуркчиев, а нека се подготви пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Сите знаеме, свесни сме за сериозноста на ова прашање за кое ние овде расправаме и се разбира ќе треба да одлучиме. И покрај тоа, да бидам искрен се додека предлогот за измени и дополнувања на Законот за државјанство не помина низ владината процедура и не дојде во собраниска процедура, не верував дека ова прашање може да биде до тој степен исполитизиран, да послужи за застрашување на јавноста, за подгревање на меѓуетничката нетолеранција и спротивставеност. Имам впечаток дека воопшто не се, или не се поштедени од лични или партиски субјективизми и паушалности.

Колеги пратеници, немам ништо против, напротив, би ја поддржал секоја дискусија која нуди аргументирани ставови од интерес на подобрување на овој предлог закон. Значи, како што би се изразиле правниците, дискусија која нуди подобрување на правните финеси или техники на решенијата од предложениот закон. Исто така, сметам дека е во ред да ги споредиме сите аргументи со кои што располагаме по однос на рокот кој е даден за стекнување на правото за државјанство, ако сакате и за постапката за носење на измените и дополнувањата, па и секое поединечно решение што е понудено со овој предлог. Не само што сум согласен, туку ценам дека е добро дискутирајќи по овој предлог постојано да ги имаме предвид предностите и маните на постојниот закон, европското законодавство, вклучувајќи ја и се разбира многу спомenатата Конвенција, да ги компарираме нашите со искуствата на соседните земји од поблиското опкружување, се разбира вклучувајќи ја и Република Словенија. Меѓутоа, убаво би било кога сето тоа би го правеле објективно, со валидни аргументи, а не секој според своите лични партиски или незнам какви ставови, или би рекол дневно политички мотиви и интереси.

Сите знаеме во какви услови и од какви потреби произлезе законот кој сега е предмет на измени и дополнувања. Иако доста пати беа споменувани бројките, јас дел од тие ќе ги повторам, иако се јавни и познати, велам официјалните бројки, според кои во изминатите 11 години по основ на постојниот закон, со државјанство на Република Македонија се стекнале 113.000 лица и дека во моментов во постапка на прием имаме некаде околу 1.800 барања за државјанство,

дека на територијата на државата имаме 11.000 лица со уредно пријавен престој како странци и бројка од 26 или 260 лица, сосема исто, со статус на бегалци. Па сепак, и покрај овие официјалник бројки, парламентарната и вонпарламентарната опозиција веќе прогласија застрашувачки прилив на нови државјанства чија бројка според нивни слободни наоѓања се движела незнам од минимум 80.000, па се спомнуваат бројки и изјави до 500.000.

Во таков случај, лицемерна фразиологија и искривени тези во името на некаква моментна и општа загриженост на граѓанството, колку што може да посакате. Во целата оваа работа намерата не е приближување на нашето кон европското законодавство, односно усогласување со ратификуваната Европската конвенција за државјанство, туку ни помалку ни повеќе поедноставно да кажам, диверзија врз Република Македонија. Кој што сака нека каже, меѓутоа ваквата патетична злоупотреба на прашањето што е доста важно, мислам дека не треба да ни се случува.

Почитувани дами и господа пратеници,

Гледам навистина голема е желбата за допадливост кон граѓаните. Дури и по цена со шпекулации и тотално искривување на вистината, истите тие граѓани да бидат бестрашени до крај. Затоа, навистина се поставува прашањето зошто ние навистина седиме тука. Да им создаваме грижи на граѓаните, или за да ги решаваме нивните постојни грижи. Ако Министерството за внатрешни работи кој е надлежен државен орган по прашање на државјанствата вели дека: 1.709 граѓани имаат поднесено барање за добивање на државјанство, под претпоставка дека сите 10.500 странци со привремен и 602 со постојан престој во Република Македонија побараат наш е државјанство, што е апсолутно неверојатно, се наметнува прашањето која е логиката јавноста да се залаже за наводна евентуална наезда на ново население кое сигурно ќе го загрози опстанокот на Република Македонија. Зошто кога се шпекулира на оваа тема и по ова прашање, се наметнува атмосфера, се прави амбиент, како да по носењето на овој закон, од сите страни, од копно и од воздух, во Република Македонија ќе почнат без контрола да пристигаат некои луѓе туѓинци и право од шалтерите ќе подигнат државјанство. Зошто тотално се избегнува да се спомене на пример Законот за движење и престој на странци и условите што треба да се исполнат за да се престојуваили биде странец во Република Македонија. Зошто покрај ова што се зборува со спектакуларна загриженост, против измените, не се кажат и навидум други ситни нешта. На пример, како во другите земји во светот, така и во Република Македонија има ред и поредок,

во однос на тоа кој, каде и под кои услови може да влезе во државата, а кој зошто не може. Или пак, можеби не е предмет на дискусија претходно споменатиот закон, па затоа не се кажува дека и кај нас постојат документи за добивање на визи, заради кои причини и исто под кои услови и во кои рокови може да се престојува во Република Македонија, дека има соодветни исправи со кои се дозволува тоа, дека се води прецизна евиденција и тн.

Дами и господа пратеници,

Ако при дискутирањето се имаат предвид токму нормите, предвидени со Зконот за движење и престој на странци, што во суштина на некој начин е задолжителен статус пред евентуално барање и стекнување на државјанство, ситуацијата е многу поинаква, или веќе поинаква. Тогаш се разбива фамата дека државјанства би се делеле на лица без идентитет, или илегалци, на лица што диво, на црно се уфрлуваат во нашата држава, со првенствена цел да ни нанесат штета и зло и најпосле во таквите приказни, навистина има место за хорор. Претпоставувам, од тее причини, се избегнуваат и реалните аргументи, се шпекулира и целата работа се надува. Од таквиот приод на работата нема да имаме никаква полза, ниту државна, ниту национална, ниту безбедносна, ниту економска и да не набројувам, ниту сега, а ниту пак во иднина.

Затоа, почитувани колеги, да му пријдеме одговорно на прашањето без политички, етнички и други предрасуди, сериозно да го обидеме да дојдеме до најсоодветното решение, а мислам дека предлогот на Владата на Република Македонија воопшто не е далеку од тоа решение и јас навистина ќе го подржам предлогот и ќе гласам за измените и дополнувањата на законот за државјанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Ќуркчиев.

Реплика за г-динот Кедев од три минути, повелете.

САШКО КЕДЕВ:

Уште еднаш да кажам, бидејќи пак сме прозвани во однос на нашата загриженост при донесувањето на еден ваков есенцијален закон, мислам дека треба сите во оваа сала да бидеме загрижени и внимателни, без разлика на која партија припаѓаме, без разлика на нашата етничка припадност, бидејќи овој закон директно ги засега сите граѓани на Република Македонија, вклучувајќи ги сите етнички заедници.

Во однос на загриженоста, еве еден краток коментар во однос на резултатите од пописиот што беше објавен во понеделник, значи пред некој ден, како можеме да не бидеме загрижени, кога со сегашниот попис гледаме дека порастот на популацијата на РМ се должи скоро 90% на припадници на една етничка заедница. Мислам дека тоа е еден многу сериозен показател. Тоа уште еднаш покажува дека Владата несериозно пристапува при анализа и донесување на ваков предлог на закон.

Јас го поставив ова вчера, но уште еднаш го поставувам до министерот за внатрешни работи: Дали може да ни каже колку луѓе, според објавениот попис, го имаат регулирано прашањето на државјанство, а колку не го имаат регулирано државјанството.

Уште еднаш да го презентирам нашиот став дека ние се залагаме за принципиелно решавање на проблемот со државјанство, за решавање на сите административни и бирократски пречки со кои се соочуваат сите граѓани на РМ, без разлика на етничката заедница, и уште еднаш да потенцираме дека сме против неконтролирано зголемување и механички прилив на население, без оглед на етничката припадност. Да не се создавај поларизација во Парламентот дека нашиот пристап се должи токму кон една етничка заедница во однос на друга етничка заедница, бидејќи сме сигурни дека ваков сериозен законски проект ќе има сериозни импликации врз Буџетот на РМ, во однос на тоа што беше приложено дека воопшто нема да влијае овој предлог на закон врз Буџетот на РМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-дине Ќуркчиев, една минута.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Навистина, во добар дел од она што го кажа г-динот Кедев се согласувам. Незнам во што е репликата, меѓутоа, еве накратко да го кажам она што можеби требаше да го кажам од говорница па сега ќе бидеј појасно.

Досега во дискусиите, па и во репликите на колегите од опозицијата, повеќе од очигледна е желбата за стекнување на некакви виртуелни поени. Велам виртуелни од причина што и критиките за овој закон се виртуелни. Друга ќе беше ситуацијата ако било кој пратеник од опозицијата, се едно дали бил претходно министер или не, станеше и кажеше со име и презиме тоа и тоа лице или лица против законито од тие и тие причини се стекнале со државјанство и ние . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Измина една минута за контрареплика.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Може ли уште 30 секунди?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не може.

Реплика за г-ѓата Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас сакам само да се навратам накратко на коментарот на г-динот Ќуркчиев со неговите изјави дека парламентарната опозиција дава застрашувачки изјави, патетична злоупотреба на бројките и јавноста се залажува со податоци кои ги дава опозицијата.

Само би сакала да го потсетам г-динот Ќуркчиев можеби 11 месеци овде имавме расправа за тн., Бранков закон, во која опоозицијата упорно тврдеше дека Бранковиот закон нема да ги постигне ефектите. Меѓутоа, парламентарното мнозинство успеа да го усвои законот и после 6-7 месеци се утврди дека овој закон нема ефект. Зошто тогаш овие укажувања кои ги има опозицијата во однос на државјанството да не бидат со истата интенција со која беше критикуван и Бранковиот закон.

Тогаш навистина се поставува прашањето дали според г-динот Ќуркчиев опозицијата нема право да укажува на неправилностите во предлозите на Владата и дали навистина постои потреба ние овде да бидеме присутни, како што кажа годинот Ќуркчиев.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, г-дине Ќуркчиев, една минута контрареплика.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Би ве замолил да биде точно толку.

Навистина многу пати се наоѓавме во состојба да дискутираме по овој предлог закон заеднички. Ценам дека во име на СДСМ можам да кажам дека сум подготвен да поддржиме иницијатива за формирање посебна комисија, која ќе ги испита сите ваши сомневања и шпекулации во однос на државјанствата што се издадени досега. Дури, убеден сум дека ако таквата иницијатива не дојде токму од опозицијата, повторно ако ја предложиме ќе биде дочекана на нож. А во сите дискусии досега навистина се спомнуваа некои искуствени работи. Токму за тоа јас зборував.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Џевдет Насуфи, реплика.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Жал ми е што повторно темите се банализираат во таква смисла, а конкретните забелешки во врска со законот сега и од пратеникот Ќуркчиев се сметаат како виртуелни критики. Но, не станува збор за виртуелни критики, бидејќи дискусијата беше многу критична или пак виртуелна пропаганда.

Но, доколку се повикуваме на член 3, член 9, на член 14, на тезата дали е во согласност со конвенцијата, човек што има само покана а не е казнет, за да се казни, да не добие државјанство - тоа е есенцијално прашање. Доколку дете од 18 години, после сукцесијата не може да поднесе барање, бидејќи е ограничено со самиот член 14, тогаш не станува збор за критика и пропаганда, тоа е нешто многу практично. Ние треба да се навратиме на овие прашања, ако не денес, тогаш утре сигурно, бидејќи не е решено прашањето на статусот на еден голем број на граѓани кои со осамостојувањето на Македонија, се најдоа во Македонија, а претходно имале државјанство на поранешна Југославија или пак на одредени републики.

Ве молам, да не ги мешаме прашањата, феномените, правни политички инт., овој закон денес е на разгледување во овој парламент и сите треба на еден принципиелен начин да го решиме прашањето не во врска со оние што ќе дојдат, не утре или задутре, туку на оние кои се со години тука. Неслучајно ја спомнав жената од Струга која 45-50 години е мажена таму, нема државјанство и денес треба таа да замине. Тоа се индивидуални прашања. Но кои говорат многу. Ние сме тие кои треба да дадеме одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имам еден коментар, некој користи постојано право на 3 минути реплика за да си го каже она што не го кажал. Јас ќе прекинам било која реплика ако оценам дека не е реплика во врска со претходниот излагач.

Повелете г-дине Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Године Насуфи, доколку сите имаме добри намери за да го донесеме овој закон, се ова што ќе биде кажано ќе биде сватено најдобро намерно.

Јас навистина немам намера да го оценувам вашето четиригодишно работење како министер, меѓутоа, навистина претпоставувам дека таа госпоѓа од Струга се запрашува зошто токму во вашиот мандат не и помогнавте таа да го добие тоа државјанство. Претпоставувам дека голем број на граѓани си го поставуваат тоа

прашање. Дали тогаш како министер имавте можеби помалку ингеренции, а сега како пратеник повеќе, па треба да се додворуваме навистина до граѓаните.

Ако има некој предлог за подобрување на законот, подготвени сме да дискутираме за тоа, меѓутоа, конкретно, а не да зборуваме за некакви искуствени постапки кои ги имавте во вашето владеење.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Реплика има г-динот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Репликата се однесува на дискусијата на колегата Ќуркчиев во смисла на фалење на Европските норми на овој закон. Што сакам да кажам?

Постојниот закон за државјанство е стар веќе 10 години. Ова е 10-та година. Тој беше донесен од СДСМ и тогаш беше фален како Европски закон. После еден ваков Европски закон, кој го имавме од 1993 година наваму, нам ни се случи она што и министерот Хари Костов го кажа, го призна. Наше тврдење беше дека биле 140 илјади, меѓутоа, тој кажа дека биле 113 илјади нови државјанства во тој период пред претседателските избори, кога беше избран претседателот Киро Глигоров. Сега тој закон не чини, треба да донесеме некој закон кој е супер европски закон и не се потпираме воопшто на ниедно експертско мислење или било какво друго мислење, а опозицијата станува наеднаш еден виртуелен партнер кој не може да ги согледа работите. Меѓутоа, овде очигледно фали визија на СДСМ, тоа е тој закон што тие го донесоа, а сега го менуваат.

Би споменал дека има  Извештај на Меѓународната кризна група и тоа беше објавено во медиумите дека после донесувањето на еден ваков закон, во Македонија ќе има нови 70 до 80 илјади државјанства што на некој начин еве инцидентно се поклопува со оние резултати што ги добиваме од пописот, а тоа не беше предмет на анализа ни на кризната група ниту на експертите, затоа што се покажа дека практично имаме околу 80 илјади луѓе во државата кои на разни начини имаат разни папири, евидентирани се, меѓутоа не се регулирани во статус на граѓани на РМ.

Токму од тие причини само дса кажам дека немањето на своја визија не треба да се меша со виртуелната опозиција, која упорно сака да ја наметне г-динот Ќуркчиев.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Една минута контрареплика за г-динот Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Навистина се соглсувам со оценката на г-динот Оровчанец што велил дека знаеме да носиме добри закони и јас се согласувам со тоа, меѓутоа, ништо нема вечно. Ако сме донеле закон, сигурно треба да се кажат аргументи зошто новиот закон што го носиме е полош од постојниот ако овој закон е подобар од овој што го носиме тогаш да не го донесеме, меѓутоа, треба аргументи за та.

Пред мене го имам Извештајот на Меѓународната кризна група и јас барам да ми се каже каде се споменува нешто од она што го зборуваше г-динот Оровчанец.

И една друга работа. Барем во предизборните активности што ги имаа сите партии се наслушавме дека навистина се дадени 140 илјади државјанства за година или две. Мислам дека апсолутно таа лага повеќе не врви и повеќе од јасно е на сите граѓани која е бројката и каква е бројката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Реплика за г-динот Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Нема сомневање дека реакциите на пратениците од ДПА се добронамерни, затоа што приодот во однос на овој закон од наша страна е аргументиран. Затоа сведочат и амандманите кои пратениците од оваа партија ги имаат поднесено во однос на овој закон.

Беше речено и од страна на некои пратеници опоцизијата дека ќе видиме како ќе се имплементира овој закон во практика и доколку има проблеми, нормално, ќе може повтроно да дојде до измени на законот, а тоа е една несериозна работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие реплицирате на Ќуркчиев. Со ова што го зборувате реплицирате на позицијата на ДУИ.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

На повикот за соработка, што г-дин Ќуркчиев кажа во однос на подобрување на текстот. Значи, ние можеме да седнеме да разговараме, имаме амандмани во врска со ова прашање и во вториот дел, кога рече да се формира Комисијата, исто така, ние сме подготвени да дадеме едно квалитативно менување кон граѓаните, тие да не бидат цел на политички игри и заедно да го направиме она што е за доброто на граѓаните и да им го решиме проблемот, без да добие некој субјект во нивната несреќа.

Значи, нашиот приод беше многу принципиелен, начелен, многу аргументиран и фактите што ние ги понудивме навистина се вистинити дека со овој закон навистина не се решаваат проблемите на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три муниту реплика за г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Репликата се однесува на г-динот Ќуркчиев.

Имено, искажа дека опозицијата се служи со лицемерна филозовија, па тетична злоупотреба, шпекулира со граѓаните и слично.

Јас би сакал да му напоменам на г-динот Ќуркчиев дека јас сум загрижен што вие како позиција не сте загрижени, и ова е многу опасно за Република Македонија.

Инаку, во врска со демантот дека тоа не е лицемерна филозовија и патетична по употреба би сакал да го потсетам дека Законот за измени и дополнување на Законот за државјанство во 2000-та година од страна на експертската група имаше изготвен предлог на закон, кој не дојде во Владина и парламентарна процедура, кој го правеа експертите. И овој закон кој што гледаме 90% е ист, освен спорните членови. Тоа е спорноста во членот 7, 11 и новиот член 14 што сега се додава, па од овие спорни членови, дури и преку весниците, членовите на експертиските групи јавно се оградија дека не стојат зад овие членови, дека тие членови се практично плод на меѓупартиски пазарења меѓу СДСМ и ДУИ.

И уште нешто. И тогаш кога се донесуваше законот беше прдлог 10 години, и тогашната опозиција СДСМ а сегашна позиција, јавно искажа дека се создава можност за злоупотреба и еден вид закана и можност да се наруши меѓу етничката рамнотежа во Република Македонија, додека сега гледаме еден сосема друг и спротивен начин на однесување на СДСМ. Според тоа, јас незнам кој повеќе се бави со лицемерие, дали ВМРО ДПМНЕ или СДСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контрареплика за г-динот Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Ако до 2000-та година, г-дине Трајановски, сте имале готов предлог на закон, навистина се поставува прашање зошто истиот не е донесен. Велите дека овој закон ги содрзи 90% сите елементи освен некои спорни членови за кои дискутираме и треба да дискутираме, тоа однапред значи, дека законот е добар и го поддржувате.

Што се однесува до злоупотребите секогаш може да ги има, ако тие се дозволат да ги има.

И една друга работа. дајте да го симнеме сето она за што всушност се шпекулира, а тоа е како досега се давани во овој изминат период државјанствата. Ако се уште стоите зад тие тврдења и шпекулации, еве ние ќе ја поддржиме Вашата иницијатива за формирање на посебна комисија, која ќе ги испита сите ваши сомневања. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Изминува минутата за контрареплика, завршувајте.

Имам уште една реплика, за пратеничката Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господинот Ќуркчиев ја обвини опозицијата дека има виртуални критики за да собира виртуални поени. Ќе го прашам г-динот Ќуркчиев, зошто ние значи наместо како опозиција да нагаѓаме колку државјанства ќе се добијат по овој закон. Зошто вашиот предлог г-дине Ќуркчиев не се темели на една сериозна анализа која ќе произлезе од квантитативни податоци и со нив аргументирано вие ќе не убедите дека овие решенија се тие што и се потребни на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Жарко Караџоски има реплика.

Ова е последна реплика. Имам право да не давам веќе реплики.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ;

Почитуван претседателе, до скоро имавме еден пратеник кој сега е малку унапреден, па од него излезе една парола која гласаше вака: Изненадете не, изненадете се сами себе. Јас навистина очекував од г-динот Ќуркчиев дека прво ќе не изненади нас, а и самиот себе. Меѓутоа, ако некој не изненади на оваа седница, тоа не изненадивте вие што барем му дозволивте уште десет секунди на г-динот Ќукрчиев да ги дозавршува репликите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Со вакви реплики никогаш повеќе нема да ви давам реплики.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата, се надевам дека по моето излагање во кое ќе презентирам се разбира спротивни ставови и гледишта од ставовите на предлагачот на овој закон и од парламентарното мнозинство, нема да бидам обвинета дека говорам невистина, нема да бидам обвинета дека лажам, дека собирам политички поени, дека го

залажуваме народот, имајки во превид дека токму собраниската говорница е место каде што на најдемократски начин можат да се искажат спротивставени мислења и ставови, а впрочем и слободата на изразување на спротивставени, односно различни мислења и ставови колку што се сеќавам е една од најголемите придобивки на плурализмот.

Но, да се вратам на точката на дневен ред, а тоа е Предлогот на законот и воглавно едноставно ќе ги повторам сите ставови и гледишта кои претходно ги искажаа моите сопартијци во однос на  донесувањето на овој закон.

Она што ВМРО-ДПМНЕ не може да го прифати е актуелниот тренд кој го наметнува оваа Влада, а кој без резервно е подржан од парламентарното мнозинство, а тоа е донесување на закони кои се од витално значење за државата по една скратена постапка, особено за еден ваков закон кој ги регулира односите во една исклучително суптилна сфера. Еден од најголемите аргументи на предлагачот зошто овој закон се носи по скратена постапка, во самиот Предлог на закон пишува многу штуро: со оглед на тоа што не е во прашање сложен и обемен закон. Ако законот за државјанство не е сложен и обемен , ако импликациите од донесувањето на  овој закон не се сложени и обемни, тогаш јас навистина незнам со кого може  да полемизираме во оваа собраниска сала. Ние навистина не можеме да се согласиме еден ваков закон да биде донесен во една ваква постапка и без претходно изготвена една опсежна анализа во смисла на бројот на лицата кои по различни основи ќе се здобијат со државјанство, за нивната структура и како сето тоа ќе се одрази како врз економската, така и врз социјалните состојби во државата, имајки во предвид дека стапката на невработеност годинава достигна рекордни 36,7%. Значи, како сето тоа ќе се одрази врз Буџетот на  Република Македонија  и врз џебот на секој граѓанин. Бевме обвинети дека се плашиме од механички прилив на населението. Јас слободно без страв ќе кажам од оваа говорница дека ние навистина се плашиме од механичкиот прилив на населението и секој свесен и лојален граѓанин на оваа држава би требало да си го постави истото прашање и да се запраша самиот себе што тоа ќе значи за  Република Македонија  во иднина.

Еден од најголемите аргументи, ако не и единствен аргумент кој  ни го посочува предлагачот, а кој  е истакнуван и за време на дискусиите на членовите од парламентарното мнозинство за потребите од донесувањето на овој закон, значи, повторно ќе кажам, по една скратена постапка и без сеопфатна анализа е усогласување со Европската конвенција и со процесот на Евроинтеграциите, односно хармонизација на домашното законодавство со истото од ЕУ. И по незнам

кој пат се манипулира како со евроинтеграциските процеси, така и со усогалсување на европското законодавство.

Кога сме веќе кај Европската конвенција, би сакала да потенцирам и конечно да и објасниме на јавноста дека Европската конвенција за државјанство претставува збир на стандарди кои немаат обврзувачки карактер, туку само претставуваат препорака за регулирање на домашното законодавство. Во тој контекст и како илустрација на ова што пред малку го кажав , дозволете ми да прочитам неколку цитати од Европската конвенција. Во преамбулата стои: во однос на прашањата за државјанството треба да се предвиди, да се земат предвид и легитимните интереси на државата. Повторувам, да се земат во предвид и легитимните интереси на државата. Значи, ништо обврзувачки. Понатаму, исто така во преамбулата: секоја држава е слободна да одлучи какви последици ќе предвиди во своето национално законодавство за ситуации кога еден државјанин стекнал, или поседувал уште едно државјанство. Значи повторно нема обврзувачки карактер.

Понатаму, членот 26 во кој се зборува за влијанието на оваа конвенција. Пишува: одредбите на оваа конвенција не ги ограничуваат одредбите од внатрешното законодавство и од обврзувачките меѓународни инстументи кои се веќе во сила, или можат да стапат во сила според кои на лицата им се доделуваат, или може да им се доделат поволни права во однос на државјанството. Затоа јас ве молам во иднина, значи да не ја повторуваме оваа провидна приказна, дека единствениот аргумент е потребата да се усогласиме со Европската конвенција која сме ја потпишале и сме ја ратификувале. Дека не сте доследни во однос на спроведувањето на Европската конвенција и дека сето тоа е само со цел да се прикрие вистинската позадина за донесување на овој закон, ќе го прашам предлагачот на овој закон, зошто доследно не ја спроведува Европската конвенција и зошто во овој закон не е вметнат да речеме членот 7 во кој се зборува за губење на државјанството. Дозволете ми и тоа да го прочитам. Значи, во кои ситуации на лицето може да му биде одземено државјанството. На лицето може да му биде одземено државјанството во следните ситуации, доброволно служење во странска војска. Тоа го нема во овој Предлог закон, однесување што сериозно ги загрозува виталните интереси на државата. По овој основ почитувани дами и господа, по овој основ прв кој ќе треба да го изгуби државјанството е актуелниот потпретседател на Собранието на Република Македонија кој го напушти претходниот собраниски состав и знаете каде замина и зошто замина и каква униформа носеше и дел од пратеничката група на ДУИ. Затоа ве молам да не ни кажувате приказни од типот,

дека ние брзаме да ги фатиме евроинтеграциските процеси, дека мораме да се усогласиме со Европската конвенција за државјанство, а позадината е многу провидна и многу приземна. Тоа е дил, политички дил меѓу коалиционите партнери во Владата со цел таа Влада да опстои, да функционира во иднина и со цел здобивање на одредени политички поени наспроти претсдателските избори догодина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Борис Кондарко реплика, повелете, три минути.

БОРИС КОНДАРКО:

Претседателе, Ве молам внимавајте на времето, три минути.

Госпоѓа Самоилова Цветановска, Вие денеска и вчера не обвинивте дека ние не ги прифаќаме туѓите аргументи на опозицијата и тезите на опозицијата во врска со расправата по овој закон. Морам да ви кажам дека тоа е нормално во една политичка плурална демократија да не се прифаќаат. Меѓутоа, нормално е исто така да се нудат и свои аргументи и за тоа да се нудат соодветни образложенија и докази. Вие слободно можете да ги нудите вашите и тоа е демократски. Меѓутоа, не смеете да забранувате некој да ви ги критикува вашите аргументи и тези. Тоа што го барате, тоа не е демократски. Понатаму, механички прилив, обвинувате за механички прилив. Ниеден доказ не беше овде изнесен дека Република Македонија е загрозена од некој механички прилив. Престанете со такви неаргументирани тези, или понудете соодветни докази.

Трето, вие ја образложувавте Европската конвенција за државјанство која беше ратификувана од ова Собрание во вашиот мандат на 18.02.2002 година. И велите цело време дека не била обврзувачка. Не е точно дека не е обврзувачка, таа е обврзувачка, меѓутоа кога веќе сме ја потпишале, мора да ја применуваме и затоа е обврзувачка. А и вчера бевте потсетени како опозиција на членот 118 од Уставот на Република Македонија каде што меѓународните договори кои се ратификувани во ова Собрание стануваат дел од домашниот правен поредок и тие мора да бидат применети. И што е најважно последната реченица од членот 118 од Уставот гласи, дека тие не можат да се менуваат ни со закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика , една минута Ганка Самоилова-Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Јас навистина нема да можам за една минута се' да одговорам. Но, затоа ќе се задржам на механичкиот прилив и затоа само ќе ви посочам да ги видите

последните резултати од пописот каде што 90% од зголемувањето на популацијата се должи токму на една етничка заедница. А во однос на демократијата, аргументите изнесени тука од едната страна и контра аргументите од другата страна за прв пат во мојот пратенички мандат , можеби ќе биде за последен до крајот на мојот мандат, се согласувам со г-динот Кондарко.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, јас само во интерес на јавноста да потсетам дека без разлика, ако сакаме да бидеме формални, она што е суштина е дека за овој Предлог на закон раправаа и комисиите во Собранието. Имаше телевизиски дебатни емисии, имаше меѓупартиска средба меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ и сите координатори добивме податоци од МВР за одредени бројки и показатели во однос на предложените евентуални државјанства што би се добиле. Затоа мислам дека сите аргументи се тука од оваа страна присутни, повелете кажете ги тие бројки што се сомневата и демантирајте ги тие. Така се води конструктивна расправа.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Пописот г-дине Макрадули, пописот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е рекорд.

Има збор пратеникот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници, почитувани претставници на Владата,

Денес на дневен ред имаме едно навистина суштинско прашање кое се однесува на интересите на граѓаните на Република Македонија . Јас посебно во мое лично име и во име на мојата партија го изразувам задоволството што денес имаме на дневен ред Предлог за измена и дополнвуање на Законот за државјанство, затоа што имајки ги предвид потребите на граѓаните и во текот на овие изминати години од осамостојувањето на Македонија до денес соочувајки се често со нивните маки, со нивните интереси, ние денес имаме пред нас Предлог за измена и дополнување на Законот за државјанство кој мислам дека ќе биде од интерес за граѓаните на Република Македонија . Инаку нема потреба да се предложи дополнување и измена на закон доколку тоа не е во интерес на граѓаните. Затоа, во оваа насока би сакал да истакнам дека пред неколку дена, односно пред одредено време истиот предлог го

даде и ПДП, меѓутоа тој предлог беше отфрлен со негативна сугестија како од Владата , така и од пратениците. А ние сакавме во оваа насока да ги придвижиме работите, да делуваме во интерес на оние кои ги претставуваме. Меѓутоа, сепак успеавме да ставиме во движење една машинерија Владата на Република Македонија за денес да предложи еден закон кој навистина ќе ги задоволи и ќе биде во интерес на граѓаните за да регулира едно прашање кое е од суштествен интерес за нив. Меѓутоа, јас со полно право можам денес да кажам тука од оваа говорница дека на оваа говорница имаше двострани дебати, дебати меѓу она што се нарекува опозиција и тоа што се нарекува позиција. И не видов ништо друго освен дебати каде Владата и претставниците на Владата го бранеа законот,а претставниците на опозицијата, посебно македонската опозиција кои по секој услов не сакаа да зборуваат за законот, туку сакаа да говорат за албанците во Република Македонија . И ова мислам дека треба да биде неприфатливо не само за мене, туку за сите нас. Околу овие идеи, околу овие дебати , на овие дебати треба еднаш за секогаш да им се стави крај , бидејки Македонија не е таа од пред 10 години од осамостојувањето, туку денес имаме една нова Македонија, Македонија која произлегува од еден нов Устав после еден договор кој што е постигнат со Охридскиот договор. Мислам дека нема веќе место за да се заземаме со самите себе, со минатото,и на штета на една заедница во Република Македонија . Оваа држава ќе постои, ќе постои и понатаму и сите перспективи и развој во сите области на животот само доколку се постигне таа национална еднаквост во Република Македонија . Инаку, ако се оди со обвинување на еден етникум кон друг , верувајте дека тоа не не води нигде, само во насока на ваков вид дебати и нема да имаме доволно силни аргументи за да одбиеме некоја идеа, или некое мислење било тоа да доаѓа од позицијата, или од опозицијата. Јас во оваа ситуација се чувствувам малку поинаку од другите затоа што мислам дека мојот приоритет во оваа насока , овие предлог измени го претставуваат токму предлогот на ПДП кој како што реков претходно не беше прифатен од овој Парламент. Меѓутоа , со некои мали модификации направени од страна на Владата денес на дневен ред е тој ист предлог.

Денеска освен што сакам да го пофалам или оспорам законот затоа што има моменти каде тој треба да се пофали, меѓутоа и да се оспори, затоа што јас не знам и не верувам дека овој предлог ам блок ќе ги реши проблемите на граѓаните.

Второ, сакам да кажам дека е многу потребно и непосредна потреба е, за сите граѓани на Република Македонија да се усвои еден таков закон. Но, доколку има потреба натаму ќе има и надополнување на законот за тој да може да биде во

функција на граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, не би можел да се согласам со некои дискусии кои беа кажани од оваа говорница каде се обвинува еден етникум. Во ниеден момент не сакав да влезам во некое реплицирање, во некоја дебата затоа што мислам дека тоа не не води во соодветен правец, иако постоеја моменти кога можев да земам збор и да кажам нешто што го мислев во однос на тоа, меѓутоа не знам колку тоа ќе беше во интерес на граѓаните на Република Македонија. Денес тука повеќе се говори за тоа кој што брани и како го брани, независно од тоа кој колку ќе пати во иднина. Затоа сите ние треба да бидеме во функција на регулирање на прашањето, на еден многу значаен сегмент за граѓаните на Република Македонија, а тоа е државјанството. Не треба да се манипулира јавноста на Република Македонија со лажни бројки за кои може да се говори само во меѓупартиски односи или во разните чејџилници и кафулиња, туку треба да се говори за реалноста, за фактичката состојба и треба да се говори за тоа што навистина претставува проблем, и за тоа со какви проблеми ние се соочуваме.

Се кажа дека законот беше усвоен веднаш по осамостојувањето на Република Македонија. Тоа е вистина, меѓутоа не со согласноста на албанците кои беа присутни во овој Парламент. Сегашната потреба и самото време импонира да се направат овие измени на законот.

Некој рече дека Европа не ни наредува да го измениме Законот за државјанство, затоа што и кога прв пат се усвои овој закон Европа не беше прашана. Македонија е во ситуација кога претендира да стане членка на Европската унија и НАТО и Македонија треба прво да си го исчисти својот двор, да си ги реши прашањата внатре за да може да биде дел од овие структури, што претставува желба на сите нас и за што имаме консензус сите ние. Доколку ние не го исчистиме сопствениот двор нема да имаме право да преземеме друг чекор за да стигнеме таму каде што е нашиот интерес, каде што е интересот на Република Македонија и нејзините граѓани. Затоа во тој правец сакам да кажам дека тука не мислам, априори, треба да се одбие. Законот треба да се поддржи со сите сугестии и дополнувања што треба да се дадат тука на оваа говорница.

Јас не велам дека законот е многу добар. Тој има многу недостатоци што ќе се обидеме преку амандмани што сме ги поднеле, да бидат прифатени од страна на Владата. Доколку тие не бидат прифатени, сигурно тогаш останува само желбата, добрата волја и ништо во однос на практичната страна за да може граѓанинот да го почувствува тоа што ние денес во Парламентот ќе го усвоиме.

Доколку и ние во Парламентот донесеме закон кој не е во функција на граѓанинот, верувајте дека тогаш ништо не сме направиле, само сме направиле козметички измени кои навистина не се во ничиј интерес и тие ќе останат само на хартија и повторно граѓаните и натаму ќе се соочуваат со проблемите со кои се соочувале и досега.

Ние гледаме дека денес дебатата се води околу членот 7.

Јас на почетокот кажав и сега сакам пак да кажам. Тука цел се обвинуваат албанците, дека албанците ќе го нарушат демографското дефинирање на државата, дека ќе се зголеми бројот на албанците доколку се прифатат измените. Ова е апсурдно. Да не се занимаваме со вакви искривени тези, доколку сакаме да правиме маркетинг кај некоја етничка заедница или воопшто пред електоратот. Така нема да стигнеме никаде, доколку денес тема на разговор се само албанците во Република Македонија, доколку само се обвинуваат албанците дека ќе го зголемат бројот. Немојте премногу да зборувате околу пописот. Што да им првиме на албанците, да ги убиваме, да ги избркаме од државата за некој да стане мнозинство а друг малцинство или на едниот да му се зголеми бројот а на другиот да му се намали. Ова е природен пораст. Ова е пораст кој сите сме го очекувале. Ние дури и не сме задоволни со бројот кој е даден затоа што ние не сме учествувале во сите фази на пописот, туку сме учествувале само ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Оставете го сега пописот. Тоа не е на дневен ред.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Претседателе, од страна на пратениците постојано се спомнуваше пописот и затоа не е потребно од страна на одделни пратеници да се менуваат тезите и да се менува тоа што е на дневен ред. Затоа во оваа насока би сакал да бидам малку појасен и малку поконцизен, во се она што претставува закон за државјанство.

Многу дебати се водеа за овој закон, многу разговори се водеа и со граѓаните, се водеа дебати на ниво на експерти што навистина дадоа забелешки и сугестии во однос на предлозите дадени од Владата.

Јас никаде не видов дека Владата односно Министерството за внатрешни работи ги замало за предвид сите забелешки кои се направени во однос на овој закон, односно првата верзија на овој закон, а сегашниот закон, не бил во функција на граѓаните.

Со измените и дополнувањата што се направени денес законот ќе биде во функција и интерес на граѓаните за реализација на нивните потреби.

Јас многу пати имам повторувано и денес ќе кажам дека проблемите не се во членот 7 што денес цел ден се спомнува. За нас и за мене лично не е значајно тоа дали ќе бидат 8 или 10 години рокот за добивање на државјанство. За мене многу позначаен е членот 14 кој денес фигурира во законот, меѓутоа не е таков каков што треба да биде и да ги задоволува интересите на граѓаните. Дури ни во една држава не може да се обвини некој за кривично дело и априори да се обвинува, додека тоа не се докаже. Тоа може да го докаже само судот. Претходно никој не смее да го одбие некој граѓанин за стекнување на државјанство, доколку тоа кривично дело што е покренато против него, не се потврди од судот. Затоа во тој правец членот 14, со сите недостатоци што ги има, треба да се прифатат амандманите кои се дадени за член 14. Не смее да се условува граѓанин на Република Македонија да добие државјанство, тој не треба да има кривично дело. Јас и претходно кажав, има, не знам колку кривични дела што ги предвидува Кривичниот законик на Република Македонија. Или ќе се направи селекција на тие кривични дела, или пак соопшто тоа не треба да биде дел на законот поради тоа што со тоа истовремено се одбиваат граѓаните да се стекнат со државјанство. Јас секогаш говорам за оние граѓани на Република Македонија што без нивна вина останале без државјанство, по осамостојувањето на Република Македонија. Ниту еден од тие граѓани не беше виновен што се распадна бивша Југославија, бидејќи во тоа време албанците живееја во Македонија, на Косово, Прешево во Црна Гора, но беа граѓани на Југославија и тие се движеа во рамките на нивната држава. За мене се неприфатливи тезите, некој што сака да ги подели албанците како домашни албанци и .... Оваа теза треба да се одбие, бидејќи никој во оваа држава не е повикан да ги дели албанците така што му одговара. Овие се подобри, тие биле полојални, а другите не се лојални. Сите тие без оглед на нивното потекло, дали се од Полог или од Куманово, или не знам од каде тие се албанци на Република Македонија, или пак албанци кои доште во 50-тите години или 40-тите години од минатиот век и живеат тука во Република Македонија. Сега тие луѓе имаат проблеми со државјанството, иако ги исполнуваат сите услови да бидат граѓани на Република Македонија. Никој не го прашал него дали Македонија ќе се осамостои, што ќе правиш ти, дали Југославија ќе се распадне, што ќе правите вие, кога тој целиот свој живот го посветил на Република Македонија.

Зошто, никој не го спомна, доколку говориме за другите членови од законот за кој станува збор, нема држава, оваа држава е на Македонците, ќе биде држава само на Македонците. Не треба да се оддалечуваат или отстрануваат Македонците кои имаат потреба од Македонија. Република Македонија ја сочинуваат нејзините граѓани, без оглед дали се тие Македонци, Албанци, Турци, Власи, Срби, Роми, итн и сега државјанство добива граѓанин на Република Македонија, бидејќи државјанство е правно поврзување со државата. Тоа треба така да го прифатиме. Зошто никој денес во Парламентот не рече дека во 50-тите години, од оваа Македонија се отстранети толку и толку Албанци и тие заминаа во Анадолија - Турниција. Која политика беше таа политика тогаш. Затоа во овој правец не би требало да се занимаваме со вакви тези дека ние треба да ги делиме Албанците на добри Албанци и лоши Албанци, на лојални и нелојални Албанци, на домашни и надворешни Албанци. Државата треба да создаде услови со одредени механизми сите граѓини да ги направи лојални на оваа држава, а лојални државјани ќе бидат тогаш кога ќе ги видат измените и дополнувањата на постоечките закони кои ќе бидат закони за сите граѓани, нема да бидат граѓани од прва или втора категорија. А да ги направиме измените и дополнувањата на законите, треба да се имаат предвид сите забелешки и сугестии што доаѓаат од сите страни, за да направиме навистина еден добар закон кој ќе биде од корист за сите граѓани. Сите тие измени и дополнувања на овие закони се прават само за да се подобри животот и стандардот на граѓаните, за да биде државата поблиску до граѓаните, преку законите. Затоа јас мислам дека во овој правец треба повеќе да се занимаваме со есенцата на законот отколку со тоа каква ќе биде демографската слика во Македонија, откако ќе се усвои овој закон итн. Ние ги имаме податоците од МВР, тие ни се дадени, на секоја партија или пак на секоја парламентарна група и ако не се точни, не знам колку да се тие големи, за политички дневни интереси, тие бројки можеме да ги зголемиме, само да создадеме тензии кај граѓаните или меѓу етнички тензии во државата. Направивме поинакви консултации добивме празни информации, добивме и информации од обични граѓани, во секој дел од државата каде што бевме. Бројот на овие граѓани кои немаат државјанство, не е голем, но е есенцијален. Но ако и еден граѓанин на Република Македонија, нема државјанство, тоа е штетно за Македонија. На крајот на краиштата Македонија сака да има граѓани, без државјанство, или со државјанство, да има рамноправни граѓани? Тоа, бидејќи покрај обврските што ќе ги има како секој секој граѓанин, тој ќе ги има и бенифициите

како граѓанин на државата, значи бенифиции кои му припаѓаат, бидејќи тие бенифиции, тие права му ги гарантира државата.

Што се однесува до членот 14 јас мислам дека таму има и амамдман од нашата партија, можеби и од некоја друга партија има амандман. Мислам дека таму треба да се отстрани она што се ограничува, ако нема кривично дело. Токму овој правец станува збор, и забелешката од Роберто Ламбони, директор за правна соработка, кој верувам ќе испрати порака каде што вели дека тука се кршат или се газат основните права и принципи за слободи и права. Мислам тоа треба да се земе предвид од страна на МВР, затоа што навистина ја расипува есенцата на законот, за да нема никакво разбирање во тој правец. Значи нема да бидеме тие што ќе го доближиме законот до граѓаните, за да се здобијат со оној документ што е во нивни интерес, во интерес на граѓаните. Мислам дека ќе се направи голема грешка доколку претходно човекот или лицето против кого е подигнато некое обвинение, без да се потврдат тие обвиненија, може да не му се даде документ што се нарекува државјанство.

Второ, би било добро и е за поздравување доколку му се одземе дискреционото право на МВР, на секој граѓанин кој е одбиен од државјанство, тоа треба да се надополни бидејќи е јасно за граѓаните и за мене како пратеник и граѓанин на Република Македонија. Со дискреционото право тој е одбиен, а никаде нема одговор зошто тој е одбиен. Доколку тоа законски не се реши, доколку тоа остане во бирократските канцеларии, по фиоките, граѓанинот никогаш нема да добие образложение зошто е одбиен да се стекне со државјанство. Мислам дека треба да се подобрат сите овие работи. До денес сите тие одбивава во однос на државјанството се добиени од ДБК и најголем број на граѓани кои аплицирале за државјанство биле Албанци. Во тој правец имаме амандман, мислам и други партии имаат дадено такви амандмани. Значи тоа да се ограничи на 60 дена. Доколку не се лимитира тоа, бидете убедени дека не сме направиле никаква работа, бидејќи повторно ќе остане тоа дискреционо право, ќе остане по кабинетите и фиоките на МВР, ќе остане 2, 3, 4 или 5 години, а истите граѓани ќе останат да страдаат бидејќи нема да добијат државјанство. Ние имавме неколку емисии на Државната телевизија, каде што директно се одело по куќите на тие што немале државјанство. Видете, цели семејство има, но еден или двајца членови од семејството немаат државјанство, со образложение дека тие се опасност за државата. Дали ние треба да кажеме, некој треба да биде без државјанство, треба да се отстрани од државата, без оглед што е роден во државата Република Македонија, тој обезбедил

егзистенција, ги обезбедил сите работи кои се предвидени со закон за да се стекне со државјанство. Во овој правец сакам да ги демантирам сите оние кои велат дека ќе се зголеми бројот на Албанците во Република Македонија доколку се усвои законот за државјанство. Ова е една теза, која не е во согласност со реалноста. Албанците државјанството го добиле тогаш кога требало да се добие, тогаш кога Републиката се осамостои. ДУри тогаш ние се обвинувавме дека ПДП дозволиле 150 илјади државјанства итн поради разни интереси. Но доколку се мисли дека имаме таков механички прилив како што го велат некои пратеници во Парламентот. 1999 година имаше војна во Косово. Сите Косовари кои дојдоа во Република Македонија тогаш беа толку незадоволни со политиката на Македонија, бидејќи тогаш се рече овие Албанци кои се во Македонија, заврши војната во Косово, НАТО влезе во Косово дали остана некој граѓанин од Косово во ? Ниту еден не остана. Сите се вратија во своите домови. Нема механички прилив, туку има граѓани, дури и Албанци кои без нивна вина останале без државјанство на Република Македонија. На тие луѓе нема да им го регулираме тоа право. Без тоа немаме перспектива сите ние заедно без нив. Тоа еднаш за секогаш треба да ни биде јасно и да ги оставиме обвинувањата еден кон друг, да бидеме во функција на тоа како да го подобриме животот и стандардот кај граѓаните, да бидеме поблиску до граѓаните, затоа што само со полемики и реплики, подигајќи го политичкиот дневен рејтинг, верувајте ми нема да го решиме проблемот, или проблемите кои стојат пред нас.

Овој закон го предложивме не сега. Ние таков закон предложивме пред 4 години. Владата рече тогаш ние ќе предложиме подобар закон, повлечете го и ние како ПДП го повлековме законот, но од Владата не дојде ниту еден закон. Пред еден месец кога ние го предложивме како закон, го ставивме во движење механизмот во Владата и Владата денес предлага нов закон. Меѓутоа тој закон не ги исполнува сите барања. Не е тоа закон кој ќе биде 100% во корист на граѓаните, но со некој амандмани кои се поднесени, доколку има сенс во МВР тие да се прифатат во корист на граѓаните кои останале без државјанство, тогаш ќе ја реализираме нашата дамнешна заедничка идеа, не само на една етничка заедница. Од друга страна, нема да се согласам со некои амандмани кои се поднесени во врска со овој закон кои и натаму ќе го расипат законот. Јас како пратеник, верувајте, доколку се прифатат ваквите амандмани кои прават категоризација на граѓаните на Република Македонија, во прва, во втора категорија, или пак прават категоризација на граѓаните на Македонци и Албанци, верувајте дека тој закон нема да биде во корист, туку од штета за сите нас, затоа што сме ние граѓани на Република Македонија, ние

сме родени тука и ние тука ќе дејствуваме, ќе бидеме активни, ќе работиме заедно, да создадеме услови сите да бидеме рамноправни и сите да бидат тие, она што е право на државата, да им припаѓа на сите, рамноправно.

Тоа беа моите забелешки што требаше да ги има законот и за ситуацијата што се дебатира во последниве два - три дена за што треба да го дадам своето мислење околу тоа што значи закон за државјанство.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Вејсели.

Има збор пратеникот Ќенан Хасипи, а по него е пратеникот Блаже Стојановски.

Повелете господине Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван господине претседателе, ценети претставници на Владата, почитувани колеги,

Јас ќе се обидам, се разбира, во еден разумен временски интервал да ги изнесам моите гледишта околу поедини одредби од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за државјанство. Се надевам дека ќе биде прифатен од колегите и од претставниците на власта.

Имено, Законот за државјанство на Република Македонија датира од 1992 година и временската дистанца од над десетина години во практичната примена на овој закон укажа на низа недоречености во практичното решавање на индивидуалните случаеви и барања на граѓаните апликанти, а посебно во решавањето на прашањата на државјанството, произлезени од сукцесијата на поранешната СФРЈ.

Впрочем и во досегашниот период се правеа обиди од поедини политички субјекти пратеници, преку одредени измени и дополнувања на овој закон да се надминат недореченостите во него. Најпосле, членството во Советот на Европа и потпишувањето на Европската конвенција за државјанство како сублимат на досегашните искуства во оваа сфера ја наметна потребата од измени и дополнувања на постојниот закон за државјанство, со цел да се усогласи со Европската конвенција за државјанство.

Сакам посебно да нагласам дека Законот и концептуално и содржински треба да базира на начелото на превенција на бездржавјанството што е и духот на Европската конвенција за државјанство. Со други зборови, дизајнирањето на Законот треба да оди во правец бројот на граѓаните на Република Македонија без државјански статус да е што помал, дотолку повеќе што државјанскиот статус е неопходен предуслов во остварувањето на со устав и закон загарантираните права на граѓаните.

Измените и дополнувањата на Законот за државјанство, предложени од Владата на Република Македонија се солидна основа која преку комисиските расправи, парламентарната дебата и понудените амандмани може да резултира со добар законј кој не само што ќе биде компатибилен со одредбите на Европската конвенција, туку ќе ги респектира и спецификите на нашето поднебје.

Бидејќи материјата е суптилна, а во медиумите се лицитираше со најразлични бројки на граѓани кои преку овој закон ќе се здобијат со државјанство на Република Македонија .како и песимистичките тонови на поедини политички партии, здруженија на граѓани, како и организациите на македонците во дијаспората, дека со предложените измени се бришат македонците од дијаспората, ќе си земам за право, преку учество во оваа парламентарна дебата да ги изнесам моите размислувања околу предложените измени и дополнувања на законот.

Имено, во понудениот предлог, во членот 1 додаден е нов став 2 што прецизно го дефинира поимот државјанство и прави јасна дистинкција помеѓу државјанството и етничката припадност. На тој начин, најдиректно се елиминираат правните недоразбирања и се имплементира решение што произлегува од Европската конвенција за државјанство.

Освен тоа, чекор напред е направен и со членот 6 што го определува стекнувањето на државјанство по основ на раѓање, при што, со новиот предлог се опфаќаат категориите родители кои се со непознато државјанство или немаат државјанство. Иако е ова голем исчекор напред, сепак лично сметам дека останува простор и за пофлексибилни решенија особено во делот на стекнување на државјанство преку брак на странец со дсржавјанин на Република Македонија, каде се инсистира на непрекинат престој на територијата на Република Македонија во третата година од бракот. Овој услов понекогаш тешко се исполнува поради работните обврски на апликантот.

Паѓа во очи дека во Предлогот за измена и дополнување на Законот за државјанство целосно се редизајнира член 7 од постојниот закон за државјанство.

Иако лично сметам дека поголемиот дел од ставовите во член 7 се коректно формулирани, сепак поедини ставови од овој член заслужуваат коментар.

Ова, пред се се однесува на скратување на периодот на престој во Републилка Македонија од 15 на 8 години, како услов странец да стекне право на државјанство на Република Македонија, што е за поздравување. И, не само што е во согласност со препораките на Европската конвенција за државјанство, туку по мене и оптимално решение, слично на решенијата во повеќе земји.

Од друга страна, некои формулации, како што е формулацијата да се владее македонскиот јазик до тој степен што лесно може да се разбере со околината, по мене непотребно го оптоварува текстот и дека досегашното решение “ да се владее македонскиот јазик “ е сосема доволно. Дотолку повеќе што познавањето на македонскиот јазик  го потврдува посебна комисија при Владата на Република Македонија.

Предлог-законот предвидува и потпишување на заклетва за лојалност кон државата. Лично сметам дека за потпишување за лојалност кон државата воопшто не имплицира дека апликантот и дефакто ќе биде лојален на државата. Оттука, доколку на чинот за стекнување на државјанство сакаме да му дадеме свечен карактер поцелисходно би било давање свечена изјава.

Би сакал малку да се осврнам на ставот 8 од член 7 кој поаѓа од фактот приемот во државјанство на Република Македонија да не ја загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија. Евидентно е дека со ваквата формулација се укинува дискреционото право на МВР да утврдува опасност по безбедноста и одбраната на земјата. Лично очекувам дека новата формулација ќе овозможи органите да покажат коректност во утврдувањето на опасност по безбедноста и одбраната на земјата и дека на секој граѓанин кој ќе биде одбиен по овој основ, ќе му се даде и соодветно образложение. Со други зборови опасноста по безбедноста и одбраната на земјата ќе треба да бида образложени со конкретни активности на апликантот насочени кон загрозување на безбедноста и одбрана на земјата за да се превенираат можностите, како што беше истакнато и на комисиските расправи, стари и изнемоштени лица без никакво криминално досие да се означат како потенцијална опасност по безбедноста и одбраната на земјата.

Од друга страна, одредбата во Република Македонија и во државата чиј државјанин е да не бил казнуван со казна затвор во траење од најмалку една година, како услов за стекнување на државјанство на Република Македонија, лично сметам дека е престрог услов дотолку повеќе што казна затвор од една година не мора

секогаш да значи дека казнетиот има криминално досие и дека затвор од една година може да се добие и за дела од некриминална природа, како на пример една обична сообраќајка. Токму поради ова сметам дека подобро решение би било оваа одредба да ги опфаќа граѓаните кои одлежале затвор поради извршени тешки кривични дела.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми накратко да се задржам на новиот став 2, член 5 преку кој законодавецот го дефинирал поимот "иселеник" при што вели "иселеник во смисла на овој закон се смета граѓанин на Република Македонија кој се иселил од Република Македонија во друга држава освен во матична земја, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување и имотната и општествената положба.

Морам да напомнам дека ваквото дефинирање на поимот "иселеник" не е коректно, бидејќи се служи со фиктивен поим "матична земја" и одредена категорија граѓани, поточно припадници на одредена етничка заедница ги исклучува од можноста за стекнување на државјанство на Република Македонија.

Имено, законодавецот. не само што не го дефинира поимот "матична земја", туку преку ваквата формулација се става во улога да проценува која е матичната држава на граѓанинот на Република Македонија кој се иселува од неа. Со други зборови националното потекло на граѓанинот е основниот елемент во утврдувањето на неговата матична земја, што е во колизија со став 2 од член 5 каде, меѓу другото стојат и зборовите "без оглед на националното и социјалното потекло".

Оттука, произлегуваат неколку прашања:

Прво, што се подразбира под поимот матична земја?

Второ, дали матична земја на еден припадник на турската етничка заедница на пример е таа во која се родил и живеел, во која живееле неговите родители и предци или Република Турција поради фактот дека е припадник на турската етничка заедница?

Трето, ако матичната земја се утврдува согласно националната припадност на граѓанинот, согласно кои одредби од Уставот или позитивните законски прописи законодавецот на ваквите граѓани им го ускратува правото да се стекнат со македонско државјанство.

Најпосле, вака формулиран зборот "иселеник", дефакто се однесува на граѓани кои се иселиле во Република Македонија од други држави чии државјани

биле, во меѓувреме стекнале државјанство на Република Македонија и повторно се иселиле во државата од која што дошле.

Со оглед на тоа дека ваквото дефинирање на поимот иселеник е конфузно, во поедини делови контрадикторно, содржи фиктивен поим како што е "матична земја" и остава простор за најразлични толкувања, понудив амандман со кој во членот 5 став 2 по зборот "држава", зборовите "освен во матична земја" се бришат. Длабоко сум уверен дека ваквата амандманска корекција на поимот "иселеник" ќе овозможи иселениците да имаат еднаков третман при апликација за државјанство на Република Македонија без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалнот потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба.

Најпосле со ваквата формулација ќе се стави крај на волонтаристичките толкувања на поимот иселеник што беше сериозна пречка ваквите граѓани да се стекнат со државјанство на Република Македонија. Од тие причини искрено се надевам дека законодавецот ќе ги уважи овие документи и ќе го преиспита ставот 2 од член 5 на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија ди ќе го прифати сопствениот амандман. Впрочем, длабоко сум убеден дека ставот 2 од член 5 не би го издржал тестот на Уставниот суд од едноставна причина што е во колизија со уставно загарантираното право на граѓанинот на еднаквост пред законот.

Дозволете ми во кратки црти да се осврнам и на категоријата граѓани на Република Македонија кои живеат во Република Македонија, но кои поради најразлични причини, претежно од печалбарска природа живееле и работеле на просторите на поранешна СФРЈ. Оваа категорија на граѓани која е од најразлично етничко потекло, македонци, албанци, турци, роми, срби, власи, бошњаци и други, поради најразлични причини, неможност, неинформираност, немање финансиски средства и слично не успеале во предвиденот законски рок да поднесат барање за стекнување на државјанство на Република Македонија или пак од најразлични причини не се здобиле со таков статус. Денеска, дури сме сведоци на апсурдни ситуации кога во едно исто семејство поедини членови немаат државјанство на Република Македонија иако се родени во Република Македонија, живеат и работат во неа и се дел од тоа семејство.

Членот 14 од измените и дополнувањата на Законот за државјанство се однесува токму на оваа категорија на граѓани и е чекор напред во однос на досегашното решение. Во првичната верзија на овој член стоеше одредба за

апликантот, доколку против нив не се води кривична постапка што Владата ја корегира со дополнителен амандман, од едноставна причина што водењето на кривична постапка априори не значи дека сторителот е виновен, а освен тоа кривична постапка може да се води и за дела што по својата природа не би смееле да бидат пречка по стекнувањето на државјанскиот статус.

Од досега искажаното, јасно произлегува дека има простор преку одредени амандмански корекции не само на член 14, туку и другите делови на Предлогот на законот да се допрецизираат текстот на законот, со цел да се олесни практичната примена на овој закон. Впрочем целта на овие измени и дополнувања на законот е токму да се надминат недореченостите во него за да можат апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон без проблеми да се стекнат со државјанство на Република Македонија.

Мислам дека понудениот текст на законот со одредени амандмански корекции дефакто ќе го обезбеди потребниот баланс помеѓу државниот интерес од една страна и граѓаните кои бараат да го решат државјанскиот статус од друга страна.

Токму од овие причини сосема се депласирани тезите дека Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство е типично политичко прашање, дека неговото донесување треба временски да е врзано со резултатите од пописот што веќе ги имаме и целосното стабилизирање на безбедносната ситуација во земјата, а уште помалку предлозите за неговата одложена примена. Апликантите за македонско државјанство, колеги пратеници не прават политика. Ним им е тоа неопходна потреба за да ги уживаат правата, но и обврските како и сите други државјани на Република Македонија. Голготата на поедини граѓани апликанти премногу долго трае за да се дозволи луксузот на одложена примена на овој закон.

Напротив, што поскоро решавање на прашањата од оваа сфера, примена на решенијата од Европската конвенција за државјанство, не само што ќе значи чекор поблиску до ЕУ, туку истовремено ќе значи намалување на бројот на граѓани без државјански статус, што е во согласност со општо прифатеното начело за превенција на бездржавјанството.

Најпосле, строго прецизирани одредби на Законот ќе значат крај на волонтаристиките толкувања на законот и ослободување на апликантите од голготите на институцијата шалтер, како и примери што беа изнесени на комисиските расправи и во поплаките на одреден број на граѓани во Република Македонија.

Оттука, почитувани колеги ни се пружа извонредна можност преку дизајнирање на квалитетен закон за државјанство на Република Македонија на граѓаните апликанти да им го олесниме патот до овој свечен чин, чинот на стекнување на државјански статус.Длабоко сум убеден дека ние тоа не само што можеме, туку и мораме да го направиме во интерес на оние кои не изгласале во овој законодавен дом за да ги штитиме нивните интереси.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Хасипи.

Почитувани пратеници,

Јас сега имам еден проблем што едино можам да го решам со помош на господинот Аднан Јашари. Имено, господинот Стојановски Блаже се откажува од расправата во име на пратеникот Груевски. Е сега, тука е изборот. Вас ве прашувам дали може, бидејќи ако господинот Стојановски дискутира нема да стигнете, тој слично како јас по половина час дискутира, а господинот Груевски вети дека ќе биде краток па може и вие да дојдете на ред.

Дозволувате ли?(Да)

Повелете господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван господин претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани претставници на Владата, претставници на медиумите,

Поаѓајќи од основната дефиниција на државјанството како правна поврзаност помеѓу поединецот и државата од која произлегуваат права и обврски за двете страни и земајќи ја во предвид осетливоста и значењето на ова прашање особено е важно да се има предвид фактот дека и покрај постоењето на бројни меѓународни документи, утврдувањето на условите од кои странските државјани или лицата без државјанство се стекнуваат со државјанство. Прашањето за уредување на условите за негово стекнување секогаш спаѓа во редот на најзначајните суверени права на секоја држава.

Во таа насока Република Македонија е слободна да го уреди прашањето на државјанството во рамките на своите потреби и стратешки, национални интереси и долгорочни и политижки определби. За жал, актуелната Влада при предлагањето на законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство го маргинализира и

крајно го потценува ова прашање. Повеќе аргументи одат во прилог на оваа теза. Ќе набројам неколку од нив.

Прво, како на шега законот за измена и дополнување на Законот за државјанство се предлага по итна постапка, како да се работи за техничка редакција, техничка корекција, а не за промени од суштинско значење и тоа во делот кој директно го таргетира едно од суштинските обележја на секоја држава нејзината нација. Притоа, дополнително се генерираат и долгорочни социјални, економски, политичко безбедносни и демографски последици за Македонија и со тоа го доведува во прашање постоењето на македонската држава.

Второ, ако во најоптимистичко сценарио се обидеме да поверуваме дека благородната намера на Владата е да го усогаси законот со европските и светските стандарди за доброто на сите нас и побрза интеграција на Република Македонија во Европската унија, тогаш некако ќе најдеме разбирање за дел од измените кои преку дефинирање на поимите член 1 од измените ја нагласуваат определбата за недискриминација и усогласување на законот со Европската конвенција за државјанство, сепак, квантитативно малите измени во законот водат кон енормни квалитативни промени.

Трето, измените на членот 8 се рамни на национално предавство на земјата. Имено, претпоставениот национален интерес за сите граѓани по потекло од Република Македонија е Тројанскиот коњ кој отвора широка можност за прием во македонско државјанство на огромен број на лица. Сосема е ирелевантен аргументот дека оваа категорија ги опфаќа и македонците по потекло. Она што загрижува се околу 220 илјади лица кои транзитно преку Република Македонија по основ на Југословенско-турскиот договор заминаа во Република Турција во периодот од средината на 50-тите до крајот на 60-тите години. По основ на овој договор речиси целото муслиманско население од просторите на поранешна Југославија муслимани, срби, албанци, бошњаци, од Санџак, Косово, Босна и тн., преку Македонија со обезбедено републичко македонско државјанство и престој во Република Македонија за определен период се исели во Република Турција и доби прием во турско државјанство. Исто така голем број на припадници на албанското малцинство кои се иселиле во западно-европските држави, во Швајцарија, Германија, Италија и тн. ќе добијат можност за прием во македонско државјанство во овој основ. Уште повеќе во перспектива откако гореспоменатите лица ќе се стекнат со македонско државјанство надоаѓа уште една лавина од потенцијални државјани на Република Македонија, тоа се нивните брачни другари кои според член

9 од Предлог-законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство како странски државјани кои се во брак со македонски државјанин најмалку 8 години, а кои законски и постојано живеат во странство, имаат цврста и ефективна поврзаност, можат да се стекнат со државјанство со природување. Токму овде лежи една темпирана бомба која може да предизвика демографска експлозија во Република Македонија.

Четврто, сега кога резултатите од пописот се познати, македонската јавност заслужува најмалку една сеопфатна анализа за економските ефекти од овој закон. Врз основа на бројот на лица кои имале пријавено живеалиште во Република Македонија на 8 септември 1991 година, а кои не се носители на македонско државјанство лесно може да се предвиди бројот на потенцијални апликанти за прием во македонско државјанство според член 14 од Предлогот за измени и дополнувања на Законот за државјанство.

Врз основа на нивниот социјален статус и податоците за нивното вработување Владата може и мора да направи проекција за бројот на лица кои ќе остварат право на бесплатна здравствена заштита по основ на невработеност и право на социјални примања за да на крај даде одговор по прашањето дали средствата за покривање на овие трошоци се обезбедени во следниот буџет. Повеќе од очигледно е прашањето на државјанство не е најдобар избор за промоција на демократските определби и толеранција кон етничките заедници на актуелната власт. Ова е пресвртница каде што навидум техничките прашања стануваат суштински и ги палат алармите за примена на заштитни механизми на една држава. Затоа Македонија како суверена држава, без оглед на тоа кој е на власт, треба и мора да ги брани своите национални долгорочни интереси преку сите механизми кои и стојат на располагање. Во случајот, определувањето на условите за прием во државјанство по основ на натурализација член 7 е само еден пример.

Во услови кога од еден до друг попис разликата меѓу македонското и албанското население околу 5-6% во полза на албанското население, пад на учеството на македонците во вкупниот број на население за скоро 3% и раст на албанците за речиси исто толку за прашања како што е државјанството единствено мерило не може и не смее да биде компаративното право. Ако сакаме да го зачуваме она што ни остана од државата за вакви прашања на Македонија и е потребна сопствена национална долгорочна стратегија која ќе кореспондира со нејзината спремност да се соочи со предизвиците.

Никој не е против усогласувањето на македонското законодавство со она на Европската унија и намалувањето на периодот за престој на помалку од 15 години. Но, не е спорен ни фактот дека Европската конвенција за државјанство утврдува период на живеење не подолг од 10 години, што значи законското решение со кое би се побарал престој во Македонија од 10 наместо 8 години комбинирано со одредби за примена на Законот во последната фаза пред влезот на Република Македонија во Европската унија е сосема поприфатливо решение и за нас, а веројатно би било прифатливо решение и за Европската унија.

Во спротивно, почитувани пратеници, блиску е денот кога во Македонија етничките македонци ќе станат малцинство. Се повеќе македонци си го поставуваат прашањето дали македонците се нација во изумирање. Треба да бидеме свесни дека без македонците ќе ја нема ни Македонија. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Груевски.

Господине Блажевски вие да се исклучите затоа што ви помина редот денеска, нема ни утре да добиете збор.

Господинот Макрадули реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Ќе се обидам да кажам само две работи, Законот за државјанство е за сите граѓани на Република Македонија и стравот и самоукажувањето дека една заедница добива и дека е тоа толеранција од владеачката партија или владеачкото мнозинство спрема една заедница, мислам дека не држи, бидејќи сигурно постои барем еден роднина на еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ што ќе добие државјанство и мислам дека нема да биде деградиран или дискриминиран со тоа што ќе добие државјанство. Сигурно постои барем еден.

Второ, да го потсетам господинот Груевски дека она што пред малку го кажа господинот Трајановски дека во 2000 година Владата на Љупчо Георгиевски поднесе закон во Собранието во кој точно стоеше 10 години, а да го потсетам господинто Груевски дека тој беше министер во таа Влада и тој стоеше зад тој предлог. Сега пак ќе зборуваме за аргументи, пак ќе зборуваме за лицемерие, можеме и цел ден, но тоа се фактите и од тоа нема бегање. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално повелете господине Дојчиноски.

КИРО ДОЈЧИНОСКИ:

Јас лично мислам дека вие како претседател не треба да правите мунасип со редоследот на дискутантите. Деловникот го регулирал прашањето кој како се пријавува и како стекнува право на дискусија. Тоа е една работа.

Пратениците овде се рамноправни независно дали е некој претседател на политичка партија или не. Во случајот вие тоа го направивте. До сега е невидена таа работа. Независно од тоа дали некој од пратениците се откажал или на другиот му барате да се откаже, односно да го смени местото.

Би ве замолил во иднина тоа да не го правите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прифаќам, но јас побарав помош.

КИРО ДОЈЧИНОСКИ:

Тоа е мунасип.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, во право сте, после две недели раководење една грешка е дозволена.

Контрареплика за господинот Груевски од една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Ценам дека репликата на господинто Макрадули беше само обид за дефокусирање од темата.

ХАРИ КОСТОВ:

Накратко, со оглед на кратката дискусија само неколку елементи.

Прво, независно дали законот беше доставен до Собранието со барање по итна постапка да се донесе, ние сме повеќе од два месеци веќе во еден вид јавна расправа по овој закон. Еве неколку дена во Собранието, претходно и на комисиите и во целокупната јавна расправа јас не слушнав до сега ниту еден нов аргумент освен оние во кои веќе одговоривме било во дебатни емисии, било на комисиските расправи, на крајот на краиштата и со воведното излагање по овој закон.

Кога ќе имаме некои нови аргументи и оценка дека треба навистина некои решенија од овој закон да се преиспитаат, тогаш да седнеме и да ги преиспитаме.

Уште еднаш најенергично демантирам дека со законското решение со членот 8 се врши било какво национално предавство. Според тоа, ако имаме проблем со читањето и разбирањето на законот тука не можеме да помогнеме.

Уште еднаш да повторам било кој што живее, роден во Албанија, Грција, Бугарија, соседна Србија секој од таа страна ако е роден таму, да не мешаме што е национална припадност, што е државјанство. Ако е роден во Грција е сигурно државјанин на Република Грција, може да се чувствува по националност како припадник на македонскиот народ и според тоа како национален интерес го има полното право по член 8 да си аплицира и да стекне македонско државјанство.

Според тоа, уште еднаш навистина со членот 8 не се врши никаква рестрикција.

Овде во дискусијата беше напаѓано и решението во член 11, договор Југославија-Турција, меѓутоа би молел да ми се објаснат некои решенија издадени на 31 јули 2002 година се прима во државјанство на Република Македонија Џафер Бајмалоглу, потпишан министер Љубе Бошкоски исто по тој член 11.

На 30 септември 2002 година исто по тој член 11 повторно потписник Љубе Бошкоски, еден куп такви примери.

Деновиве повторно е актуелно прашањето околу пописот и денеска на неколку пати слушнавме пописот, пописот, господине Макрадули. Би сала да прашам каква разлика, каква врска има пописот и прашањето на државјанството. Дали тоа значи дека некоја партија во Република Македонија, некој и над Парламентот и над законодавната власт во Република Македонија донел одлука дека 0,48% власи во Република  Македонија е доволната бројка за власи државјани на Република Македонија. И од утре било кое младо дете новороденче чиј татко и мајка се исто власи, а родени државјани на Република Македонија кои имаат стан, кои работат во Република Македонија, кои отслужиле војска, плаќаат даноци е, тоа новородено дете не може да биде државјанин на Република Македонија затоа што е веќе надмината квотата од 0,48% кој некој севишен ја определил дека е доволно да бидат државјани на Република Македонија со етничко потекло власи. Таква работа е неприфатлива и нема никаква релација пописот и државјанството токму од овие причини што ги кажав.

На крајот, Македонија ќе ја има и ќе ја има и со македонците, и со албанците и со србите и со муслиманите и со турците и со сите тие што живеат во оваа држава, се државјани на Република Македонија и се лојални на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски имате реплика од една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Прво, околу јавната расправа да го потсетам министерот дека јавна расправа немало, тоа што пред два месеци законот стигнал во Собранието тоа значи дека два месеци талка околу администрацијата во Собранието, а Владата немаше и не даде можност за јавна расправа. Доколку цените дека јавна расправа е тоа што неколку медиуми самоиницијативно си го земале материјалот од Собранието и го искоментирале тоа е погрешно разбирање на нешто што се вика јавна расправа.

Втор момент што исто така би било добро, ако е во можност министерот да одговори, колку личности од пописот се попишани без да бидат државјани на Република Македонија.

Трет момент е кога се зборува за сите овие работи дека македонците што се надвор од Република Македонија ќе добијат државјанство да покажам едно решение со кое се одбива барање за прием во државјанство на Република Македонија на Македонец од горанците. Еве го тоа решение, може да биде пренесено...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви истече минутата.

Контра реплика нема, одговори на пратенички прашања си има седница.

Сега има реплика господинот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам претседателе, господинот Груевски на говорницата искажа многу бомбастични зборови од типот на демографски бомби, демографски експлозии, национално предавство, тројански коњи.

Мислам дека е неодговорно иако демкратски на опозицијата го има тоа право да ги соочува аргументите, меѓутоа, не значи дека ако е некој опозиција може секогаш се да каже во недостаток на аргументи, а секако тоа звучи многу интересно

за јавноста. Мислам дека не треба на таков начин да ги потценуваат граѓаните и јавноста, меѓутоа, тоа е одговорност на опозицијата и нивниот настап.

Конректно сакам да искажам дека она што беше кажано од господинот Груевски по член 8 дека се загрозува националниот интерес на македонците затоа што господинот Груевски очигледно не го дочитува односно прагментарно го чита законот и ги пласира во јавноста оние работи кои само ним им одговараат да ги прикажат на еден невистинит начин, односно со нецелосно читање на законот.

Ставот 3 од членот 8 гласи дека Владата на Република Македонија со уредба ќе ги утврди критериумите за особен, научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство во смисла на ставот 1 на овој член кој го коментира господинот Груевски и кој го прочита само парцијално. Значи, кога ќе се прочита законот во целина се добива сосема друга слика, бидејќи апсолутно Владата ги утврдува критериумите за да го заштити својот државен и национален интерес на македонците. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Аднан Јашари реплика од три мунути.

Јас ве молам да се јавувате на време затоа што ве гледав дека се консултиравте.

Господинот Груевски една минута реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Уште еднаш би потсетил дека со овој закон македонците по потекло се поистоветуваат со странци. Доколку тоа за вас е прифатливо, тоа е веќе нешто друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете  господине Јашари три минути.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам господине претседателе.

Со внимание ја слушав дискусијата на господинот Груевски и доаѓам до заклучок дека господинот Груевски е во спротивност со самиот себе. Како прво господинот Груевски вели дека не е против хармонизацијата на овој закон со Европската конвенција за државјанство и нема ништо против оваа конвенција и

добро е што се изјаснува така затоа што тие се тие што ја потпишаа Европската конвенција и се друго би било смешно, навистина.

Од друга страна се спротивставува на предложените мислења во предлог-текстот за измени и дополнувања на Законот за државјанство, во ниту еден случај не рече која одредба е во спротивност со Европската конвенција. Нека излезе господинот Груевски и нека каже која од одредбите на текстот се во спротивност со Европската конвенција за државјанство. Ве молам, нека излезе и нека каже. Членот 5 од Европската конвенција е многу јасен, се забранува било каква дискриминација од етничка, верска и друга припадност. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Во преамбулата на Европската конвенција јасно стои дека оваа конвенција нема обврзувачко дејство. Увидувајќи дека во однос на прашањата за државјанство треба да се земат предвид и легитимните интереси на државата и интересите на поединците. Читам делови од Европската конвенција за државјанство. Треба да се земат предвид и легитимните интереси на државата и интересите на поединците. Мислам дека јасна е поентата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема повеќе реплики.

Сега треба да настапи пратеничката Лилјана Поповска, но јас не ја гледам.

(Во моментот влегува госпоѓа Поповска)

Бидејќи е тука, а имаме уште три дискутанти, со ова ја затвараме седницата, најавувам дека утре може да работиме и после 17,00 часот за да ја завршиме оваа точка од дневниот ред.

Утре почнуваме во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).